Република Северна Македонија
Министерство за економија и труд

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e ekonomisë dhe e punës

# Стратегија за МСП 2025-2030




ноември 2025

# СТРАТЕГИЈА
# ЗА
# МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА
# 2025-2030
# НА
# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ноември 2025

Оваа публикација е поддржана од проектот ЕУ за развој на мали и средни претпријатија, финасирана од Европска Унија.

Анализата и резултатите во оваа публикација ги претставуваат мислењата на авторите  и не ги одразуваат ставовите на Европската Унија.

# Предговор

Во својство на Министер за економија и труд на Република Северна Македонија, чест ми е да ја претставам Стратегијата за Мали и средни претпријатија 2025-2030 година на Република Северна Македонија, сеопфатна рамка која поставува насока за развој, конкурентност и отпорност на нашите мали и средни претпријатија во наредните години.

Малите и средни претпријатија се основата на нашата економија. Тие претставуваат најголем дел од претпријатијата, обезбедуваат можности за вработување за голем дел од населението и играат витална улога во поттикнувањето на иновациите, регионалниот развој и општествената одговорност. Зајакнувањето на нивната конкурентност не е само економска неопходност, туку и стратешки приоритет за постигнување одржлив и инклузивен раст, подобрување на меѓународната позиционираност и усогласување на нашиот развој со стандардите и најдобрите практики на Европската Унија.

Стратегијата за МСП 2025–2030 година се темели на јасна визија: Да се создаде поволна средина во која МСП можат да напредуваат, да се шират и да креираат иновации. Таа е развиена преку инклузивен процес базиран на докази, кој опфаќа широки консултации со претставници од приватниот сектор, јавните институции, академијата и граѓанското општество. Партиципативниот пристап потврдува дека мерките утврдени во овој документ ги одразуваат реалните предизвици и аспирации на нашите претприемачи, додека се потпираат на меѓународните искуства и на еволутивната рамка на политиките на ЕУ.

Клучните приоритети на Стратегијата вклучуваат:

- Конкурентен национален претприемачки екосистем;
- Пристап до финансии;
- Зелена и дигитална транзиција.

Фокусот е насочен кон олеснување на пристапот до финансии за малите и средни претпријатија, поддршка на иновациите, истражувањето и дигиталната трансформација, поттикнување на претприемништвото и развојот на вештини, зајакнување на извозниот потенцијал и интернационализацијата како и унапредување на зелената транзиција и циркуларната економија. Овие приоритети одговараат на најголемите предизвици на денешницата - климатските промени, дигитализацијата и конкурентноста на глобалните пазари, а истовремено ја подготвуваат нашата економија за можностите на иднината.

Министерството за економија и труд, како одговорна институција, ќе го води и координира спроведувањето на оваа Стратегија. Сепак, успешната реализација ќе зависи од активното

ангажирање и партнерство на многу чинители: Владини тела, регионални и локални власти, финансиски институции, деловни здруженија, стопански комори, академија и организации на граѓанското општество. Со поттикнување на духот на соработка и заедничка одговорност, се стремиме да создадеме синергија што ќе го зголеми влијанието на предвидените мерки.

Подеднакво важна е и посветеноста на редовно следење и оценување на Стратегијата. Со систематско оценување на напредокот, идентификување на областите за подобрување и обезбедување транспарентност и отчетност, ќе можеме да ги прилагодуваме политиките и да го одржуваме темпото на напредок во периодот 2025–2030 година. Овој процес ќе ја зајакне довербата меѓу институциите, бизнисите и граѓаните и ќе ја покаже нашата решеност да ги претвориме зборовите во резултати.

Усвојувањето на Стратегијата за мали и средни претпријатија 2025–2030 година означува одлучувачки чекор кон градење посилна, поконкурентна и поиновативна економија. Исто така, ја одразува нашата посветеност на европската интеграција, бидејќи наведените мерки се во согласност со принципите и приоритетите на политиките за мали и средни претпријатија на Европската Унија. Со усогласување на нашите национални напори со европските стандарди, создаваме темели за зголемена конкурентност, подобрена прекугранична соработка и подлабока интеграција во единствениот пазар.

Би сакал да им изразам искрена благодарност на сите партнери и засегнати страни кои придонесоа за подготовката на оваа Стратегија. Нивната експертиза, посветеност и конструктивен дијалог беа клучни во обликувањето на документ кој е и амбициозен и реалистичен. Преку таков дух на соработка ќе можеме да обезбедиме малите и средни претпријатија да останат во срцето на нашиот економски и социјален развој.

Гледајќи напред, уверен сум дека спроведувањето на Стратегијата за мали и средни претпријатија 2025–2030 година на Република Северна Македонија ќе донесе мерливи подобрувања во деловното опкружување, поголеми можности за нашите претприемачи и трајни придобивки за нашето општество. Владата на Република Северна Македонија останува целосно посветена на поддршката на малите и средни претпријатија, препознавајќи ги како движечка сила на иновациите, создавањето работни места и одржливиот раст.

Да продолжиме напред заедно со решителност, одговорност и визија, градејќи динамичен сектор на мали и средни претпријатија што ќе придонесе за просперитет и благосостојба на нашите граѓани и ќе ја зајакне улогата на Северна Македонија во рамките на европското семејство.

**Бесар Дурмиши,**
Министер за економија и труд на
Република Северна Македонија

# Предговор

Малите и средните претпријатија (МСП) претставуваат столб на економијата на нашата земја. Тие сочинуваат најголем дел од активните деловни субјекти, значајно придонесуваат кон вработеноста и играат клучна улога во поттикнувањето на иновациите, конкурентноста и економскиот раст. Поддршката за растот и развојот на МСП не е само економски приоритет, туку и стратешка заложба за долгорочен и одржлив развој на земјата.

Стратегијата за МСП 2025-2030 обезбедува јасна рамка за дејствување на политиките, во согласност со националните развојни приоритети и интеграцијата на земјата во Европската Унија. Таа е прилагодена на постојаните потреби на МСП за раст и развој, со фокус на клучни области како што се: пристап до финансии, дигитална трансформација, капацитет за иновации, развој на претприемништвото, извозен потенцијал и зелена транзиција. Приоритетните области беа дефинирани преку експертска анализа и меѓуинституционален дијалог, обезбедувајќи стратешка релевантност и практична примена. Исто така, документот ги одразува принципите на Актот за мали бизниси на ЕУ и пошироките европски политички цели, овозможувајќи им на нашите претпријатија подобро да се позиционираат на регионалните и европските пазари.

Оваа Стратегија е резултат на сеопфатен и инклузивен процес. Како раководител на Работната група за изготвување и мониторинг на спроведувањето на Стратегијата, би сакал да ја изразам мојата искрена благодарност до сите членови на работната група, чија посветеност и експертиза беа клучни во нејзината подготовка. Групата беше составена од претставници од повеќе министерства, државни институции и агенции, универзитети, стопански комори и други релевантни организации. Конструктивната соработка, професионализам и посветеност овозможија Стратегијата да биде усогласена со потребите на МСП, но и со долгорочните национални и ЕУ политики.

Дополнително, би сакал да изразам посебна благодарност до ИБФ Консалтинг (IBF Consulting), чиј тим со висок професионализам и стручност го водеше целиот процес, обезбедувајќи вредна техничка и методолошка поддршка во сите фази од развојот на Стратегијата. Посебна благодарност упатувам и до Делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија, која обезбеди финансиска поддршка за подготовка на Стратегијата во рамките на проектот „ЕУ за развој на МСП". Нивниот придонес беше од суштинско значење за обезбедување структуриран, базиран на докази и меѓународно усогласен пристап.

Министерството за економија и труд со сите свои капацитети ќе го поддржи процесот на спроведување и следење на Стратегијата, во континуираната соработка со сите релевантни институции и засегнати страни.

Следењето, систематското оценување на резултатите и индикаторите за перформанси предвидени во Акцискиот план и известувањето по однос на Стратегијата, е од суштинско значење за да се обезбеди ефикасно спроведување на стратешките цели и да се процени влијанието на ефектите од нејзината имплементација. Редовното следење, оценување и известување ќе обезбеди отчетност, ќе овозможи навремени прилагодувања и ќе го одржи темпото на напредок во периодот 2025–2030.

Уверен сум дека спроведувањето на оваа Стратегија ќе придонесе за подинамични, иновативни и конкурентни мали и средни претпријатија, создавајќи нови можности и за бизнисите и за граѓаните. Преку координирана поддршка на политиките, институционална посветеност и партнерство со приватниот сектор, ќе ги зајакнеме темелите на одржливиот економски развој и ќе им овозможиме на малите и средни претпријатија да продолжат да поттикнуваат раст и просперитет во земјата.

**Јумни Адеми,**
Државен секретар во Министерство за економија и труд
Раководител на Работната група за изготвување и мониторинг
на спроведувањето на Стратегијата за МСП 2025-2030

J. Ademi

# Содржина

Содржина ........................................................................ 7
Табела на акроними ........................................................................ 8
1. Вовед ........................................................................ 9
Извршно резиме: ........................................................................ 9
Историјат ........................................................................ 10
2. Усогласување на Стратегијата со рамките на ЕУ, регионалните и националните политики ...... 12
2.1 Преглед на рамката на политики на ЕУ ........................................................................ 12
2.2. Преглед на рамките на политики за Западен Балкан ........................................................................ 19
2.3. Преглед на рамката на националната политика ........................................................................ 21
3. Методолошки пристап ........................................................................ 30
3.1. Користена методологија ........................................................................ 30
3.2 Вклучување на засегнатите страни во процесот на изготвување политики ........................ 32
4. Анализа на тековната состојба во секторот на МСП ........................................................................ 34
4.1. Анализа на секторот за МСП ........................................................................ 34
4.2. SWOT анализа и анализа на засегнатите страни ........................................................................ 42
4.3. Проценка на претходната Стратегија за МСП и преглед на други меѓународни проценки 44
5. Стратешка рамка ........................................................................ 52
5.1. Визија и мисија на Стратегијата за МСП 2025-2030 ........................................................................ 52
5.2. Приоритетни области на Стратегијата за МСП 2025-2030 ........................................................................ 52
Приоритет #1: Конкурентен национален претприемачки екосистем ........................................ 54
Приоритет #2: Пристап до финансии ........................................................................ 68
Приоритет #3: Зелена и дигитална транзиција ........................................................................ 74
6. Рамка за следење, оценување и известување ........................................................................ 79
6.1. Механизми за спроведување на Стратегијата ........................................................................ 80
6.1.1. Надлежни органи одговорни за следење, оценување и известување ......................... 80
6.1.2. Постапка и динамика на известување и оценување на постигнатите резултати – Рамка за следење, оценување и известување за Стратегијата ........................................................................ 82
6.2. Клучни показатели и индикатори кои ја покажуваат успешноста од спроведување на мерките и активностите на стратегијата за МСП 2025-2030 ........................................................................ 84
7. Управување со ризици ........................................................................ 91
8. Референци ........................................................................ 97
Анекс 1 - Акциски план ........................................................................ 99

# Табела на акроними

| | |
|---|---|
| АМБ | Акт за мали бизниси |
| БДП | Бруто домашен производ |
| ГЕМ | Глобално истражување на претприемништво |
| ЕЕН | Европската мрежа на претпријатија |
| ЕК | Европска комисија |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЗБ | Западен Балкан |
| ИКТ | Информатичка и комуникациска технологија |
| ИНОВА | Агенција за иновации, научно технолошки развој и претприемниптво |
| ИПО | Иницијална јавна понуда (Initial Public Offering) |
| ИРЗБ | Инвестициска рамка за Западен Балкан |
| ИиР | Истражување и развој |
| ЈИЕ | Југоисточна Европа |
| МДТ | Министерство за дигитална трансформација |
| МЕТ | Министерство за економија и труд |
| ММСП | Микро, мали и средни претпријатија |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| ОЕСР | Организација за економска соработка и развој |
| ПВР | Проценка на влијание на регулативата |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| СВОТ | Силни страни, слабости, можности и закани |
| СОИ | Следење, оценување и известување |
| СОО | Стручно образование и обука |
| УРБ | Услуги за развој на бизнисот |

# 1. Вовед

## Извршно резиме:

Малите и средни претпријатија (МСП) се носечкиот столб на секоја економија. Тие се главен работодавач и значително придонесуваат во бруто домашниот производ (БДП). МСП се често местата во кои се развиваат иновациите и нови бизнис идеи како и места во кои се охрабруваат претприемачки активности, поттикнувајќи ја креативноста и конкуренцијата на пазарот. Нивната флексибилност им овозможува лесно да се прилагодат на условите на пазарот во споредба со поголемите претпријатија. Овој сектор опфаќа различни целни групи, вклучувајќи ги и жените и младите, преку препознавање на нивните идеи, обезбедување можности за вработување и промоција на претприемништво преку промовирање на инклузивниот раст.

Состојбата со секторот на МСП не се разликува многу во Република Северна Македонија (РСМ) од таа во другите земји. Овој сектор во 2023 година претставува 99,7% од вкупниот број на претпријатија и вработува речиси 75% од вкупниот број на вработени. МСП се присутни во сите сектори и индустрии, постојано соочувајќи се со конкуренцијата, трендовите на пазарот и потребите и желбите на клиентите, но и со други работи кои произлегуваат од нивното работење.

Поддршката за развој на секторот на МСП е приоритет на секоја влада од осамостојувањето на земјата. Ова беше потврдено со усвојување на претходните рамки за политики за МСП кои ги обезбедија насоките и ги поставија целите што придонесоа за понатамошен развој на овој сектор.

Овој документ е продолжение на заложбите на Владата за поддршка на секторот на МСП преку спроведување на конкретни активности и мерки кои се преточени во форма на рамка за политики во која се дефинирани визијата и целите што треба да се постигнат во следниот период од 6 години. При изготвувањето на овој документ, беа земени предвид и научените лекции и искуството од спроведувањето на претходната стратегија за МСП, но и инпутите од членовите на работната група формирана од страна на Министерството за економија и труд (МЕТ) која даде поддршка при изготвувањето на оваа стратегија, како и сугестиите добиени од другите засегнати страни. Овој документ е усогласен не само со потребите на МСП, туку и со приоритетите на политиките на Европската унија (ЕУ), Организација за економска соработка и развој (ОЕСР) и националните стратешки рамки.

Стратешките приоритети се поделени во три главни столба што го дефинираат екосистемот во кој претпријатијата треба дополнително да ја зајакнат својата конкурентност, продуктивност и иновативност преку создавање на претприемачко опкружување кое го поддржува развојот на МСП, пристапот на МСП до финансии што треба да го забрзаат процесот на нивниот развој и рамка која промовира употреба на зелени и дигитални технологии.

Како национална рамка на политики, спроведувањето на оваа стратегија треба да биде одговорност на сите засегнати страни вклучени во екосистемот за поддршка и развој на

МСП. Стратегијата ќе биде придружена со акциски план, кој ќе дефинира конкретни мерки и активности кои ќе доведат до остварување на поставените цели и задачи.

## Историјат

Првата стратегија за МСП во РСМ беше изработена во 2002 година. Ова беше периодот кога Владата го потпиша Меморандумот за соработка со Европската комисија (ЕК) за учество во рамката на Европската повелба за мали претпријатија[1]. Оваа стратегија беше придружена со акциски план/програма во која беа дефинирани мерки и активности за промовирање на претприемништвото и зголемување на конкурентноста на МСП (за периодот 2002-2006 година).

Во 2006 година, стратегијата за МСП беше ревидирана и имаше за цел да придонесе за севкупно зголемување на вработеноста во секторот на МСП и за поголем придонес во БДП. Ова ревидирање имаше за цел да одговори на новите и тековни предизвици во секторот на МСП, вклучувајќи ја и потребата за усогласеност со барањата на Acquis Communautaire, особено оние што се однесуваат на МСП. Дополнително, измените вклучуваа давање фокус на прашања како што се претприемништвото, иновациите и Информатичката и комуникациската технологија (ИКТ), кои беа одлика на Рамковната програма за конкурентност и иновации на ЕУ (2007-2013).

Иако во периодот 2013-2017 година не постоеше специфична стратешка рамка за МСП, Владата преку спроведување на мерки и активности дефинирани во рамки на годишните програми на релевантните институции продолжи да го поддржува овој сектор.

Во 2017 година беше подготвена нова Стратегија за МСП која го опфаќаше периодот 2018-2023 година. Таа беше изработена врз основа на резултатите од претходната стратегија и приоритетите на Владата, земајќи ги предвид и рамките за политиките и целите на ЕУ. Во оваа стратегија беа дефинирани приоритети за подобрување на деловното опкружување за развој на МСП, истовремено зајакнувајќи ги напорите за подобрување на конкурентноста и иновациите. Стратегијата беше изработена нагласувајќи три стратешки цели. Согласно истите беа формулирани три столба, околу кои беа организирани специфични програмски интервенции.

Стратешка цел 1 - Да се создаде поволно деловно опкружување во коешто се поттикнуваат претприемништвото и инвестициите.

Стратешка цел 2 - Да им се помогне на МСП да станат високо продуктивни и конкурентни учесници на европскиот и другите меѓународни пазари.

Стратешка цел 3 - Да се поттикне економската конкурентност на земјата преку зголемување на претприемачкиот и иновативниот капацитет на МСП.

Неодамнешната оценка на оваа Стратегија покажа дека поради неколку фактори кои влијаеле на спроведувањето (како што се недостатокот на соодветни технички и финансиски ресурси, пандемијата на Ковид 19, енергетската криза и војната во Украина) спроведувањето на стратегијата, како и постигнувањето на нејзините цели не биле целосно остварени. Поради ова, а со истекувањето на важноста на претходната

[1] https://eur-lex.europa.eu/EN/legal-content/summary/european-charter-for-small-enterprises.html

стратегија, заедно со новите глобални трендови и приоритети на новата Влада, се појави потребата од подготовка на нов документ за политики.

Новата Стратегија за МСП е продолжение на претходните напори за поддршка на секторот на МСП во земјата, преку дефинирање на приоритети и спроведување активности кои дополнително ќе придонесат за зајакнување на нивната конкурентност и иновациски напори. Врз основа на ова, МЕТ доби задача од Владата да ја изработи новата Стратегија за МСП за периодот 2025-2030 година и да формира работна група со претставници од релевантни институции и организации кои ќе дадат свој придонес во подготовката на овој документ. За да се постигне ова, МЕТ и работната група добија поддршка од Делегацијата на ЕУ во РСМ, којашто обезбеди техничка експертиза за изработката на новата стратегија за МСП.

# 2. Усогласување на Стратегијата со рамките на ЕУ, регионалните и националните политики

При изготвувањето на овој документ за политики, беше анализирана рамката на политики за МСП на ЕУ со цел усогласување на клучните приоритети за развој на секторот МСП во земјата со тековната рамка на политики на ЕУ и барањата од Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика. Во овој контекст, беа разгледани стратешките документи на ЕУ кои се фокусираат на политиките за МСП, како и други документи поврзани со регионалната рамка на политики (во контекст на Западен Балкан (ЗБ)).

РСМ е целосно посветена на исполнувањето на економските и политичките критериуми на ЕУ, вклучувајќи го подрачјето на индустриски развој и политики за МСП. Потребно е да се нагласи дека при примената на принципите на ЕУ и при дизајнирањето и спроведувањето на политиката за МСП, РСМ ги има усвоено принципите на Европската повелба за мали претпријатија како водич за понатамошен развој на секторот за МСП. Овој процес продолжи со трансформацијата на Повелбата во Акт за мали бизниси (АМБ) кој претставува водечка рамка за следење на развојот на политиките за МСП и истиот е усвоен од другите земји од ЗБ и Турција.

## 2.1 Преглед на рамката на политики на ЕУ

Европските МСП се соочија со значителни предизвици во изминатите години, како резултат на дотогаш невидената пандемија и глобалните нарушувања на синџирот на снабдување во постпандемскиот период, кои го загрозија економското опоравување на МСП во ЕУ. Новата европска индустриска стратегија, насочена кон двојната транзиција кон зелена и дигитална економија, дефинира можности за МСП кои заслужуваат посебно внимание. Дополнително, Open Strategic Autonomy, како нова политичка парадигма на ЕУ, има за цел да се погрижи дека Унијата може да ги остварува своите  интереси и вредности независно, останувајќи отворена за глобална соработка.

Според Годишниот извештај за европските МСП 2023/2024 - Performance Review [2], МСП во ЕУ покажуваат значајна активност во спроведувањето иновативни активности во рамките на критични вредносни синџири. И покрај оваа динамика и спроведувањето на бројни иницијативи за поддршка на истражување и развој (ИиР) и иновации, продуктивноста на МСП покажува дека има простор за дополнителни напори кои можат да се реализираат преку обезбедување на дополнителна поддршка и дефинирање на соодветни рамки за политиките.  Доколку фокусот се стави на критичните вредносни синџири, се чини дека МСП играат клучна улога, особено во специјализираното производство и во развојот на новите пазари, како што е рециклирањето на суровини од отпад. Исто така, продуктивноста и важен фактор кај МСП која што може да биде

[2] https://single-market-economy.ec.europa.eu/document/download/2bef0eda-2f75-497d-982e-c0d1cea57c0e_en?filename=Annual%20Report%20on%20European%20SMEs%202024.pdf

особено ризична во контекст на Open Strategic Autonomy, која има за цел да го поттикне домашното производство на ЕУ и иновациите на критични производи и технологии. Од клучно значење е креаторите на политиките да ги препознаат МСП како катализатори за промената што ѝ е повеќе од потребно на Европа и да ги претворат МСП од следбеници во предводници на радикални промени, ставајќи ги во сржта на креирањето политики во ЕУ.

***Зелена агенда на ЕУ***

Стратешкиот документ на ЕУ, **Европскиот зелен договор**[3], е нова стратегија за раст која има за цел да ја трансформира ЕУ во фер и просперитетно општество, со модерна, ефикасна и конкурентна економија. Истиот претставува патоказ за да се креираат услови за одржлива економијата во рамките на ЕУ преку претворање на климатските и еколошките предизвици во можности во сите области на политики, обезбедувајќи праведна и инклузивна транзиција за сите. Трансформацијата кон зелена економија има значително влијание врз пазарот на трудот, менувајќи ја побарувачката за вештини во целина, а особено во секторите кои ќе мора да поминат низ длабоки реструктурирања предизвикани од употребата на позелени технологии, одржливи производствени процеси и деловни модели. Исто така, претставува рамка за формулирање на политиките кај МСП и нивната транзиција кон одржлив развој. Европскиот зелен договор претставува патоказ со активности за зајакнување на ефикасното користење на ресурсите кон преминување кон чиста, циркуларна економија и запирање на климатските промени, враќање на загубата на биодиверзитетот и намалување на загадувањето. Во него се наведени потребните инвестиции и достапните алатки за финансирање и се објаснува како да се обезбеди праведна и инклузивна транзиција**.**

Покрај тоа**, Индустрискиот план за Зелениот договор за нето-нулта емисии**[4] усвоен во февруари 2023 година, претставува рамка на ЕУ „од потребата од масивно зголемување на технолошкиот развој, производството и инсталацијата на производи со нулта емисии и снабдување со енергија, препознавајќи ја конкурентноста за суровини и квалификуван персонал". Новиот индустриски план има за цел да ја подобри рамката што ја поддржува транзицијата на деловните модели врз основа на предвидливо и поедноставено регулаторно опкружување, побрз пристап до доволно финансирање, зајакнување на вештините и поддршка на отворената трговија за отпорни синџири на снабдување. Зелениот договор е составен дел од стратегијата на ЕК за спроведување на Агендата 2030 на Обединетите нации и целите за одржлив развој.

***Индустриска политика на ЕУ***

Како дополнување кон рамката на политики за МСП треба да се спомне и индустриската политика на ЕУ, што се фокусира на подобрување на деловната рамка и поддршка на

[3] COM(2019) 640 final, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=CELEX:52019DC0640
[4] COM(2023) 62 final, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52023DC0062

конкурентноста и растот. Целта на **Новата индустриска стратегија за Европа**[5] е да ги поддржи двојните транзиции, да ја направи индустријата на ЕУ поконкурентна на глобално ниво и да ја зајакне стратешката автономија на Европа, со цел да ги трансформира и да доразвие традиционалните и новите индустрии, да ги поддржи МСП и да ја поттикне конкурентната одржливост во ЕУ. Од неодамна, новите активности за поддршка на иновациите во ЕУ се фокусираат на развивање на иновациски квартови за технологии засновани на значајни научни откритија или инженерски напредок (т.н. deep tech). Иновациските квартови се динамични центри каде што академскиот, индустрискиот и владиниот сектор се спојуваат за да ги поттикнат научните откритија, комерцијализацијата и претприемништвото. Овие квартови се катализатори за регионален раст, привлекување меѓународни таленти, компании и инвестиции[6]. Во 2021 година ЕК ја ажурираше индустриската политика на ЕУ -**Индустриска стратегија 2020: кон посилен единствен пазар за закрепнување на Европа**[7] , што ги потврдува утвдените приоритети дефинирани во 2020 година**.** Во рамките на оваа Стратегија се предлагаат нови мерки за зајакнување на отпорноста на единствениот пазар на ЕУ, особено во време на криза. Се осврнува на потребата за подобро разбирање на взаемните зависности во клучните стратешки области и претставува алатка за нивно решавање. Нуди нови мерки за забрзување на зелената и дигиталната транзиција. Ажурираната стратегија, исто така, одговара на повиците за идентификување и следење на главните индикатори за конкурентноста на економијата на ЕУ во целина: интеграција на единствениот пазар, раст на продуктивноста, меѓународна конкурентност, јавни и приватни инвестиции и инвестиции за истражување и развој. МСП се во основата на ажурираната стратегија со прилагодена финансиска поддршка и мерки за да им се овозможи на МСП и стартап компаниите да ја прифатат двојната транзиција.

***Политика на ЕУ за МСП***

Во делот на политиките за МСП, во изминатата деценија ЕУ усвои неколку стратешки документи кои креираа специфични услови за развој на МСП, со цел зголемување на иновациите и конкурентноста на претпријатијата.

**Стратегијата за МСП за одржлива и дигитална Европа**[8] беше усвоена во март 2020 година која се темели на силните основи на рамката за политики за МСП и програмите за поддршка на ЕУ, главно повикувајќи се на АМБ за Европа[9].

Целта на Стратегијата е да го ослободи потенцијалот на европските МСП за да ги предводат двојните транзиции кон одржливост и дигитализација. Главен приоритет на Стратегијата е да овозможи значително зголемување на бројот на брзорастечки МСП и бројот на МСП што користат дигитални технологии. Стратегијата претставува

---

[5] COM/2020/102, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52020DC0102
[6] https://innovationdistrictcopenhagen.dk/ (пример за иновациски кварт воспоставен во пролетта, 2024 година)
[7] COM (2021) 350/2, https://commission.europa.eu/document/download/9ab0244c-6ca3-4b11-bef9-422c7eb34f39_en?filename=communication-industrial-strategy-update-2020_en.pdf
[8] COM/2020/103; https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52020DC0103
[9] https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/fr/memo_11_109

континуитет и се заснова на постигнатите резултати од спроведувањето на АМБ и неговите приоритети.

Главната цел на политиките на ЕУ дефинирани со *Стратегијата за МСП за одржлива и дигитална Европа* е да се поттикне потенцијалот на сите МСП во ЕУ за да можат да ја предводат двојната транзиција на економијата (кон одржливост и дигитализација) со значително зголемување на бројот на брзорастечки МСП преку користење на дигитални технологии. Приоритети од АМБ во рамките на Стратегијата беа трансформирани во три клучни приоритети и интервенции, кои се презентирани преку следните столбови и нејзините специфични интервенции:

- Градење капацитети и поддршка на транзицијата кон одржливост и дигитализација
- Намалување на регулаторното оптоварување и подобрување на пристапот до пазарот
- Подобрување на пристапот до финансии;

Од друга страна, **АМБ за Европа**[10] којшто е главниот стратешки документ на ЕУ, што ја одразува политичката волја на Комисијата да ја признае централната улога на МСП во економијата на ЕУ, и за прв пат поставува сеопфатна рамка на политики за МСП, што ЕУ и нејзините членки можат да ја користат за дизајнирање политики за МСП. Усвоен е во 2008 година и оттогаш има за цел да го подобри целокупниот пристап кон претприемништвото, трајно да го вгради принципот „Прво мисли на малите " во креирањето политики, од регулативи до јавни услуги, и да го поддржи растот на МСП преку помагање во надминување на преостанатите проблеми кои го спречуваат нивниот развој.

Главните приоритети на Актот се поврзани со промоција на претприемништвото, подобрување на пристапот до финансии, намалување на регулаторните оптоварувања и подобрување на пристапот до пазарите и интернационализацијата. Овие принципи се од суштинско значење за да се донесе додадена вредност на ниво на ЕУ, да се создадат еднакви услови за МСП и да се подобри правното и административното опкружување во ЕУ. Овие приоритети се поставени во 10 начела дизајнирани да го поддржат креирањето и спроведувањето на политиките на ниво на ЕУ и државата.

***Финансиски инструменти на ЕУ***

Во буџетскиот период 2021 - 2027 година, ЕУ, исто така, ги редефинира програмите за спроведување на различни политики во рамки на **Common Provisions Regulation 2021-2027**[11]. Врз основа на овој документ, земјите-членки создадоа инвестициски стратегии на национално и регионално ниво, кои ги дефинираат финансиските инструменти за програмите за поддршка на МСП. До програмите на ЕУ можат да пристапат земјите-

[10] {SEC(2008) 2101} {SEC(2008) 2102}, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52008DC0394
[11] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32021R1060&from=EN

кандидати, како и земјите придружени кон ЕУ, во согласност со условите пропишани во уредбите за воспоставување на оваа програма.

***Програмата за единствен пазар***[12] се фокусира на зајакнување на управувањето со внатрешниот пазар, поддршка на конкурентноста на индустријата и особено на микро, малите и средните претпријатија (ММСП), заштита на здравјето на луѓето, животните, растенијата и благосостојбата на животните и воспоставување на рамка за финансирање на европската статистика. Специфичните цели на програмата се зајакнување на конкурентноста и одржливоста на МСП, поддршка на европската стандардизација и зајакнување на потрошувачката унија.

**Столбот за МСП (SME Pillar)**[13] од Програмата за единствен пазар обезбедува континуитет во спроведувањето на највлијателните активности од Програмата COSME, особено преку обезбедување на поддршка на подобар пристап до пазарите, поповолно деловно опкружување и промовирање на претприемништвото. Има за цел да ја поттикне конкурентноста, градењето на капацитетите и одржливоста на претпријатијата, особено на малите и средни претпријатија

Главни програми се:

- **Еразмус за млади претприемачи**[14] - за поттикнување на претприемништвото и пристап до вештини,
- **Европската мрежа на претпријатија (ЕЕН)**[15] - како едношалтерски систем за да им помогне на МСП да ја подобрат својата конкурентност и да го развијат својот бизнис на единствениот пазар и пошироко, вклучително и во најоддалечените региони.
- **Заедничка иницијатива за кластери**[16] - се стреми да ги поврзе специјализираните индустриски екосистеми, создавајќи нови деловни можности за МСП и нивно подобро интегрирање во европските и глобалните стратешки вредносни синџири.

Столбот за МСП е применлив во РСМ и согласно позиција на државата кон пристапувањето во ЕУ. Учеството на локалните МСП во овие активности ќе придонесе за создавање работни места и раст преку зајакнување на конкурентноста и отпорноста на МСП, а со тоа ќе придонесе за економско закрепнување.

Честопати МСП се соочуваат со големи неизвесности, ограничувања во снабдувањето, недостаток на работна сила и не секогаш фер конкуренција. Нестабилноста и непредвидливоста во тековниот економски контекст го отежнува деловното работење на МСП. **Пакетот за помош на МСП (SME Relief Package)**[17] предлага нови мерки кои ќе обезбедат краткорочно олеснување, ќе ја зајакнат долгорочната конкурентност на МСП

---

[12] https://commission.europa.eu/funding-tenders/find-funding/eu-funding-programmes/single-market-programme_en
[13] https://eismea.ec.europa.eu/programmes/single-market-programme/support-smes_en
[14] https://www.erasmus-entrepreneurs.eu/
[15] https://een.ec.europa.eu/
[16] https://www.clustercollaboration.eu/
[17] COM(2023) 535 final, https://single-market-economy.ec.europa.eu/document/download/8b64cc33-b9d9-4a73-b470-8fae8a59dba5_en?filename=COM_2023_535_1_EN_ACT_part1_v12.pdf

и ќе ја зајакнат правичноста во деловното опкружување низ единствениот пазар. Клучните интервенции вклучуваат:

- Регулатива за задоцнето плаќање[18],
- Директива за даночно поедноставување за МСП[19],
- збир на мерки наменети за МСП, да се подобри пристапот до финансии и квалификувана работна сила и да ги поддржат МСП во текот на нивниот деловен животен циклус.

Новата предложена ***Регулатива за спречување задоцнети плаќања***[20] за комерцијалните трансакции се однесува на доцнењата во плаќањата, неправедната пракса која го загрозува протокот на готовина кај МСП и ја поткопува конкурентноста и отпорноста на синџирите на снабдување. Новите правила ќе ја укинат Директивата за задоцнето плаќање од 2011 година и ќе ја заменат со регулаторна рамка. Предлогот воведува построги максимален лимит за плаќање од 30 дена, ги елиминира нејаснотиите и ги решава правните празнини во тековната Директива. Предложениот текст исто така обезбедува автоматско плаќање на акумулираните камати и компензациски такси и воведува нови мерки за спроведување и надоместување за заштита на компаниите од ненавремени плаќачи.

Паралелно, ЕУ работи на **план за Унија на пазарите на капитал (Capital markets union plan)**[21], што претставува агенда за создавање на единствен пазар на капитал, што ќе им олесни на малите бизниси да обезбедат средства и ќе ја направи Европа поатрактивно место за инвестирање. Целта е да се овозможи проток на пари – инвестиции и заштеди – низ целата ЕУ, така што ќе можат да имаат корист потрошувачите, инвеститорите и компаниите, без оглед на нивната локација. Меѓутоа, пазарите на капитал на ЕУ ќе останат фрагментирани. Планот дефинира 16 законодавни и незаконодавни мерки за остварување на три главни цели

- Поддршка на зелена, инклузивна и отпорна економска обнова,

- Да се направи ЕУ уште побезбедно место за штедење и инвестирање на долгорочен план,и

- Интегрирање на националните пазари на капитал во вистински единствен пазар.

### *Дигитална стратегија на ЕУ*

Целта на оваа рамка на политики е да се дигитализираат слободите на единствениот пазар на ЕУ, преку дефинирање на правила за телекомуникациски услуги, авторски права

[18] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52023PC0533, COM(2023) 533 final/2,
[19] https://taxation-customs.ec.europa.eu/taxation/business-taxation/head-office-tax-system-smes-hot_en
[20] https://single-market-economy.ec.europa.eu/smes/challenges-and-resilience/late-payment_en
[21] https://finance.ec.europa.eu/capital-markets-union-and-financial-markets/capital-markets-union/what-capital-markets-union_en

и заштита на податоци. **Дигиталната стратегија на ЕУ**[22] е дефинирана со **специфична интервенција - Дигитална деценија 2030**[23] како сеопфатна рамка во која се дефинирани сите активности поврзани со 'дигиталното', и ја содржи и Програмата за политики на дигиталната деценија. Оваа програма за политики е водена од **Дигитален компас 2030** [24] – план за постигнување на дигитална трансформација на економијата и општеството на ЕУ. Главните цели во рамките на Дигиталната рамка на ЕУ се сумирани во рамките на 4 главни области:

- дигитално квалификувано население и високо квалификувани дигитални професионалци;
- безбедни и одржливи дигитални инфраструктури;
- дигитална трансформација на бизнисите;
- дигитализација на јавните услуги.

***Подобра регулатива на ЕУ***

**Агендата за подобра регулатива**[25] обезбедува транспарентно носење закони на ЕУ засновано на докази, врз основа на ставовите на засегнатите. Целите на агендата за подобра регулатива се да осигура процесот на креирање политики на ЕУ заснован на докази, правејќи ги законите на ЕУ поедноставни и подобри и избегнувајќи непотребни оптоварувања, вклучувајќи ги граѓаните, бизнисите и засегнатите страни во процесот на донесување одлуки. Подобрата регулатива обезбедува транспарентно и ефикасно одлучување. Од 2021 година, главните точки на ревидираната агенда за подобра регулатива вклучуваат:

- Јавни консултации со воведување на единствен „Повик за докази";
- Зајакнување на напорите на Комисијата за поедноставување на правилата на ЕУ и намалување на непотребните оптоварувања, воведување на програмата REFIT[26] и воведување на пристапот „еден внатре, еден надвор" (*one in, one out*);
- Отстранување на пречките и бирократијата кои ги забавуваат инвестициите;
- Подобрување на начинот на кој агендата за Подобра регулатива се осврнува на и ги поддржува целите за одржливост.

**Тестот за МСП (SME Test)**[27] ги анализира ефектите од претстојните законски предлози на ЕУ за МСП. Проценувајќи ги трошоците и придобивките од опциите за политики за МСП, го промовира принципот „Прво мисли на малите" и придонесува за подобрување на деловното опкружување. Тестот за МСП е составен дел од процесот на проценка на влијанието на регулативата на Европската комисија. Тестот за МСП се состои од:

[22] https://eufordigital.eu/discover-eu/eu-digital-strategy/
[23] https://digital-strategy.ec.europa.eu/en/policies/europes-digital-decade
[24] https://eur-lex.europa.eu/resource.html?uri=cellar:12e835e2-81af-11eb-9ac9-01aa75ed71a1.0001.02/DOC_1&format=PDF
[25] https://commission.europa.eu/law/law-making-process/planning-and-proposing-law/better-regulation_en#documents
[26] https://commission.europa.eu/law/law-making-process/evaluating-and-improving-existing-laws/refit-making-eu-law-simpler-less-costly-and-future-proof_en
[27] https://commission.europa.eu/law/law-making-process/planning-and-proposing-law/better-regulation_en#documents

- Идентификување на бизниси кои најверојатно ќе бидат засегнати;
- Консултирање на МСП и репрезентативни организации (како претставници од МСП и ЕЕН);
- Проценка на влијанијата врз МСП (анализа на трошоци и придобивки);
- Истражување на политики за намалување на негативните ефекти врз МСП или разгледување на мерки за ублажување ако е потребно.

## 2.2. Преглед на рамките на политики за Западен Балкан

Во изминатата деценија владите од ЗБ исто така усвоија неколку политички агенди кои ги дефинираат приоритетите што треба да се постигнат на регионално ниво. Ова се посредни приоритети (одредници) кои се некаде меѓу приоритетите на ЕУ и националните.

Со потпишувањето на декларацијата од Софија (на самитот кој беше одржан во ноември 2020 година), сите земји од ЗБ целосно ги прифатија принципите на **Европската зелена агенда за Западен Балкан**[28] и ја изразија својата посветеност на спроведувањето на конкретни активности во рамките на следните пет столба на **Европската зелена агенда**:

- Декарбонизација: клима, енергија, мобилност
- Циркуларна економија: одржливо производство и потрошувачка
- Деполуција (прочистување): намалување на загадувањето на воздухот, водата и почвата:
- Одржливи системи за храна и рурални области
- Биодиверзитет: заштита и обновување на екосистемите

Покрај тоа, дигитализацијата треба да биде клучен олеснувач при остварување на горенаведените пет столба во согласност со концептот на двојна зелена и дигитална транзиција. Целите на овие столбови треба да се остваруваат преку конкретни активности и поддржани со механизми и специфични финансиски инструменти.

Покрај приоритетите на регионалната рамка, тука е и **Стратегијата за Југоисточна Европа 2030**[29] чија основна цел е да го промовира и унапреди спроведувањето на целите за одржлив развој на Обединетите нации преку регионална соработка на сите економии од Југоисточна Европа (ЈИЕ) во сите три димензии. Стратегијата за ЈИЕ вклучува тринаесет приоритетни области на интервенција, обезбедувајќи рамка за интегриран пристап за решавање на прашањата за одржливост. До 2030 година, целта на оваа регионална стратегија е да се постигне регионално одржлив економски раст со цел да се намали сиромаштијата и нееднаквостите, да се подобри социјалната инклузија, да се зајакнат жените, да се забави депопулацијата, да се подобри целокупниот квалитет на животот на граѓаните и да се забрза зелената и дигиталната транзиција без нарушување на конкурентноста и развојот на приватниот сектор.

[28] {COM(2020) 641 final}, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2020-10/green_agenda_for_the_western_balkans_en.pdf
[29] https://www.rcc.int/pages/148/south-east-europe-see2030-strategy

Друг важен документ е Акцискиот план на **Заедничкиот регионален пазар 2025-2028**[30] што кој претставува регионално управувана рамка заснована на правилата и стандардите на ЕУ, со цел да се консолидира и зголеми конкурентноста и економската соработка. Овој Акциски план е составен дел од **Планот за раст за Западен Балкан**, што има за цел да го поттикне економскиот раст и да ја зголеми социо-економската конвергенција на регионот, носејќи го поблиску до Единствениот пазар на ЕУ.

Областите што се составни делови на заедничкиот регионален пазар 2.0 се однесуваат на следните области - слободно движење на стоки, слободно движење на услуги, хоризонтални трговски мерки, развој на човечки капитал, поволно деловно опкружување и конкурентност и дигитална трансформација.

Позитивното влијание врз БДП врз нивото на приходите на земја од ЗБ, што произлегува од интеграцијата со единствениот пазар на ЕУ, во комбинација со Политиката на кохезија на ЕУ, јасно беше демонстрирано во претходниот период. Научените лекции се дека понатамошниот раст бара инвестиции во модернизација на стопанствата, како и во инфраструктурата, за што е потребна дополнителна финансиска помош. **Новиот план за раст на Западен Балкан**[31] има за цел да ги интегрира економиите на ЗБ во единствениот пазар на ЕУ, да ја унапреди регионалната економска соработка, да ги продлабочи реформите поврзани со ЕУ и да го зголеми претпристапното финансирање со цел забрзување на социо-економското приближување на ЗБ кон ЕУ. Овој нов план за раст се базира на постојната методологија за проширување и создава мерки за заемно зајакнување кои ќе ја мултиплицираат потенцијалната корист од секоја мерка. Планот за раст се заснова на следните 4 столба:

- Подобрување на економската интеграција со Единствениот пазар на Европската унија
- Засилување на економската интеграција во земјите од ЗБ преку заеднички регионален пазар
- Забрзување на фундаменталните реформи
- Поддршка на конвергенција преку зголемена финансиска помош

Советот на ЕУ во мај 2024 година формираше **Инструмент за реформи и раст**[32] за ЗБ, нов инструмент за поддршка на реформите поврзани со ЕУ и економскиот раст во регионот. Главната цел на механизмот е да го поддржи усогласувањето на земјите од Западен Балкан со вредностите, законите, правилата, стандардите, политиките и практиките на ЕУ, со цел нивно идно членство во ЕУ, како и нивно прогресивно интегрирање во единствениот пазар на ЕУ и социо-економско приближување кон ЕУ. Инструментот има вкупен финансиски пакет од 6 милијарди евра за 2024-2027 година, кој се состои од грантови во износ од 2 милијарди евра и концесиски заеми во износ од 4 милијарди евра, при што плаќањето е условено со тоа што земјите од ЗБ спроведуваат специфични социо-економски и фундаментални реформи.

[30] https://www.berlinprocess.de/uploads/documents/common-regional-market-action-plan-2025-2028_1728992448.pdf
[31]COM(2023) 691 final, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/document/download/8f5dbe63-e951-4180-9c32-298cae022d03_en?filename=COM_2023_691_New%20Growth%20Plan%20Western%20Balkans.pdf
[32] https://data.consilium.europa.eu/doc/document/PE-80-2024-INIT/en/pdf

**Инвестициската рамка за Западен Балкан (ИРЗБ)**[33] обезбедува финансирање и техничка помош за стратешки инвестиции во енергетскиот, еколошкиот, социјалниот, транспортниот и дигиталниот инфраструктурен сектор. Исто така, поддржува иницијативи за развој на приватниот сектор. Проектите и програмите за финансирање во јавниот сектор во рамките на ИРЗБ може да имаат корист: (а) јавни субјекти: (б) приватни субјекти, како што се, на пример, но не само, субјекти основани во контекст на јавно-приватни партнерства, заеднички вложувања или заеднички вложувања со еднакви учества; (в) други субјекти со мешан јавно-приватен капитал, во секој случај одговорни за управување, изградба и обезбедување на јавни комунални сервиси и услуги.

Дополнително, специфични финансиски инструменти кои земјите од Западен Балкан имаат право да ги користат се Фондот „Зелено за раст“, Европскиот фонд за Југоисточна Европа, Регионалната програма за енергетска ефикасност и Регионалната програма за енергетска ефикасност за ЗБ - REEP Plus, Инструментот за развој на претпријатија и иновации за ЗБ.

## 2.3. Преглед на рамката на националната политика

РСМ има усвоено конкретни рамки за политики кои ги дефинираат целите и задачите и даваат насока за понатамошен развој на земјата во различни области. Стратешките рамки дефинирани во различните национални документи обезбедуваат патоказ за справување со овие предизвици, истовремено искористувајќи го потенцијалот на МСП како катализатори за одржлив и инклузивен раст. Стратегијата за МСП се усогласи со овие приоритети и дополнително го зајакнува својот придонес во развојот и поддршката на МСП.

Текстот кој следи дава детален опис на аспектите поврзани со МСП на секоја од овие рамки на политики кои ги илустрираат нивните меѓусебни односи и потенцијал за поттикнување на долгорочен раст во земјата.

**Националната развојна стратегија 2024-2044**[34] е сеопфатна и интегративна рамка дизајнирана да ја води економската, социјалната и еколошката трансформација на земјата во текот на следните две децении. Преку согледување на состојбите во различни сектори и засегнати страни, вклучувајќи ги и локалните власти, младинските организации и меѓународните партнери, стратегијата има за цел да се справи со критичните предизвици, истовремено создавајќи инклузивна и одржлива иднина.

МСП се позиционирани во с'ржта на стратегијата, признати како клучни придонесувачи за иновации, вработувањето и економскиот раст. Стратегијата се осврнува на бариерите со кои се соочуваат МСП, како што се ограничениот пристап до финансии, неразвиената инфраструктура и регулаторните оптоварувања, предлагајќи низа мерки за поддршка. Иновативните механизми за финансирање, вклучувајќи ги и зелените обврзници, фондовите за ризичен капитал и моделите за мешано финансирање, имаат за цел да

[33] https://www.wbif.eu/
[34] https://www.nrs.mk/content/ENG%20Draft%20NDS%20fin.pdf

создадат поволна средина за просперитет на МСП. Специфични инструменти се дизајнирани за подобрување на пристапот до кредити, поттикнување инвестиции во сектори со висок потенцијал и промовирање на претприемачките активности, особено во руралните и недоволно опслужените области.

Стратегијата ја нагласува дигиталната трансформација како клучен двигател за конкурентноста на МСП. Инвестициите во дигиталната инфраструктура и иницијативите за градење капацитети се дизајнирани да им овозможат на МСП алатки и вештини потребни за учество во глобалните вредносни синџири. Е-трговијата, автоматизацијата и паметните технологии се истакнати како суштински компоненти на растот на МСП, со посебно внимание на премостување на дигиталниот јаз помеѓу урбаните и руралните претпријатија.

Одржливоста е основа на стратегијата, со силен поттик за МСП да усвојат еколошки практики. Преку стимулации, како што се даночни олеснувања и пристап до зелено финансирање, стратегијата го усогласува работењето на МСП со пошироките климатски цели на земјата. Овој пристап не само што придонесува за глобалните еколошки напори, туку и ја зајакнува пазарната позиција на МСП преку задоволување на зголемената побарувачка за одржливи производи и услуги.

Согласно горе наведеното, спроведувањето на Стратегија за МСП директно допринесува кон остварување на првата развојна цел - Зајакнување на конкурентноста и развојот на земјата преку функционален и иновативен екосистем, усовршување на вештините, знаењето, вклученоста и отпорноста на граѓаните, и следниве стратешки области:

- Оддржлива, иновативна и конкурентна економија; и
- Зелена трансформација

**Програмата за работа на Владата 2024-2028**[35] дава приоритет на одржливиот економски раст, иновациите и вработувањето, со фокус на зајакнување на малите и средни претпријатија како камен-темелник на националната економија. Препознавајќи ги МСП како двигатели на конкурентноста и иновациите, програмата наведува иницијативи за подобрување на нивното работно опкружување и позиција на пазарот.

Покрај другите приоритети, фокусот во програмата е даден и на подобрување на пристапот до финансии за МСП преку прилагодени кредитни линии, гаранции и јавно-приватни партнерства. Исто така, дефинира рамка за промоција на претприемништвото преку поттикнување на стартап екосистеми и обезбедување финансиска поддршка за млади и иновативни бизниси. Дигиталната трансформација е силно нагласена, охрабрувајќи ги МСП да усвојат напредни технологии и да ги рационализираат работните процеси преку дигитализација.

За понатамошна поддршка на МСП, програмата дефинира мерки за намалување на административните оптоварувања, поедноставување на регулаторната усогласеност и создавање стимулации за формализација. Инклузивноста е клучна тема, со иницијативи за интегрирање на жените, младите и маргинализираните групи во претприемачките активности.

[35] https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/programa-na-vladata-2024-2028.pdf

**Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028**[36] согласно која се дефнираат стратешки приоритети за 2024 - 2028 година. Во таа насока, спроведување на оваа Стратегија за МСП допринесува кон остварување на приоритетите поврзани со:

- економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување насевкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого; и

- професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и стартап екосистем;

**Реформската агенда за Северна Македонија 2024-2028**[37], како дел од поширокиот План за раст за ЗБ, дефинира мерки за поттикнување на социо-економската конвергенција со ЕУ, со силен акцент на МСП како двигатели на економскиот раст. МСП се таргетирани преку иницијативи дизајнирани за подобрување на деловното опкружување, подобрување на пристапот до финансиски средства и поттикнување на иновации и интеграција во регионалните и глобалните пазари.

Агендата се осврнува на предизвиците со кои се соочуваат МСП, како што се ограничениот пристап до финансии и сложеното регулаторно опкружување. Предложените мерки вклучуваат воспоставување на кредито-гарантни шеми, овозможување на користење на нематеријални средства како колатерал, и поедноставување на административните процеси за намалување на деловодните трошоци. Дополнително, агендата ја нагласува потребата од формализирање на неформалните МСП, нудејќи стимулации за регистрација и усогласеност.

Иновациите се приоритет, предлагајќи зголемена поддршка за ИиР, особено во секторите како што се ИКТ и паметното земјоделство. МСП се охрабруваат да усвојат зелени и дигитални технологии, поддржани од насочени финансиски стимулации и иницијативи за градење капацитети. Фокусот на дигиталната трансформација вклучува мерки за проширување на широкопојасниот пристап до Интернет и опремување на МСП со алатки за е-трговија и дигитален менаџмент.

**Патоказ за циркуларна економија 2024**[38] поставува стратешки пат за премин на земјата кон циркуларна економија, нагласувајќи ја одржливоста и економската отпорност. МСП се во центарот на оваа транзиција, препознаени за нивната улога во усвојувањето практики кои го намалуваат отпадот, ја подобруваат ефикасноста на ресурсите и промовираат повторна употреба и рециклирање на материјалите. Патоказот ја нагласува важноста на опремувањето на МСП со алатки за да предводат во областите како што се градежништвото, текстилот, биомасата и рударството, каде што циркуларни практики можат да ја поттикнат секторската трансформација.

Клучните мерки вклучуваат градење на капацитетите на МСП преку обуки, менторство и иницијативи за соработка, истовремено нудејќи финансиски стимулации, како што се

[36] Службен весник на РСМ, бр. 256/23 и 177/24
[37] https://mep.gov.mk/data/MK_Reform%20Agenda_EN.pdf
[38] https://www.oecd.org/content/dam/oecd/en/publications/reports/2024/03/a-roadmap-towards-circular-economy-of-north-macedonia_f4d7444c/1973c88c-en.pdf

грантови и прилагодени програми за финансирање. Во градежништвото, МСП се охрабруваат да користат рециклирани материјали и да усвојат одржливи методи. Во текстилот, фокусот е на еко-дизајнот и намалувањето на отпадот, додека секторот за биомаса промовира циркуларни синџири на снабдување и ефикасно управување со отпадот.

**Индустриската стратегија на Северна Македонија 2018-2027**[39] ја нагласува критичната улога на МСП во развојот на индустрискиот сектор. Признати како клучни за иновациите, растот на извозот и создавањето работни места, МСП се составен дел за постигнување на визијата на стратегијата за зајакната продуктивност, конкурентност и одржлива индустријализација.

Стратегијата нагласува создавање погодна средина за МСП преку насочени мерки, како што е подобрување на пристапот до финансии преку јавно-приватни партнерства, грантови и меѓународно финансирање. Истата го идентификува производствениот сектор како приоритет, каде што МСП можат да водат во унапредувањето на синџирите на вредности и усвојувањето иновативни технологии.

Осврнувајќи се на предизвиците како регулаторни комплексности, стратегијата предлага поедноставени политики за олеснување на работењето на МСП. Со поттикнување на соработката помеѓу владините тела и приватниот сектор, таа има за цел напредок на МСП и значително да придонесат за индустрискиот раст на РСМ.

**Планот за забрзување на растот 2022-2026**[40] е критична рамка за зајакнување на економскиот раст и закрепнување на земјата по пандемијата на Ковид-19. МСП се во основата на овој план, идентификувани како клучни двигатели на иновациите, вработувањето и одржливиот развој.

Планот се осврнува на финансиските ограничувања со кои се соочуваат МСП, предлагајќи низа иновативни механизми за финансирање. Тука спаѓаат фондовите за ризичен капитал, зелените обврзници, хибридните инвестициски фондови и гарантните шеми. Прилагодени за поттикнување на приватните инвестиции, овие инструменти имаат за цел да мобилизираат 12 милијарди евра финансирање - комбинирајќи 4 милијарди евра јавно финансирање со 8 милијарди евра од приватни извори. Конкретните иницијативи, како што се Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) и Хибридниот фонд за зелена и дигитална економија, се дизајнирани да го подобрат пристапот на МСП до капитал, истовремено поттикнувајќи иновации и зелени деловни практики.

Дигиталната трансформација е камен-темелник на планот, при што МСП се охрабруваат да усвојат напредни технологии и платформи за е-трговија. Инвестициите во дигиталната инфраструктура и развојот на вештините се приоритетни за да се осигура дека МСП остануваат конкурентни на домашните и меѓународните пазари.

[39] https://www.economy.gov.mk/Upload/Documents/Finalna%20Industriska%20Strategija.pdf
[40] https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2022/01/Growth-Acceleration-Plan_final-1.doc

**Патоказот за праведна транзиција (2024-2030)**[41] воспоставува рамка за транзицијата на РСМ од зависност од јаглен кон зелена и одржлива економија, нагласувајќи ја улогата на МСП во поттикнувањето на иновациите, вработувањето и економската отпорност. МСП се позиционирани како клучни играчи во оваа промена, особено во регионите зависни од јаглен како Пелагонија и Југозападот, каде што транзицијата се обидува да ги замени традиционалните индустрии со почисти, поодржливи алтернативи.

Патоказот ја нагласува потребата МСП да бидат лидери во секторите како обновлива енергија, ефикасност на ресурсите и одржлива инфраструктура. За да се осврне на бариерите како што се ограничени финансии и недостаток на вештини, патоказот ги наведува финансиските механизми како што се кредитните шеми и зелените инвестициски фондови насочени кон МСП. Исто така, се фокусира на доквалификација и преквалификација на работниците преку програми за стручна обука, особено за оние кои се во транзиција од индустрии поврзани со јаглен. Инклузивноста е приоритет, со напори за вклучување на жените, младите и маргинализираните групи во активностите на МСП, поттикнувајќи пошироки социо-економски придобивки.

**Националната стратегија за одржлив развој 2009-2030**[42] ги позиционира МСП како клучни двигатели на иновациите, создавањето работни места и одржливиот раст во РСМ. Стратегијата го нагласува подобрениот пристап до финансии, поедноставените регулативи и иницијативите за градење капацитети за зајакнување на конкурентноста на МСП, особено во производството, туризмот и земјоделството. Исто така, дефинира механизми за охрабрување на МСП да усвојат зелени технологии и практики за ефикасно користење на ресурсите, поддржани од стимулации како заеми со ниски камати и грантови. Приоритет е и инклузивноста, промовирајќи поголемо учество на жените, младите и руралните претприемачи во активностите на МСП.

Преку поттикнување на меѓусекторска соработка и вклучување на МСП во креирањето политики, стратегијата има за цел да создаде отпорна и правична економија, истовремено усогласувајќи се со стандардите за одржливост на ЕУ.

**Националната стратегија за вработување 2021-2027**[43] се фокусира на создавање отпорен пазар на трудот, при што МСП играат клучна улога во поттикнувањето на создавањето работни места и економскиот раст. Иако МСП сочинуваат 99% од вкупниот број претпријатија вработувајќи речиси 3/4 од работната сила, сепак тие се соочуваат со предизвици како што се ниска продуктивност и ограничен пристап до финансии.

За да се зајакне конкурентноста на МСП, овој документ за политики го нагласува подобрувањето на пристапот до финансии преку грантови, микро-заеми и шеми за кредитни гаранции. Посебно внимание се посветува на поттикнување на иновациите во рамките на МСП, особено во секторите со висок раст, како што се ИКТ и професионалните услуги, кои покажаа значително зголемување на вработеноста и придонесите со додадена вредност. Програмите за обука и доквалификација имаат за цел

[41] https://economy.gov.mk/content/documents/Web%20strana%20zabeleshki%20od%20Agencija%20za%20primena%20na%20jazikot%20na%20RSM%2007.07.2021.pdf
[42] Оваа стратегија беше трансформирана во Националната развојна стратегија 2024 - 2044
[43] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/trud/strategija_vrabotuvanje_2021_eng.pdf

да го премостат јазот во вештините, осигурувајќи дека пазарот на трудот се усогласува со потребите на МСП.

Стратегијата, исто така, ги поддржува МСП во транзицијата кон формализирано работење, со поедноставени регулаторни рамки и стимулации за формална регистрација на бизнисот. Покрај тоа, целните иницијативи имаат за цел да промовираат инклузивност преку зголемување на учеството на жените, младите и маргинализираните групи во активностите на МСП, поттикнувајќи еднакви можности на пазарот на трудот.

**Стратегијата за формализирање на неформалната економија 2023-2027**[44] се фокусира на намалување на распространетоста на неформалните економски активности и интегрирање на неформалните претпријатија во формалната економија. МСП и понатаму остануваат клучни во овој потфат, со оглед на нивната значајна застапеност во неформалниот сектор и нивниот потенцијал за поттикнување на инклузивен и одржлив економски раст.

Стратегијата ги нагласува предизвиците со кои се соочуваат МСП, вклучувајќи ограничен пристап до финансии, недоволен капацитет за усогласување со регулативата и недостаток на формална обука. За да се решат овие прашања, се наведуваат мерки како што се прилагодени финансиски алатки, програми за градење капацитети и рационализирани регулаторни рамки. Овие иницијативи имаат за цел да ги поддржат МСП во транзицијата кон формализирани деловни процеси, со што ќе се зајакне продуктивноста и пристапот до нови пазари.

Клучни сектори како земјоделство, градежништво и услуги се целни области, каде МСП имаат големо присуство во неформалната економија. Стратегијата вклучува стимулации за регистрирање, даночни олеснувања за новоформализираните бизниси и интеграција во вредносните синџири за да се поттикне усогласеноста со трудовите и фискалните регулативи.

Под ингеренции на Министерството за дигитална трансформација (МДТ) во тек е изработка на **Националната ИКТ стратегија 2025-2028** која има за цел да ја забрза дигиталната трансформација на земјата, препознавајќи ги МСП како клучни двигатели на иновациите и економскиот раст. Стратегијата нагласува колку е важно на МСП да им се овозможи да усвојат напредни дигитални технологии и да се интегрираат во брзо движечката дигитална економија.

Стратегијата идентификува четири столба клучни за развојот на МСП: дигитална инфраструктура, дигитални вештини, дигитално управување и дигитализација на бизнисот. Иницијативите во рамките на овие столбови вклучуваат подобрување на пристапот до брз интернет, нудење прилагодени програми за обука за градење на капацитетите на МСП и поедноставување на пристапот до дигиталните владини услуги. МСП се поддржани во усвојувањето на технологии како што се вештачка интелигенција, големи податоци и услуги со обработка во облак, за подобрување на продуктивноста и конкурентноста.

[44] https://view.officeapps.live.com/op/view.aspx?src=https%3A%2F%2Ffinance.gov.mk%2Fwp-content%2Fuploads%2F2023%2F09%2FStrategija-za-neformalna-ekonomija-2023-2027_korekcija-28082023-2-1.docx

Посебно внимание се посветува на поттикнување на соработката помеѓу МСП и овозможувачите на ИКТ, создавајќи поволно опкружување за иновации. Стратегијата, исто така, ја нагласува потребата од финансиски инструменти и стимулации за олеснување на учеството на МСП во дигиталната економија, особено во недоволно развиените и руралните области.

**Стратегијата за паметна специјализација (2024-2027)**[45] се фокусира на зајакнување на иновацискиот екосистем на Северна Македонија преку промовирање на истражување, развој и иновации во високо приоритетните сектори. МСП се гледаат како мотори на трансформација кон економија базирана на знаење и одржлива економија.

Стратегијата идентификува приоритетни домени како што се паметното земјоделство, ИКТ, електро-механичката индустрија (Индустрија 4.0) и одржливи материјали и паметни згради, од кои сите нудат значителни можности за раст на МСП. Овие домени се усогласуваат со потребите на МСП, поттикнувајќи иновации преку соработка со академските институции и пристап до напредни технологии.

Финансиската поддршка е клучен елемент, со воведување на грантови, ваучери за иновации и шеми за кофинансирање за да им се помогне на МСП во комерцијализацијата на иновациите. Посебен фокус е даден на стартап и спин-оф компаниите, нудејќи приспособени финансиски средства за зајакнување на нивниот влез на пазарот и зајакнување на нивната конкурентнос. МСП, исто така, се охрабруваат да усвојат зелени и дигитални практики, поддржани од насочени мерки за намалување на нивниот јаглероден отпечаток и подобрување на технолошките способности. Ќе се кофинансира и создавање на центри за дигитални иновации кои ги поддржуваат компаниите и јавниот сектор во двојната транзиција[46].

**Стратегијата за регионален развој 2021-2031**[47] се фокусира на намалување на регионалните разлики, промовирање на балансиран економски раст и поттикнување на социјалната кохезија. МСП се позиционирани како суштински играчи во постигнувањето на овие цели, особено во економски неразвиените региони.

Стратегијата го нагласува создавањето на екосистем за поддршка на МСП преку подобрување на пристапот до финансии, поедноставување на административните процедури и подобрување на регионалната инфраструктура. Клучните мерки вклучуваат стимулации за МСП да инвестираат во приоритетните региони и сектори, поттикнување на локалното претприемништво и создавање индустриски зони за поддршка на работењето на МСП. Овие напори се дизајнирани да ги стимулираат регионалните економии, истовремено намалувајќи ја невработеноста и поттикнувајќи ги иновациите.

МСП се охрабруваат да учествуваат во меѓурегионални иницијативи и вредносни синџири, кои се усогласуваат со пошироките цели за интегрирање на локалните економии во националните и меѓународните пазари. Стратегијата, исто така, дава

---

[45] https://mon.gov.mk/stored/document/Draft%20S3%20MK.pdf
[46] На почетокот на 2025 година и официјално почна со работа ЕДИХ (Европски дигитален иновациски хаб) – пристапен механизам преку која МСП можат да дојдат до користење на дигитални услуги преку пристап до европските фондови.
[47] https://mls.gov.mk/files/Strategija-Za-RRR.pdf

приоритет на инклузивноста преку поддршка на жените, младите и маргинализираните групи во воспоставувањето и управувањето со МСП.

Во **Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025**[48] се наведени сеопфатни мерки за намалување на корупцијата во различни сектори во РСМ. Иако документот првенствено се фокусира на управувањето и интегритетот на јавниот сектор, тој вклучува елементи релевантни за МСП, нагласувајќи ја нивната улога во поттикнувањето на транспарентноста и одговорноста во приватниот сектор.

Стратегијата ги препознава МСП како суштински чинители во економскиот развој, барајќи мерки за да се обезбеди транспарентност во процесите на јавни набавки и распределба на грантови. Ги нагласува предизвиците како нееднаквиот третман и нетранспарентните процедури со кои МСП често се соочуваат кога соработуваат со јавните институции. За да се решат овие прашања, стратегијата се залага за дигитализација, подобрување на механизмите за следење и зголемување на транспарентноста при доделувањето грантови, субвенции и договори.

Дополнително, стратегијата ги охрабрува иницијативите на приватниот сектор за промовирање на интегритетот, како што е усвојувањето на стандардите за корпоративно управување и програмите за усогласеност. Со интегрирање на МСП во пошироката борба против корупцијата, стратегијата има за цел да создаде поправедно и потранспарентно економско опкружување, поддржувајќи одржлив развој и конкурентност.

Преку овие мерки, стратегијата се стреми да изгради доверба помеѓу МСП и јавните институции, истовремено намалувајќи ги системските бариери кои го попречуваат нивниот раст и учество во економијата.

**Финтек - Стратегијата за финансиски регулатори 2023-2027**[49] се фокусира на искористување на финансиската технологија за модернизација на финансискиот систем на РСМ. МСП се истакнати како клучни корисници на стратегијата поради нивната зависност од иновативни и инклузивни финансиски услуги. Преку поддршка на растот на финтек секторот, стратегијата има за цел да го подобри пристапот на МСП до финансии, да ги рационализира трансакциите и да го поттикне усвојувањето на дигитално работење.

Централна компонента на стратегијата е поттикнување на финансиската инклузија преку дигитални решенија. МСП, честопати недоволно опслужени од традиционалните финансиски институции, се таргетирани со прилагодени финтек услуги како збирно финансирање (crowdfunding), дигитални плаќања и peer-to-peer платформи за инвестирање во потрошувачки кредити. Овие услуги имаат за цел да ги намалат бариерите за пристап до кредити и да ја зголемат оперативната ефикасност за МСП.

**Стратегијата за промоција на извозот на Република Северна Македонија 2024-2027**[50] има за цел интензивирање на процесот на интернационализација на македонската

[48] https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/01/Nacionalna-strategija-DKSK-KONECNA.pdf
[49] https://mapas.mk/wp-content/uploads/2023/07/fintech-strategy-for-financial-regulators.pdf
[50] https://www.economy.gov.mk/en-GB/news/strategija-za-promocija-na-izvozot-na-republika-severna-makedonija-2024-2027-so-akciski-plan-2024-2025.nspx

економија со цел диверзификација и зголемување на извозот, како и зголемување на домашната додадена вредност на извозот и интеграција во глобалните вредносни синџири. Стратегијата е изградена врз петте главни столба:

- подобрена деловна средина за поддршка на извоз;
- подобрено информирање и поттикнување на домашните претпријатија да започнат со извоз или да го промовираат извозот;
- градење и зајакнување на севкупните извозни капацитети;
- поголема промоција и поврзување на домашните извозни капацитети; и
- олеснет и зголемен пристап до финансии преку поволни кредитни линии за извозниците и управување со извозниот ризик.

# 3. Методолошки пристап

## 3.1. Користена методологија

Целокупниот методолошки пристап во подготовката на стратегијата за МСП треба да се разгледува од две перспективи. Првата, директно поврзана со изготвување на документот и неговата содржина, а втората поврзана со организацискиот аспект на самиот процес.

Пристапот за изготвување на документот е претставен на слика 1. Имено, процесот вклучува преглед на различни секундарни извори на информации и врз основа на нивна анализа, е подготвен текстот на новата стратегија. Ова главно се однесува на наодите кои беа добиени од анализата која беше направена во однос на реализацијата на претходната стратегија за МСП и научените лекции од истата, како и усогласување со соодветните рамки на политики на ЕУ, на регионално и национално ниво на земјата. Сé ова е направено согласно насоките за изготвување на документи за политики дефинирани во Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторски и мулти-секторски стратегии.




*Слика 1. Структурен пристап за развој на Стратегијата за МСП 2025-2030*

Вториот аспект се однесува на организацијата на целокупниот процес. МЕТ како координатор на процесот користеше партиципативен и инклузивен пристап кога станува збор за соработка со други институции и организации. Ова значи дека во

изготвувањето на документот, сите релевантни институции и организации учествуваа со назначување на свои претставници за учество во работната група. Оваа работна група, исто така, ќе го даде својот придонес во изготвувањето на Акцискиот план за имплеменација на стратегијата и ќе биде одговорно тело кое ќе го следи спроведувањето на стратегијата. Работната група е формирана во септември 2024 година, составена од претставници од Министерството за економија и труд, Министерство за дигитална трансформација, Министерство за јавна администрација, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за образование и наука, Агенцијата за иновации, научно технолошки развој и претприемништво (ИНОВА), Централен регистар, Државен завод за статистика, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Универзитетот на Југоисточна Европа, Стопанската комора на Северна Македонија, Сојуз на стопански комори на Македонија, Стопанската Комора на северо-западна Македонија, како и претставник од Владата.

На сликата 2 е прикажан методолошкиот пристап користен при подготовка на Стратегијата, но и методите кои ќе се користат во текот на нејзиното спроведување. Сè ова е предвидено во Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторски и мулти-секторски стратегии.




*Слика 2. Методолошки пристап користен во процесот на изготвување на Стратегијата*

Врз основа на приоритетите, мерките и активностите дефинирани во стратегијата, ќе се изготват два акциски плана – еден за периодот 2025-2027 година и вториот за период 2028-2030. Во прилог на оваа Стратегија се доставува и планот за првиот период 2025-2027). Акцискиот план подетално ќе ги елаборира сите мерки и активности кои треба да се спроведат кои ќе придонесат за остварување на целите на стратегијата, временската рамка за нивно спроведување и потребните финансиски средства, како и ќе дефинира конкретни индикатори за следење и оценување на спроведувањето на стратегијата.

Спроведувањето на стратегијата ќе се оценува врз основа на Рамката за следење, оценување и известување, која е претставена во завршниот дел од овој документ. Исто така, стратегијата ги елаборира потенцијалните ризици кои се идентификувани

при подготовката на стратегијата и кои можат да влијаат на нејзината реализација. Тие ризици претставуваат реална закана за постигнување на целите и задачите на Стратегијата и доколку не се таргетираат соодветно, можат негативно да влијаат врз нејзината имплементација и исполнување на целите. Поглавјето 7 детално ги елаборира потенцијалните ризици што би можеле да се појават, веројатноста од појавување, влијанието што потенцијално би можеле да го имаат врз стратегијата и нејзината имплементација, како и однапред дефинирани мерки што треба да се разгледаат со цел да се надминат тие ризици.

## 3.2 Вклучување на засегнатите страни во процесот на изготвување политики

Вклучувањето на засегнатите страни во процесот на креирање политики е од клучно значење од неколку причини. Го подобрува квалитетот, транспарентноста, легитимноста и ефективноста на политиките, поттикнувајќи чувство на одговорност и соработка меѓу сите страни. Вклучувањето на засегнатите страни не е само најдобра практика, туку неопходност за креирање на добро заокружени, ефективни и одржливи политики. Креаторите на политики треба да воспостават механизми како што се јавни консултации, советодавни комитети и партнерства за да овозможат поголемо учество на засегнатите страни во текот на циклусот на креирање политики.

Водени од овие принципи при изготвувањето на овој рамковен документ за политики, МЕТ ги покани сите релевантни чинители да преземат активна улога во овој процес, преку учество во работната група која беше формирана на самиот почеток (кога овој процес беше инициран). Како што беше претходно наведено, во оваа работна група учествуваат претставници од државните институции, но и претставници од стопанските комори и универзитетите.

МЕТ како координатор на процесот, организираше повеќе состаноци со членовите на работната група, пред усвојувањето на Стратегијата, со цел нивно информирање за напредокот во однос на изготвување на документот, но и разгледување на нивните сугестии и мислења за понатамошно унапредување на самиот процес на изготвување на документот. Членовите на работната група, исто така, ќе преземат активна улога во изготвувањето на новиот акциски план што треба да ја придружува оваа Стратегија што ќе биде изработена на почетокот на 2025 година, но и во следењето на спроведувањето на стратегијата.

Освен институциите и организациите кои учествуваа во работната група, МЕТ организираше дополнителни консултации со другите засегнати страни за разгледување на нивните мислења за новата Стратегија. Во овој поглед, беа консултирани неколку организации за деловна поддршка и други институции, како и донаторската заедница и други релевантни меѓународни организации.

Пред усвојувањето на Стратегијата, документот беше објавен и во Единствениот национален електронски регистар на прописи со цел да се разгледаат дополнителни предлози од поширока публика. По добиените повратни информации и коментари од засегнатите страни, корисниците и другите заинтересирани страни, финалната верзија на Стратегијата беше изработена и испратена до Владата на одобрување.

# 4. Анализа на тековната состојба во секторот на МСП

## 4.1. Анализа на секторот за МСП

Со цел да се идентификуваат трендовите во однос на бројот на ММСП и да се разбере нивниот економски придонес во националната економија, во оваа глава е презентиран преглед на најважните макроекономски показатели кои се однесуваат на секторот за МСП. Покрај тоа, овие индикатори се клучни во процесот на формулирање на политиките и плановите за интервенција кон создавање на ефективна национална стратешка рамка за политиките за МСП.

Анализата го зема предвид периодот од 2018 до 2023 година, период кога ММСП се соочија со различни економски предизвици, вклучувајќи ги и инфлациските притисоци, влијанијата на пандемијата КОВИД-19 и промените во цената на увезените суровини за производство.




*Слика 3. Структура на активни претпријатија во Северна Македонија*

Според големината на претпријатијата, во земјата може да се забележи јасна доминација на микро претпријатијата. Овие претпријатија сочинуваат 81,7% од сите бизниси (слика 3). Претпријатијата со нула вработени претставуваат 8,6% (кои во најголем дел од случаите се микро претпријатија), а малите претпријатија (со 10 до 49 вработени) учествуваат со 7,4%. Помало учество имаат средните претпријатија со 2,0% и големите претпријатија кои претставуваат само 0,3% од вкупниот број на активни претпријатија.

Според податоците од Државниот завод за статистика, вкупниот број на активни ММСП изнесувал приближно 69.000 во 2023 година, од кои приближно 90% се микро претпријатија (0-9 вработени, вклучувајќи ги и тие со 0 вработени), потоа 8% се мали претпријатија (10-49 вработени) и најмало учество земаат средните претпријатија или

2%. Во периодот 2018-2023 г., како што е прикажано на графиконот на слика 5, осцилациите во бројот на активни претпријатија се забележуваат во опсег од -4 до 5%.

Во однос на 2018 година, има благ пораст на бројот на средни претпријатија (0,6%) и мали претпријатија (1,7%). Исто така, групата на микро претпријатија составена од претпријатија со 0 вработени и бројот на претпријатија со 1 до 9 вработени забележа мало намалување од 4,8% (2023 наспроти 2018 година). Ова не доведува до генерален заклучок дека секторот на ММСП во 2023 година врз основа на бројот на активни претпријатија забележа намалување од -4,4% во однос на 2018 година.




*Во бројот на микропретпријатија е вклучен и бројот на претпријатија со 0 вработени. Тие изнесуваат приближно 10% (во просек) од вкупниот број на микропретпријатија, а останатите 90% се однесуваат на претпријатија со 1-9 вработени.

*Слика 4. Промена во процент во вкупниот број на активни претпријатија (микро, мали и средни претпријатија во периодот 2018-2023*

Анализирани по видови претпријатија, во 2019 година, микро претпријатијата забележуваат зголеменување на нивниот број (за 5% во однос на 2018 година). Од друга страна, иако споредбено со 2018 малите претпријатија забележуваат раст во нивниот број споредбено со 2018 година, во периодот по 2019 се забележува тренд на намалување на бројот на малите претпријатија од -2% до -3%, освен во 2022 година кога нивниот број се зголемува. Пандемијата сериозно ги погоди претпријатијата на повеќе нивоа, нарушувајќи ги нормалните операции и откривајќи слабости во секторите кои зависат од директни интеракции и континуирани синџири на снабдување. Овие ефекти ја истакнаа критичната потреба од дигитална и оперативна флексибилност, бидејќи деловните

субјекти со дигитални капацитети се справија подобро од оние кои беа ограничени на традиционални, директни трансакции[51].

Во 2019 година, секторот на МСП имаше забележителен раст, поттикнат од владините реформи насочени кон создавање поволно деловно опкружување. Тие вклучуваа поедноставени регулативи и стимулации за претприемништво, заедно со зголемен пристап до пазарите на ЕУ.

Општо земено, трендот на развој на сегментот на ММСП најмногу е диктиран од промените во бројот на микро претпријатија и ја следи нивната траекторија како најброен сектор во споредба со другите групи на претпријатија.

Во споредба со вкупниот број на претпријатија, секторот на ММСП претставува најголем дел од претпријатијата во економијата на РСМ или 99% од вкупните активни претпријатија во 2023 година.




*Слика 5. Учество на ММСП во вработувањето*

Друг аспект на анализата го разгледува процентуалното учество на вработените во ММСП и кај големите претпријатија (слика 5). И покрај тоа што микро претпријатијата го сочинуваат најголемиот дел од претпријатијата, нивното учество во вработувањето во просек за последните 6 години (2018-2023), изнесува 25% од вкупниот број на вработени, што е исто како и кај средните претпријатија, кои исто така вработуваат 25% од работната сила. Малите претпријатија учествуваат со 20%, додека големите претпријатија, иако претставуваат само 0,3% од вкупниот број претпријатија, вработуваат 30% од работната сила.

[51]Европска комисија (2021). Извештај за напредокот на економското влијание на КОВИД-19 врз Северна Македонија. https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/document/download/724722a9-240b-4001-abce-648e0c96f88b_en?filename=North-Macedonia-Report-2021.pdf

Според последните податоци (Графикон 6), во 2023 година микро претпријатијата вработувале 134.698 вработени, што укажува на намалување во однос на бројот на вработени во микро претпријатијата во 2018 година (138.382).




*Слика 6. Вработени во микро, мали и средни претпријатија*

Истиот опаѓачки тренд се забележува и кај малите претпријатија кои во 2023 година вработувале 107.440 лица што претставува пад во однос на 2018 година (кога бројот на вработени изнесувал (109.013) или само -1% во однос на 2022 година (109.057).

Последната анализирана група е бројот на вработени кои работат во средни претпријатија, вработувајќи во просек 140.619 лица секоја година (од 2018 до 2023 година). Во 2023 година, во споредба со 2022 година, се забележува намалување од 2%, од 142.851 на 139.633.

Бројот на новоотворени и затворени претпријатија е исто така еден од клучните показатели за економското здравје и динамиката на една економија. Овие бројки даваат увид во нивото на претприемништво, конкуренцијата на пазарот и целокупното деловно опкружување. Повторно, следната анализа е расчленета според големината на претпријатието, за да се обезбеди преглед на соодносот меѓу отворените и затворените претпријатија и нивниот удел во вкупниот број на отворени или затворени претпријатија годишно.

Во просек, секоја година од 2018 до 2023 година се отварале околу 3.975 нови микро претпријатија, додека 5.900 претпријатија се затвораат годишно во истиот период. Ако се гледа по години, 2021 година се карактеризира со најголем број ново отворени микро претпријатија (4.332), што е многу блиску до вкупниот број на новоформирани мали и средни претпријатија (4.422). Во период од 6 години (2018-2023), има пораст од 13% на

бројот на новоотворени микро претпријатија. Во споредба со вкупниот број на отворени претпријатија, микро претпријатијата земаат учество помеѓу 97% и 98%.




*Слика 7. Број на микро компании (отворени/затворени) за периодот 2018-2023*

Анализирајќи го бројот на затворени микро претпријатија, бројката покажа намалување од 6.134 во 2018 година на 3.975 во 2023 година, што претставува намалување од 59%. Соодветно на тоа, затворените микро претпријатија зафаќаат удел меѓу 90% и 93% од вкупниот број на затворени претпријатија.



*Слика 8.  Број на мали компании (отворени/затворени) за периодот 2018-2023*

Кога станува збор за бројот на ново отворени мали претпријатија (10-49 вработени), во 2023 година нивниот број изнесува 68 во однос на 91 во 2018 година. Исто така, стапката на нови мали претпријатија во 2023 година е намалена за 10% во однос на претходната година.

Во просек, во периодот 2018-2023 година, 78 мали претпријатија биле отворени годишно. Исто така, новоотворените мали претпријатија имаат удел од приближно 2% од вкупниот број на отворени претпријатија.

Од друга страна, бројот на мали претпријатија кои се затвориле значително се намалил (за 50%) во 2023 година во однос на 2018 година. Во апсолутни бројки, во 2023 година бројот на затворени мали претпријатија изнесува 347, во споредба со 693 во 2018 година (и 552 во 2022 година). Просечната стапка на затворени мали бизниси во вкупниот број варира помеѓу 7% и 10% во текот на периодот.




*Слика 9.Број на средни претпријатија (отворени/затворени) за периодот 2018-2023*

Во просек, може да се забележи дека единствената група на претпријатија кои имаат поголем број на отворени претпријатија од затворените претпријатија е групата на средни претпријатија. Во секоја од анализираните години бројот на новоотворени средни претпријатија останува повисок од бројот на затворени средни претпријатија, освен во 2020 година каде што нивниот број е еднаков.




*Слика 10. Број на компании кои учествуваат како процент во БДП за периодот 2018-2023*

Во однос на придонесот во БДП, во периодот 2018-2023 година, ММСП имаат значителен удел од околу 68% во БДП на земјата. Анализирано засебно, микро-претпријатијата имаат стабилно учество кое се движи од 21% до 23%. Од друга страна, малите претпријатија оствариле поголема нестабилност, при што нивниот придонес во БДП, особено во периодот 2018/19 година, варирал помеѓу 32% и 22%, што било проследено со стабилно учество од 22% на 24%/ во текот на следните години. Дополнително на ова, низ годините средните претпријатија учествувале во БДП со учество од 19% до 22%.

Согласно последните податоци, 95% од вкупниот број на претпријатија што извезуваат се ММСП (за периодот од 2018-2022). Во 2022, вкупниот број на претпријатија кои извезувале изнесува 3,892 (што претставува 5.4% од вкупниот број на претпријатија), од кои 3,592 се ММСП.




*Слика 11. Процентуална застапеност на различните видови на претпријатија во извозот*

Анализирано во проценти, со цел дефинирање на значајнота на ММСП секторот, може да се заклучи дека во 2022 година, 55% од претпријатијата кои извезуваат се микро претпријатија, потоа 28% се мали претпријатија и 9% се средни претпријатија. Останатите 8% се големи претпријатија.




*Слика 12. Број на компании кои учествуваат во извозот за периодот 2018-2022*

Во периодот од 2018 и 2022 година, врз основа на бројот на ММСП кои учествувале во активности поврзани со извозот, микро претпријатијата имаа највисоко учество, при што нивното учество во целокупната извозна трговија се движело од 53% до 59%.

Малите претпријатија, од друга страна, одржуваат постабилна стапка на учество во текот на целиот период, движејќи се помеѓу 27% и 30%. За средните претпријатија, забележан е општ пад на нивното учество во извозот од 11% во 2017 година на 9% во 2022 година.

## 4.2. SWOT анализа и анализа на засегнатите страни

Овој дел ги елаборира различните фактори и аспекти кои можат да влијаат на спроведувањето на стратегијата преку спроведување на анализата за согледување на силните страни, слабостите, можностите и заканите (СВОТ), што пак е критична алатка во процесот на развој на политики, бидејќи им помага на креаторите на политики да донесуваат информирани одлуки со систематско оценување на внатрешните и надворешните фактори. Користењето на СВОТ анализа на почетокот на процесот на развој на политики гарантира дека конечната политика е стабилна, урамнотежена и прилагодлива, зголемувајќи ја веројатноста за успешна имплементација и постигнување на посакуваните резултати и исходи. Освен ова, исто така, ги елаборира и анализира капацитетите на засегнатите страни кои се вклучени во подготовката на рамката на политиката, но и на оние кои подоцна ќе бидат вклучени во спроведувањето на Стратегијата.

*Табела 4: Резиме на СВОТ анализата*

| | |
|---|---|
| **Силни страни**<br>• Искуство во спроведување на документи за политики и научени лекции од спроведувањето на претходната Стратегија за МСП<br>• Добро воспоставена координација со други министерства и институции<br>• Зголемено ниво на свест кај различните засегнати страни за важноста на секторот на МСП<br>• Меѓународните партнери го препознаваат постоењето на новата Стратегија во нивните извештаи за проценка и анализа<br>• Развивање нови приоритети во согласност со потребите на МСП, како и други рамки на политики и приоритети на ЕУ, регионалните и националните политики. | **Слабости**<br>• Недостаток на институционални човечки ресурси и капацитети за спроведување на стратегијата<br>• Буџетските средства за 2025 година дефинирани во годишните програми на институциите не обезбедуваат соодветна финансиска рамка за спроведување на предвидените активности<br>• Недостаток на соодветна алатка за следење, оценување и известување на целокупната имплементација на Стратегијата<br>• Недостаток на ефикасни/брзи административни процедури за спроведување на законската рамка (законите)<br>• Недостаток на подобра координација меѓу донаторската заедница со цел да се избегне преклопување на нивната поддршка за секторот на МСП. |
| **Можности**<br>• Унапредување на соработката со донаторската заедница за поддршка на спроведувањето на акцискиот план<br>• Спроведувањето на предвидените активности не придонесува кон остварување на стратегиските цели и задачи<br>• Поголемо вмрежување со европски партнери и пристап до европските механизми за финансирање поврзани со конкурентноста на МСП (на пр. European Innovation Council, European | **Закани**<br>• Недостаток на неопходна финансиска поддршка за спроведување на предвидените активности и мерки<br>• Глобални кризи, шокови и ризици<br>• Целосна имплементација на системот за следење, оценување и известување<br>• Недоволна спремност за промени од аспект на недостоток на капацитети (број навработените) во институциите<br>• Промена на клучниот персонал во рамките на работната група и/или водечките институции |

| | |
|---|---|
| Institute for Technology and Innovation, HORIZON, и др.) | • Организациите за поддршка на деловното работење не го поддржуваат спроведувањето на Стратегијата со нивните целосни капацитети<br>• Промени во приоритетите кај донаторската заедница и меѓународните организации во однос на активностите зацртани во оваа стратегија и акциски план<br>• Недостаток на човечки капацитети за поддршка на МСП со финансиски и нефинансиски услуги, вклучувајќи премин кон дигитално работење и озеленување.<br>• Отсуство на образование за претприемништво и недостаток на претприемничка култура во земјата. |

СВОТ анализата обезбедува рамка на потенцијални фактори и претпоставки (надворешни и внатрешни) кои би можеле да влијаат на спроведувањето на Стратегијата и нејзиниот акциски план. Резултатите од спроведената СВОТ анализа, исто така, го помогнаа процесот на изготвување на оваа стратегија во идентификувањето на потенцијалните закани и тесни грла кои можат негативно да влијаат врз спроведувањето и да идентификуваат конкретни мерки за ублажување кои ќе го намалат негативното влијание врз спроведувањето, но и врз постигнувањето на поставените цели. СВОТ анализата треба редовно и континуирано да се повторува со цел да се анализираат промените во факторите и предизвиците кои би можеле да влијаат врз спроведувањето на Стратегијата.

Во однос на „Силните страни“, може да се сумира дека процесот на креирање политики е добро развиен и воспоставен во земјата. Институциите и другите засегнати страни долги години соработуваат во изготвувањето на различни политички рамки, како и во областа на развојот на МСП (од 2002 година кога беше усвоена првата стратегија за МСП во земјата). Исто така, поради вклученоста во многу проценки на референтни показатели во последните две децении и други процеси иницирани од ЕУ, кога станува збор за рамки на политиките за МСП, тие секогаш се подготвуваат со земање предвид на препораките дадени во овие проценки, но исто така се усогласуваат со приоритетите на ЕУ и националните приоритети, како и со потребите на секторот на МСП.

Кога се разгледуваат „слабостите“, главното прашање кое опстојува повеќе години е недостатокот на соодветни и стабилни финансиски средства од државниот буџет, но и од партнерските организации и донаторите за поддршка на спроведувањето на сите предвидени активности и мерки дефинирани во акциските планови. Покрај ова, недостасуваат човечки ресурси во рамките на институциите за да се преземе целосна одговорност за спроведувањето на политиките, но и да се следи и оценува спроведувањето на Стратегијата.

Во однос на „Можности“ постои простор за понатамошно унапредување на соработката со меѓународните партнерски организации и донаторската заедница, во однос на развојот на МСП и обезбедување поддршка во спроведувањето на активностите планирани со акцискиот план, преку поставување редовни полуформални состаноци на квартална основа, каде што ќе бидат ажурирани за потребата од поддршка во

спроведувањето. Координацијата на донаторите е особено потребна за секторот на МСП во областите на зелениот договор, циркуларна економија, учење на претприемништво, промоција на извозот, стартап компании, дигитализација и родова еднаквост. Оваа координација не се поклопува со официјалната формална координација што се случува на различно ниво во рамките на Владата, туку станува збор за полуформални собири со оваа заедница насочена само кон активности поврзани со стратегијата за МСП.

Покрај ова, треба да се спроведуваат редовни ревизии и активности за следење на имплементацијата на стратегијата (и индикаторите предвидени во акцискиот план) со цел да се види дали поставените мерки и приоритети придонесуваат кон пракса за остварување на поставените цели и визија на Стратегијата.

И за крај, делот „Закани“ ги идентификува сите потенцијални закани и ризици кои потенцијално можат негативно да влијаат врз спроведувањето на Стратегијата. Тие се однесуваат на внатрешни фактори како што се подготвеност и посветеност од засегнатите страни да учествуваат во спроведувањето, но исто така и на надворешни фактори како што се глобалната криза и други настани кои исто така можат да влијаат врз спроведувањето на стратегијата.

## 4.3. Проценка на претходната Стратегија за МСП и преглед на други меѓународни проценки

Подготовката на новата стратегија за МСП се базира на рамката на политики за МСП на ЕУ која ги дефинира клучните приоритети на ЕУ во однос на МСП, од една страна, и приоритетите и целите дефинирани во националните политики од друга страна. Покрај тоа, во предвид се земени тековните потреби на МСП, примарната целна група на стратегијата, како и потребите на други чинители. За да се создаде сеопфатен и објективен документ на политики и да се избегне повторување на грешките и предизвиците од минатото, вклучени се и научените лекции и искуствата од спроведувањето на претходната стратегија за МСП.

Во рамките на овој проект, како една од подготвителните активности кои беа имплементирани пред започнувањето на развојот на новата стратегија за МСП, беше реализирана проценка на спроведувањето и постигнатите резултати од претходната стратегија за МСП. Оваа проценка вклучува референтен преглед на активностите и мерките спроведени од страна на националните институции и другите организации за поддршка на МСП за време на важноста на претходната стратегија во однос на поставените индикатори, резултати и цели. Оваа задача, исто така, вклучува преглед на годишните акциски планови и активностите дефинирани во рамките на тие планови, како и активностите спроведени по 2020 година, во отсуство на нов акциски план кој ја опфаќа втората половина од времетраењето на Стратегијата од 2021 до 2023 година.

Покрај тоа, оваа проценка дава преглед на капацитетите на главните институции за спроведување на таквите политики во пракса. Прегледот вклучува споредба на постојната институционална поставеност во споредба со предвидената инфраструктура

за поддршка на МСП која постоела во 2018 година, кога Стратегијата била усвоена. Во текот на овој период, неколку иницијативи биле прекинати, и воведени се нови поставки.

Понатаму, проценката ја објаснува донаторската поддршка и како истата била координирана кога станува збор за поддршка на МСП, како и алатки за следење и оценување и механизми за известување со цел да се обезбеди преглед на спроведувањето на Стратегијата.

Врз основа на спроведената проценка, беа изведени следниве заклучоци кои се земени во предвид при подготовката на Стратегијата за МСП за периодот 2025-2030:

- **Подготовка на реалистичен акциски план кој придонесува за постигнување на стратешките цели.** Стратегијата за МСП треба да биде придружена со акциски план кој треба да обезбеди листа на активности и мерки, а чие спроведување ќе придонесе за постигнување на очекуваните резултати и цели. Доколку не постои акциски план, институциите спроведуваат низа активности и мерки кои многу често не се во согласност со стратешките приоритети и многу е тешко да се оцени нивниот придонес кон постигнувањето на целите. Исто така, активностите и мерките дефинирани во акциските планови се основа за подобрување на соработката со меѓународните и билатералните организации за поддршка, но и ја поставуваат рамката за понатамошна поддршка.
- **Подобрена донаторска координација и соработка.** Покрај акциските планови, координацијата на донаторите треба да биде формализирана на попрактичен и инклузивен начин. Ова значи дека претставниците на овие организации треба редовно да бидат поканети на дискусии за тековната поддршка, како и да ги истражат можностите за нивно вклучување во други иницијативи и проекти кои ќе придонесат кон постигнување на стратешките цели. Ова, исто така, ќе обезбеди комплементарност на иницијативите, а не репликација.
- **Систем за функционално следење, оценување и известување (СОИ).** Поставувањето на функционален СОИ систем е од клучно значење кога станува збор за следење на постигнатиот напредок и постигнатите клучни фази, како и оценување на целокупното спроведување на Стратегијата. Поради недостаток на ресурси, таквиот СОИ систем недостасуваше за време на спроведувањето на претходната Стратегија. Поради ова, целокупната проценка и оценување на стратегијата беше направена врз основа на нивото на спроведување на годишните програми на МЕТ, АПП и ФИТР, што не обезбедува сеопфатен преглед на целокупното спроведување. Дополнително, системот за следење треба да вклучува и преглед, не само на активности и мерки спроведени од страна на државните институции, туку и активности спроведени од други страни што го поддржуваат и придонесуваат за понатамошно подобрување на секторот на МСП.
- **Достапност и доследност на податоците**. Достапноста и доследноста на податоците се исто така многу важни кога станува збор за оценување на резултатите и верификација на индикаторите. Со цел да се потврди дека некои од клучните фазисе постигнати и индикаторите се исполнети, потребни се податоци што може да се потврдат (верификуваат). Сепак, не сите препораки во однос на податоците се спроведени (на пр. достапни се многу ограничени податоци за жени претприемачи). Според тоа, може да се направат дополнителни напори и

активности во координација со другите чинители, со цел да се подобри содржината на податоците кои се чуваат и да се подобри собирањето на податоци и механизмите за достапност на податоците.

- **Зголемување на бројот на активности поврзани со подигање на свеста за претприемништво и други претприемачки концепти.** Потребно е дополнително да се подобрат и зајакнат активностите за промоција на претприемништво, млади претприемачи, активности што истакнуваат добри примери, што промовираат вмрежување и соработка меѓу чинителите на различни нивоа. Исто така, ова може да вклучува промовирање на претприемништвото во формалното образование и посистематско вклучување на претприемничката едукација во средното и високото образование, како и во техничкото и стручното образование и обука (СОО).
- **Спроведување на редовни проценки на потребите на претприемачите.** Систематските и редовни проценки поврзани со потребите на претприемачите се многу важни за нивното понатамошно подобрување и развој. Сепак, со цел да се постигне ефикасно извршување на активностите и програмите кои се прилагодени за надминување на овие потреби, треба да се спроведуваат редовни проценки. Ова се однесува и на ефикасното користење на буџетските ресурси, бидејќи тие ќе бидат насочени кон задоволување на актуелните потреби на претпријатијата. Од проценката за претходниот период, може да се заклучи дека таквите активности не се спроведуваат редовно и најчесто се спроведуваат ад хок, финансирани од страна на меѓународни организации или различни проекти финансирани од донатори, и имаат секторски пристап или се спроведуваат во согласност со потребите на проектите.
- **Поддршка во испорачувањето на специјално прилагодени програми за градење на капацитети кои придонесуваат за „подготвеност“ на претпријатијата.** Недостасува испорака на специфични прилагодени програми, особено во секторите поврзани со индустријата. Една од причините е тоа што има ограничен број на консултанти кои можат да ги испорачаат овие специфични обуки, но исто така и недоволно развиената свест на компаниите за потребата од такви обуки. Во иднина, иницијативите за обука на обучувачи треба да се зголемат, со цел да се опремат консултантите со соодветни вештини што ќе се совпаднат со специфичните потреби на претпријатијата. Исто така, на овој начин може да се подигне свеста меѓу претприемачите во врска со важноста и придобивките од испорачувањето на такви програми за обука во однос на тоа колку успешно нивните претпријатија ја зголемиле својата продуктивност, конкурентност и профитабилност.
- **Пристап до финансии и финансиска писменост.** Една од областите што беше исто така нотирана од страна на целните групи при проценката на претходната Стратегија за МСП, беше ограничениот пристап до финансирање за МСП, недостаток на флексибилност на финансиските услуги понудени од страна на банките и другите финансиски институции, сè уште неразвиен пазар за алтернативни финансиски ресурси поради недостаток на инфраструктурна поддршка и недостаток на производи прилагодени на потребите на МСП, итн. Од друга страна, внатрешното знаење и финансиската писменост во рамки на претпријатијата сè уште не се на задоволително ниво. Затоа, новата стратегија за

МСП треба да се фокусира на понатамошно развивање на финансиските пазари со цел да се одговори на тековните потреби на МСП од една страна, но исто така и да се зголемат знаењето и капацитетите во рамките на претпријатијата во однос на финансиското управување и финансиската писменост во целина преку организирање на различни обуки и работилници каде претприемачите и нивните вработени ќе се запознаат со новите финансиски производи, нивната употреба, кога да се побара финансиска поддршка и како најдобро да се искористи.

*Други меѓународни оцени за земјата*

**Извештај на Европската комисија за Северна Македонија за 2024 година** [52]

Последниот извештај за напредок објавен од страна на Европската комисија наведува дека земјата има постигнато помеѓу умерено и добро ниво на подготвеност во областа на претпријатијата и индустриската политика. Исто така, се посочува дека е постигнат одреден напредок. Беа донесени План за консолидирање на институционалните структури и мандати на јавните органи и Стратегија за промоција на извозот, а беа воведени и сет мерки за спроведување на Стратегијата за формализирање на неформалната економија. Препораките на Комисијата од минатата година беа спроведени до одредена мера.  Во наредната година РСМ особено треба:

- да го спроведе Планот за консолидација на институционалната структура и мандатите на јавните органи;
- да ја донесе Стратегијата за развој на МСП и да ја зајакне подготвеноста за извоз и интеграцијата на претпријатијата во синџирите на снабдување преку засилување на напорите за спроведување на стратегијата за промоција на извозот;
- да го подобри процесот на консултации со претпријатијата при подготовката на мерките и нивно информирање со доволно време за спроведување на условите.

**Европска иновациска матрица (European Innovation Scoreboard)**[53]

Извештај за иновациската таблица на ЕК (кој се објавува секоја година од 2001 година), дава компаративна оценка на ефикасноста на истражувањето и иновациите во земјите членки на ЕУ, соседните европски земји и избрани трети земји (глобални конкуренти). Известајот за 2024 претставува четврто издание кое ја применува сегашната рамка, воведена во 2021 година, која се состои од 32 индикатори. Извештајот користи ажурирани податоци за периодот 2017-2024 за сите земји-членки на ЕУ и 12 соседни европски земји. Повеќето земји-членки на ЕУ ги зголемија своите иновациски перформанси од 2017 година. Данска, Шведска, Финска и Холандија се лидери во иновациите, со иновациски перформанси далеку над просекот на ЕУ (над 125% од просекот на ЕУ). Според оваа референтна оцена, РСМ е иноватор во развој со учинок од 45,1% во споредба со просекот на ЕУ во 2024 година, и е рангирана на 34-то место.

---

[52] https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/document/download/5f0c9185-ce46-46fc-bf44-82318ab47e88_en?filename=North%20Macedonia%20Report%202024.pdf
[53] https://research-and-innovation.ec.europa.eu/statistics/performance-indicators/european-innovation-scoreboard_en

**Индекс на политики за МСП: Западен Балкан и Турција 2022**[54]

Врз основа на принципите на АМБ беше развиена специфична методологија наречена Индекс на политики за МСП, која го оценува спроведувањето на АМБ. РСМ учествува во процесот од почетокот. Извештајот за состојбите кој се изработува согласно дефинираната методолошка рамка е важна алатка која им помага на креаторите на политики да дефинираат и спроведуваат политики за поддршка на МСП и да ја зголемат нивната конкурентност врз основа на добри практики. Истиот обезбедува сеопфатен преглед на статусот на спроведување на принципите на АМБ имплементирани во секоја земја и во споредба со просекот на ЗБ.

Извештајот за 2022 година открива дека земјите од ЗБ и Турција ги подобриле своите резултати во 11 од 12 области на политики, сигнализирајќи ја нивната континуирана посветеност на создавање на погодна деловна средина за малите и средните претпријатија.

РСМ постигна напредок во спроведувањето на АМБ во споредна со претходниот период кога се изработуваше овој извештај во 2019 година. РСМ ги постигна највисоките просечни резултати во следниве области: услуги за поддршка на МСП; јавни набавки; пристап до финансии; иновациски политики; и интернационализација на МСП. Иако РСМ е над регионалниот просек во однос на пристапот до финансии, иновациските политики и интернационализацијата, државата, сепак, треба да ги засили своите напори во претприемничката едукација, женското претприемништво и развојот на претприемнички вештини.

За следниот период, препораките ги нагласуваат потребите за следниве интервенции:

- Потребни се напори за да се зголеми претприемништвото како клучна компетентност во сите нивоа на образование;
- Постои голема потреба да се следи и оцени напредокот, ефикасноста и влијанието на преземените дејства за поддршка на женското претприемништво;
- Институционалната и регулаторната рамка за креирање на политиките за МСП има простор за подобрување;
- Потребна е редовна и систематска анализа на потребите за обуки на МСП;
- Подобрување на обезбедување на информации и услуги за поддршка за МСП кои бараат сертификација според националните, европските или меѓународните стандарди;
- Недостатокот на системско ниво на интелигенција за вештини останува значителен предизвик;
- Соработката помеѓу бизнис секторот и академскиот сектор треба да се промовира со систематски и насочен пристап.

**Глобален индекс на иновации за 2024 година**[55]

[54]https://www.oecd.org/en/publications/sme-policy-index-western-balkans-and-turkey-2022_b47d15f0-en.html
[55] https://www.wipo.int/web-publications/global-innovation-index-2024/assets/67729/2000%20Global%20Innovation%20Index%202024_WEB3lite.pdf

Глобалниот индекс на иновации на Светската организација за интелектуална сопственост за 2024 година ја анализира делотворноста во иновацискиот екосистем на 133 економии и ги следи најновите глобални трендови за иновации. Покрај тоа, извештајот се обидува да ја истакне моменталната состојба на глобалните иновации, без разлика дали иновациите се забрзуваат или забавуваат, и како иновациите се справуваат со повисоките каматни стапки и геополитичките конфликти. Глобалниот инструмент за следење на иновациите (Global Innovation Tracker) 2024 ги разгледува овие клучни прашања. Ја мери состојбата на иновациите во четири клучни фази во иновацискиот циклус: (1) наука и иновациски инвестиции; (2) технолошки напредок; (3) усвојување на технологија; и (4) социоекономското влијание на иновациите.

РСМ е рангирана на 58-то место на глобално ниво, со заклучок дека иновациските перформанси се во согласност со нивото на севкупниот развој на земјата. Врз основа на специфични индикатори на Глобалниот индекс на иновации, РСМ е рангирана на следниве места: институции 75, човечки капитал и истражување 77, инфраструктура 43, софистицираност на пазарот 69, бизнис софистицираност 52, знаење и технологија 53 и креативни резултати на 72 место.

**Анализа на конкурентноста на Западен Балкан 2024: Северна Македонија:**[56]

*Изгледи за конкурентност на ЗБ* за 2024 година е четвртото издание на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) кое нуди длабока проценка во 15 политички области клучни за зајакнување на економската конкурентност во ЗБ.

Извештајот нагласува дека РСМ има постигнато нерамномерен напредок од 2021 година, со напредок во 7 од 15 димензии на политики, уназадување во 5 и стагнација во 3. Економијата е една од лидерите во регионот, со највисок резултат во трговската, даночната и енергетската политика. Но, спротивно на тоа, земјата има едни од најслабите резултати во областа на туризмот, дигиталното општество и транспортната политика.

Главните достигнувања кои доведоа до зголемување на успешноста се следниве:

- Поедноставните и дигитализирани процедури ја олеснија трговијата;
- Развивањето на алтернативни извори на финансирање им понуди на бизнисите поголем избор за пристап до финансии;
- Зголеменото усогласување со ЕУ и меѓународните стандарди ја зајакна конкурентноста на земјоделскиот сектор;
- Подобреното управување со туризмот ја зајакна соработката и процесот на собирање податоци;
- Новите развојни политики и зголемените финансиски вложувања создадоа подобри услови за науката, технологијата и иновациите (НТИ).

Препораките за понатамошни подобрувања на конкурентноста на економијата на РСМ се следниве:

- Зајакнување на управувањето на претпријатијата во државна сопственост за подобрување на ефикасноста и успешноста;

[56] https://www.oecd.org/content/dam/oecd/en/publications/reports/2024/06/western-balkans-competitiveness-outlook-2024-north-macedonia_4dc5c34c/8207326d-en.pdf

- Зајакнување на планирањето и управувањето со транспортната инфраструктура;
- Забрзување на напорите за дигитализација за подобрување на конкурентноста на економијата;
- Подобрување на инвестициите во образовниот сектор за зголемен развој на вештини;
- Интензивирање на напорите за зајакнување на политиките за животна средина со цел подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и продуктивноста на работната сила.

**B-ready 2024 – Извештај за РСМ (Светска банка)**[57]

Подготвеност за бизнис (Business Ready, B-READY) е нов корпоративен извештај на Светската банка кој ја оценува бизнис и инвестициската клима во светот. Иницијативата B-Ready е дел од пошироките напори на Светската банка да ги води политичките реформи и да промовира порамноправна и одржлива глобална деловна средина. Оваа иницијатива го заменува и подобрува проектот Doing Business.

За 2024 година, РСМ постигна највисоки резултати во областа на започнување бизнис, комунални услуги и финансиски услуги. Во овие области, економијата нуди уникатна идентификација на бизнисите, транспарентни информации за електричната енергија (барања за поврзување на мрежата, тарифни планови, механизми за приговори), и подобрени и поедноставени процеси за проверка на клиентите врз основа на ризикот од страна на клиентот (Customer Due Diligence). Од друга страна, РСМ има најниски оцени во оданочување, деловна локација и деловна несолвентност. Во овие области, државата не ги спроведува клучните добри практики за јасност на даночните регулативи, недостасува електронски систем за поднесување на барања за градежни дозволи, и не се обезбедуваат дигитални услуги за постапки за ликвидација и реорганизација.

**Глобално истражување за претприемништво (ГЕМ) (Global Entrepreneurship Monitor) (последни податоци од 2019 година)**[58]

ГЕМ е светска истражувачка иницијатива која има за цел да ги разбере и анализира претприемачките дејности, мотивации и екосистеми во различни земји. ГЕМ претставува едно од најголемите и најсеопфатните истражувања за претприемништвото во светот, и за првпат е спроведено во 1999 година. Во РСМ, ГЕМ анализата за последен пат била спроведена во 2019 година. Резултатите од анализата се дадени на сликата долу.

[57] https://www.worldbank.org/en/businessready/economy/north-macedonia
[58] https://gemconsortium.org/economy-profiles/macedonia

# Услови во претприемачката рамка

## Последни податоци од 2019 година

Експертски оцени: 1= многу несоодветни 5 = многу соодветни




*Слика 12. Главни резултати од ГЕМ анализата спроведена во 2019 година*

# 5. Стратешка рамка

## 5.1. Визија и мисија на Стратегијата за МСП 2025-2030

**ВИЗИЈА**

Просперитетен деловен екосистем во кој МСП се двигатели на конкурентноста и иновативноста, лидери на патот за постигнување на целосна зелена и дигитална трансформација.

**МИСИЈА**

МСП се камен-темелник на нашата економија. Затоа, мисијата на Стратегијата е да ги зајакне МСП преку изградба на инклузивен претприемачки екосистем што обезбедува рамноправен пристап до ресурси, знаење, технологија, бизнис услуги и стратешки партнерства. Целта е да се зголеми нивната конкурентност преку развој на човечки капацитети, олеснување на административните процедури, поттикнување на продуктивноста преку дигитална трансформација и оперативна извонредност и промовирање одржливоста преку интеграција на одговорни практики во стратегиите за бизнис и раст, како и овозможување на МСП да напредуваат и да станат катализатори за економскит напредок и социјалната благосостојба во државата.

## 5.2. Приоритетни области на Стратегијата за МСП 2025-2030

Визијата на Стратегијата за МСП 2025-2030 ја истакнува важноста на поволен екосистем што им овозможува на МСП да станат флексибилни и подготвени за иднината и да напредуваат додека го усогласуваат економскиот напредок со одржливи и одговорни практики.

Стратегијата е целосно во согласност со клучните препораки на ЕУ за зајакнување на секторот на МСП, како што се: (1) дигитална и зелена транзиција; (2) намалување на регулаторниот товар; (3) пристап до финансии; (4) зајакнување на конкурентноста; и (5) градење на капацитети за развој на иновации во рамките на МСП.

Стратегијата се состои од 3 (три) главни приоритети (столбови):

**Приоритет #1: Конкурентен национален претприемачки екосистем**

Стабилниот претприемачки екосистем ги поттикнува иновациите, соработката и конкурентноста преку обезбедување пристап на МСП до ресурси, менторство и пазарни можности. Политиките насочени кон зголемување на едноставноста на водење бизнис, рационализирана регулатива и развој на инфраструктурата, се од клучно значење за создавање на опкружување во кое МСП можат да напредуваат на национално и меѓународно ниво.

**Приоритет #2: Пристап до финансии**

Обезбедувањето на различни и флексибилни опции за финансирање им овозможува на МСП да инвестираат во модернизација и раст, да ја зголемат продуктивноста и да создадат иновации преку нови производи и услуги. Поедноставувањето на пристапот до капитал и подобрувањето на финансиската писменост е клуч за решавање на недостатоците во финансирањето кои често го ограничуваат развојот на МСП и нивниот раст.

**Приоритет #3: Зелена и дигитална транзиција**

Поддршката на МСП во нивната транзиција кон одржливи и дигитални практики ја зајакнува флексибилноста и се усогласува со глобалните економски трендови. Прилагодените стимулации и понудените обуки ќе им овозможат на МСП да усвојат енергетски ефикасни технологии, да го намалат својот јаглероден отпечаток и да ги искористат дигиталните алатки за зголемување на конкурентноста, подобрување на продуктивноста и пристапот на пазарот.

## Приоритет #1: Конкурентен национален претприемачки екосистем

**<u>Стратешка цел 1:</u>**

***Да се создаде отпорно, иновативно и инклузивно деловно окружување (претприемачки екосистем) во коешто се поттикнуваат развојот на иновации и конкурентноста на МСП.***

Со спроведување на стратегијата, ќе се создаде инклузивно деловно опкружување кое ќе обезбеди рамноправен пристап до ресурси и можности за различни МСП, вклучувајќи ги оние предводени од жени, млади и недоволно застапени (маргинализирани) групи. Приоритет е отстранување на бариерите поврзани со административните процедури за основање на компании и добивање лиценци, интернационализацијата, образованието или финансиски ограничувања, поттикнувајќи сеопфатно економско учество и социјална еднаквост.

Оваа стратешка цел се фокусира на создавање на рамка за поддршка што ќе им овозможи на МСП да напредуваат во конкурентната и динамична глобална економија. Ова значи подготвување на МСП да издржат надворешни шокови како што се економска криза, прекини во синџирот на снабдување или технолошки промени. Политиките треба да обезбедат финансиска стабилност, да го подобрат управувањето со ризикот и да обезбедат механизми за поддршка при кризи. Отпорниот претприемачки екосистем го зачувува континуитетот на работењето на МСП и го минимизира влијанието на непредвидени предизвици.

Покрај тоа, со обезбедување пристап до објекти за истражување и развој, центри за иновации и стимулации за усвојување на нови технологии, екосистемот им овозможува на МСП да развијат уникатни производи, услуги и процеси кои ја подобруваат нивната позиција на пазарот и конкурентност.

Со зголемување на продуктивноста и намалување на трошоците преку поедноставено законодавство, пристап до пазарите и програми за развој на вештини, екосистемот има за цел да ги направи МСП конкурентни во земјата и на меѓународно ниво. Конкурентноста е дополнително поддржана од поттикнување на соработката помеѓу бизнисите, академските институции и креаторите на политики за усогласување на стратегиите со најдобрите глобални практики.

Во рамките на овој стратешки приоритет се дефинирани три посебни цели:

**Посебна цел 1:** Подобрување на капацитетите на националниот екосистем за поддршка на МСП преку препознавање на потребите за нивен раст и развој со цел оптимизација на поддршката за МСП (иновациска инфраструктура и трансфер на технологии и знаење)

**Посебна цел 2:** Поедноставување на правната и регулаторна рамка за МСП и зајакнување на соработката со државните институции (регистрација, даноци, добивање лиценци, и сл.)

**Посебна цел 3:** Поголема промоција на претприемништвото, претприемачкото учење, извозните активности, стандардизацијата и добрите инновативнииновативни практики, како на национално, така и на регионално ниво.

Овие посебни цели подолу детално се расчлениети на специфични области на делување:

### 1.1 Специфична област на делување: Оценување на успешноста на МСП

*1.1.1 Мерка: Учество во клучни меѓународни споредбени истражувања*

Оценувањето на претприемачкиот екосистем на Северна Македонија преку глобални рангирања и индикатори, кои што се директно вклучени во акцискиот план од оваа стратегија, како што се Индекс на политики за МСП, Европска иновациска матрица, ГЕМ, Competitiveness Outlook за Западен Балкан, и Глобално рангирање во однос на конкурентноста, но и други рангирања кои се спроведуваат, а во кои учествува и нашата земја, како the World Bank's Business Ready, Глобалниот индекс на знаење, Global Start-up Ecosystem Ranking (Start-up Genome, Start-up Blink), итн. Сите овие рангирања нудат критички увид во моменталната позиција на земјата и областите каде е потребно соодветно подобрување. Овие проценки обезбедуваат референтни точки во однос на меѓународните стандарди, помагајќи им на креаторите на политики да ги идентификуваат предностите, слабите страни и можностите во рамките на екосистемот, и притоа ги дефинираат најдобрите практики кои можат да се користат за подобрување на развојот на политиката за МСП. Во рамките на оваа мерка се предвидува внимателно следење на ранкингот на нашата земја во клучните меѓународни споредбени истражувања, како и вклучување на нашата земја во истражувањата во кои не учествуваме. Согласно добиените резултати, ќе се предгладаат соодветни активности во секој нареден акциски план во насока на подобување на областите во кои имаме заостанување, и напредување на нашата земја на ранг листите на овие системи за оценка на окружувањето за водење бизнис, развој на иновации и поддршка за МСП.

*1.1.2 Мерка: Подобрување на процесот на собирање специфични информации за МСП*

Подобрувањето на собирањето на специфични и расчленети податоци за МСП е од клучно значење за донесување ефикасни и ефективни одлуки и политики. Овие податоци им овозможуваат на креаторите на политики да се осврнат на специфичните предизвици со кои се соочуваат МСП, истовремено поддржувајќи го нивниот раст и иновација. Покрај другите информации, треба да се собираат специфични податоци за специфични сектори и индустрии, специфични видови на претпријатија, за различни региони во земјата, податоци расчленети по пол, коефициент на сопствен капитал, профитабилност по сектор, ниво на инвестиции и вработеност, нивното влијание врз БДП, итн. Во текот на спроведување на стратегијата, ќе се направи усголасување со регулативата во ЕУ за собирање на податоци на МСП како и усогласусање со практиките на Евростат[59], што ќе придонесе за подобри резултати прво во прибрањето на податоците и следствено на тоа и при учеството во овие ЕУ и меѓународни механизми

[59] Анкетата за иновации во заедницата е еден од можните пристапи за собирање на вистински податоци за подобри процеси на креирање политики. Достапно на: https://ec.europa.eu/eurostat/web/microdata/community-innovation-survey

за проценка на споредбени показатели. Исто така, податоците собрани од страна на Анкетата на претпријатијата на Светската банка[60] (која собира податоци на ниво на фирма за да ги идентификува главните предизвици со кои се соочуваат МСП,) може да се користат во овој контекст со цел да се поддржи процесот на креирање на политики. Во акцискиот план е предвидена и измена на законски и подзаконски акти (согласно препораките за воведување на новите индикатори) и дефинирање на формална структура која треба да биде задолжена за собирање и размена на информации помеѓу институциите.

### 1.2 Специфична област на делување: Проценка на потребите на МСП

*1.2.1 Мерка: Спроведување на специфични проценки за потребите од обуки кај МСП, вклучувајќи skills intelligence*

Спроведувањето на специфични проценки на МСПза нивните потреби од обуки, недостаток на кадар, како и потреби за преквалификации и доквалификации е од исклучително значење за нивен понатамошен развој и поголема конкурентност. Со спроведување на овие проценки, носителите на политики ќе располагаат со актуелни информации за потребите на МСП, врз основа на кои ќе се креираат политики базирани на податоци собрани директно од целните групи. Ова ќе придонесе за изготвување на прилагодени програми и мерки и создавање поповолна средина за претприемништво, преку спроведување активности за зајакнување на внатрешните капацитети на претпријатијата, подобрување на нивната оперативна ефикасност, како и зголемување на продуктивноста и конкурентноста на МСП. Покрај разгледувањето на други потреби, посебен акцент треба да се стави на проценката за потреби од обука и анализа на недостатокот на вештини, како едни од главните индикатори врз основа на кои треба да се обезбеди идната поддршка за зајакнување на внатрешните капацитети. Исто така, треба да се земат предвид истражувањата спроведени од други организации при спроведувањето на овие проценки (т.е. спроведени од различни институции како што се економските стопански комори, AHK, AmCham, NL-MK chambers of commerce, итн.). Притоа, предвидено е нашата држава да спроведе анализа за потреби од вештини во МСП согласно методологијата за skills intelligence развиена од страна на CEDEFOP[61] и која се користи за земјите на Европската Унија.

### 1.3 Специфична област на делување: Ефикасна и ефективна поддршка на МСП и подобрување на иновациската инфраструктура

*1.3.1 Мерка: Унапредување на постојната национална и регионална инфраструктура и услуги за поддршка и развој на иновации за МСП*

Со цел да се обезбеди потребната поддршка за МСП на локално ниво, треба да постои функционална регионална мрежа составена од организации за поддршка на претпријатијата и друг вид на локална структура која ќе биде способна да одговори на различните потреби и барања на МСП. Овие организации треба да бидат партнери на

[60] https://www.enterprisesurveys.org/en/data/exploreeconomies/2023/north-macedonia
[61] https://www.cedefop.europa.eu/en

министерствата и Владата, како и на општините, во спроведувањето на локалните и националните приоритети. Добрата практика на функционална соработка помеѓу ИНОВА и мрежата на регионални организации за поддршка на претпријатијата треба дополнително да се зајакне во однос на активностите поврзани со систем на ваучери за советодавни услуги, стандардизирани менторски услуги, имплементација на проекти како што се самовработување и други, што обезбедува поддршка за МСП во различни фази од нивниот развој.

Во овој контекст, капацитетите на персоналот во рамките на овие регионални центри и канцеларии треба континуирано да се надградуваат за да можат да одговорат на потребите на МСП, како и во спроведувањето на предвидените активности во рамките на усвоените политики. Овие организации, исто така, треба да играат голема улога во промовирањето на различни национални програми и да бидат главен двигател на собирањето податоци на национално и локално ниво. Конкретните програми за зајакнување на нивните внатрешни капацитети треба да бидат поддржани и од државниот буџет, но и од локалните засегнати страни (општини, плански региони, локални големи компании и сл.). Зајакнувањето на претприемничката и иновативната инфраструктура не само што го зголемува потенцијалот за раст на МСП, туку исто така придонесува за поширок економски развој преку поттикнување на култура на креативност, конкурентност и отпорност во деловните екосистеми. Во рамки на оваа мерка е предвидено и воспоставување на систем за следење, оценување и известување преку кој ќе се мери влијанието врз перформансите на МСП од услугите за деловна поддршка  кои ги користеле МСП.

*1.3.2 Мерка:  Поддршка при воспоставување на нова инфраструктура за поддршка на МСП*

На РСМ и треба подобрена физичка инфраструктура како технолошки паркови акцелератори, старт-ап центри, технолошки паркови, но исто така и платформи кои ќе ги поддржат повеќето иновативни компании и универзитетски спин-оф компании (врз основа на активности за истражување и развој) во нивниот развој (на пр. иновациски квартови како во Копенхаген[62]). Дополнителни инвестиции во оваа инфраструктура ќе придонесат за подобра поддршка на стартап компании, промоција на иновации, унапредување на трансферот на технологии, создавање на соработнички мрежи со други организации од ЕУ и слично. Оваа инфраструктура, исто така, ја промовира и зајакнува соработката меѓу различните страни во опкружувањето на четирикратниот хеликс. При поставувањето на овие модели, треба да се користи искуството на најдобри практики од другите земји на ЕУ.

Покрај тоа, РСМ треба да работи на воспоставување на нови индустриски паркови (како пример. Марибор ТЕЗНО зона[63]), бизнис центри (т.е. Прага „Паркот“[64]) или заеднички универзитетски/индустриски/комерцијални зони (т.е. Научно-технолошки парк Пилсен[65]), итн., и финансиски одржливи центри за трансфер на технологии кои ќе обезбедат пристап до знаење и технологија за малите и средни претпријатија и ќе станат

[62] https://innovationdistrictcopenhagen.dk/
[63] Деловни зони | Инвестирајте во Марибор
[64] https://thepark.cz/en/location
[65] https://vtpplzen.cz/en/

секторски базирани „места на кои прво се обраќаат ММСП" за технолошки решенија, вклучувајќи ги и дигиталните решенија за фирмите.

Со цел понатамошно унапредување на овој тип на инфраструктура и мрежа, објектите кои се во сопственост на централната власт или општините кои не се во функција, може да се пренаменат во објекти кои можат да обезбедат поддршка за старт-ап и други претпријатија со нивно прилагодување и вклучување во инфраструктурата за поддршка на претпријатијата.

За активностите во рамки на оваа мерка постојат голем број на механизми кои може да се искористат од Европските фондови и донаторските проекти.

*1.3.3 Мерка: Промовирање на нови модели за бизнис кластери*

Современите трендови во кои денес функционираат бизнисите, ставаат акцент на стратешка специјализација, интегрирање на нови, радикални технологии, како и задолжително вклучување на МСП во иновациските екосистеми. Затоа е потребен нов пристап кон формирањето на напредни деловни модели за успешно функционирање на кластерите. Овие нови пристапи и трендови кои влијаат врз формирањето на кластерите вклучуваат создавање на дигитални кластери и виртуелни иновациски екосистеми. Овој пристап е сосема различен во однос на традиционалните географски или секторски концентрирани кластери. Во новите пристапи фокусот на кластерското здружување е на одржливост и зелена транзиција, длабинска специјализација и микро-специјализација, екосистеми на соработка и делење на ресурсите, итн. Врз основа на овие модели, треба да се појави нова основа на деловна соработка и формирање кластери што ќе додаде дополнителна вредност за сите бизниси кои ќе се приклучат кон овие нови платформи за соработка.

Искуството од Шведска (пр. Научниот парк Борес[66]) покажува дека добри резултати може да се добијат ако училиштата за стручно образование и обука (СОО), универзитетите, институциите за образование на возрасни, истражувачките капацитети, услужните субјекти за компаниите и комерцијалните структури се физички лоцирани заедно. Интернетот овозможува формирање на меѓународни дигитални кластери, но физичките производи и комуникацијата во живо и интеракцијата помеѓу човекот и производот сè уште се неопходни, барем во однос на физичките продукти.

## 1.4 Специфична област на делување: Подобрено информирање на МСП

*1.4.1 Мерка: Изработка / надградба на постоечка информативна платформа на која ќе се објавуваат информации за МСП од повеќе области (информативен портал)*

Националниот портал за деловна поддршка треба да служи како едношалтерска платформа за олеснување на растот на бизнисот, усогласеност со регулативите и пристапот до можности за финансирање, образование и вмрежување. Со нудење на широк спектар на информации, порталот може да стане клучно средство за претприемачите и малите бизниси. Во овој контекст, овој портал треба да обезбеди различни видови информации во однос на пристапот до финансии и различни

[66] https://scienceparkboras.se/

меѓународни и домашни механизми за финансирање на МСП, дозволи, лиценци, информации за извоз, објаснување на различни процедури што ги бараат различни државни институции, главна правна рамка поврзана со МСП, информации за нетарифни мерки, информации за организации за поддршка на бизнисот и поддршка/услуги што ги нудат, како и други релевантни информации што се корисни за МСП[67].

Покрај ова, при дизајнирањето на ваков портал, потребно е да се обезбеди достапност до информации поврзани со извоз за оние претпријатија кои би сакале да ги интернационализираат своите активности, како што се информации за различни тарифни и нетарифни мерки (т.е. база на податоци - TRAINS[68]) информации за квоти, достапни мерки за поддршка на извозот, шеми за кредитна гаранција и други релевантни информации. Оваа мерка е во согласност со препораките од последното оценување кое се спроведе во рамките на АМБ (2022) во делот на усогласување на техничката регулатива со прописите на ЕУ, и доставување на навремени информации до компаниите кои се насочени кон извозни активности, особено во земјите на ЕУ.

## 1.5 Специфична област на делување: Поедноставување на правната и регулаторната средина и усвојување на нова дефиниција за МСП

### *1.5.1 Мерка: Зголемување на употребата на проценка на влијанието на регулативата (ПВР) преку унапредена правна рамка за ПВР и пилотирање на „Тестот за МСП“*

Проценките на влијанието на регулативата промовираат поефективно, поефикасно и транспарентно управување, корисни и за институциите и за бизнисите, осигурувајќи дека законите се добро изработени, одржливи и усогласени со пошироките цели на политиката. Оваа практика промовира транспарентност и отчетност во спроведувањето на политиките, помагајќи да се прецизираат законите за подобра поддршка на МСП. Засилената употреба на ПВР се однесува на понапреден и сеопфатен пристап за оценување на потенцијалните влијанија на предложените закони и обезбедува континуирана проценка на ефикасноста и влијанието на политиките. Ова вклучува спроведување на сеопфатна и систематска анализа, зголемен ангажман на засегнатите страни, вклучување на алтернативи, како и следење и оценување, и транспарентност и отчетност.

Ова, исто така, го вклучува „тестот за МСП“, што ги анализира ефектите од претстојните законски предлози за МСП, користејќи го искуството од ЕУ[69]. Тестот за МСП ги проценува трошоците и придобивките од опциите за политики за МСП, го промовира принципот „Прво мисли на малите“ и придонесува за подобрување на деловното опкружување. Со истиот се идентификуваат ефектите кои би можеле да ги почувствуваат МСП од новата регулаторна рамка, се организираат консултации со МСП, се проценуваат влијанијата врз МСП (анализа на трошоците и придобивките) и се истражуваат можностите за усвојување политики што ќе ги намалат негативните ефекти врз МСП или, доколку е потребно, мерки за ублажување на истите. Во рамките на

[67] Веќе имаше вакви иницијативи и слични портали како што се www.konkurentnost.mk и www.biznisregulativa.mk кои беа поддржани од донатори, но проблемот е одржливоста на порталот по завршувањето на финансирањето на проектот.
[68] https://trainsonline.unctad.org/home
[69] https://single-market-economy.ec.europa.eu/smes/sme-strategy-and-sme-friendly-business-conditions/sme-test_en

акцискиот план е предвидено Министерството за јавна администрација во соработка со МЕТ да изработат нова методологија за ПВР (прилагодување на прашањата од МСП тестот и нивно интегрирање во делот економски влијанија од Извештајот за ПВР) и да се обезбеди техничка помош и обука за зајакнување на интерните капацитети на институциите.

*1.5.2 Мерка: Поедноставување на административните процедури за МСП*

Бизнисите имаат потреба од поедноставени процедури во јавните институции со цел да заштедат на време и пари. Иако во изминатите години со неколку иницијативи се намалија и поедноставија административните процедури, останува простор за понатамошно оптимизирање, односно намалување на административните процедури. Поедноставувањето на административните оптоварувања, исто така, ја намалува неформалната економија и административните трошоци за МСП. Поедноставувањето на административните процедури подразбира, меѓу другото, и дигитализација на процесите, интеропрабилности и целосна имплементација на едношалтерскиот принцип (Once only principle)[70].

*1.5.3 Мерка: Поедноставување на постапката за бришење на претпријатија од Централниот регистар*

Унапредувањето на процедурите за бришење на претпријатијата од регистарот може значително да ги намали непотребните бирократски пречки, олеснувајќи им на претприемачите полесно и поефикасно да се снаоѓаат во деловното опкружување. Поедноставувањето на овој процес може да придонесе за подобрување на деловната усогласеност и намалување на бариерите за излез од неуспешните потфати, создавајќи подинамичен претприемачки амбиент. За негово успешно спроведување, неопходна е подобра институционална координација, измена на релевантните прописи и примена на програми за градење капацитети кај персоналот во надлежните институции, како и кај другите засегнати страни, како што се претприемачи, сметководители и сл. Дополнително, потребно е усвојување на Законот за несолвентност и реформа на стечајниот систем, со што би се овозможило поефикасно закрепнување на фирмите во криза или побрзо затворање на несолвентните фирми, базирано на најдобрите меѓународни практики.

*1.5.4 Мерка: Усогласување на регулативата во однос на дефиницијата за МСП согласно дефиниција на ЕУ*

До сега Република Северна Македонија користеше дефиниција на МСП која не соодветствува со онаа усвоена од страна на Европската Унија. Во рамки на акцискиот план се предвидува измена на регулативата и усвоување на нова дефиницја за МСП која ќе се користи на ниво на држава во сите правни акти.

[70] https://commission.europa.eu/news/once-only-principle-system-breakthrough-eus-digital-single-market-2020-11-05_en

## 1.6 Специфична област на делување: Поддршка и промоција на претприемништвото

*1.6.1 Мерка: Активности за подигнување на свеста за промовирање на претприемништвото и успешните претприемачи*

Активностите за подигнување на свеста, како што се конференции, настани за промоција на иновативни старт-ап компании и успешни МСП (на пр. Глобалната недела на претприемништво, Награди за старт-ап на месецот, на годината, Претприемач на годината, Европска недела на МСП, Жена претприемач на годината, итн.), национални натпревари за бизнис планови, промоција на училишни претпријатија и слично, имаат за цел да го зајакнат претприемачкиот дух во општеството, особено кај младите. Ова води до развој на претприемачки начин на размислување, поттикнување на креативното размислување, зајакнување на соработката со академскиот сектор и истражувачката заедница, како и иницирање на отворање нови стартап компании и проширување на постојните бизниси. Дополнително, во рамки на оваа мерка, ќе се промовира и проектот за Самовработување, особено во руралните подрачја, меѓу ранливите групи на граѓани, кај потенцијалните жени-претприемачи, итн.

*1.6.2 Мерка: Рано предупредување*

Во рамки на оваа мерка е предвидено дефинирање на методологија и воспоставување на систем за рано предупредување за препознавање на можните тешкотии во работењето на претпријатијата и преземање мерки и спроведување на постапка за надминување на идна инсолвентност на МСП должници и навремено информирање на доверителите. Системот на рано предупредување ќе базира на добрите практики на веќе воспоставените слични системи во ЕУ.

*1.6.3 Мерка: Промовирање на втора шанса*

Принципот на втора шанса има за цел да се стимулираат оние притепприемачи кои не успеале во својот прв обид бизнисот да го направат успешен. Целта е да се воспостави систем на „втора шанса" преку засилување на иницијативите за поддршка на повторно започнување на деловни активности. Зголеменото вмрежување помеѓу претприемачи кои не успеале, но повторно се обиделе е клучно за поттикнување на претприемачите за повторно да се обидат и да добијат втора шанса за започнување на сопствен бизнис. Овој систем, меѓу другото, треба да обезбеди и менторска поддршка од искусни претприемачи за водење на бизнис за претприемачи кои повторно отвораат сопствен бизнис.

## 1.7 Специфична област на делување: Интеракција со владиниот сектор

*1.7.1 Мерка: Унапредување на учеството на МСП во постапките за јавни набавки*

Учеството на секторот на МСП, особено малите претпријатија, не е на задоволително ниво кога станува збор за учество во постапките за јавни набавки. Една од причините за тоа е недостатокот на знаење и писменост за јавни набавки кај претприемачите. Многу претприемачи сè уште сметаат дека учеството во постапките за набавка е скапо и сложено. Понатаму, многу од потенцијалните учесници не се охрабруваат да

учествуваат во овие постапки, бидејќи сметаат дека тендерите веќе се „доделени“ на други деловни оператори. Сите овие фактори придонесуваат за помало учество, особено на микро и малите претпријатија во постапките за јавни набавки. За да се зголеми нивното учество, потребни се повеќе мерки за зголемување на учеството на овие претпријатија во јавните набавки. Ова вклучува намалување на надоместоците за регистрација на МСП, организирање бесплатни презентации и програми за градење капацитети кои ќе ги запознаат претприемачите со процедурите, како и подобрување на механизмите за контрола при изготвување на поедноставени тендерски процедури.

Исто така, во рамките на периодот што следи треба да се зголеми користењето на системот на е-пазар за постапки за набавки од мала вредност со користење на поволности на е-пазарот за да се добие најдобра вредност за парите и ефикасно користење на ресурсите.

*1.7.2 Мерка: Понатамошно проширување на понудата на националниот портал за услуги*

Понатамошното унапредување на порталот за електронски услуги „е-влада“ преку зголемување на бројот на услуги достапни на порталот, како и надградба на постојната платформа за интероперабилност, која ќе биде наменета за меѓуинституционална соработка[71]. Во тој контекст, институциите на национално и локално ниво ќе бидат во можност да креираат нови е-услуги за претприемачите, кои ќе им заштедат време при интеракцијата со владата. Истовремено, се очекува и намалување на трошоците кои ги имаат МСП во однос на вадење на различни административни документи. Во таа насока, потребно е да се воведе принципот „Само еднаш“ и во РСМ, концепт кој има за цел да обезбеди граѓаните и претпријатијата да доставуваат одредени стандардни информации до властите и администрациите само еднаш. Со инкорпорирање на прописите за заштита на податоците и експлицитна согласност на корисниците, јавната администрација ќе може да ги користи повторно и да ги разменува податоците меѓу различни институции.

*1.7.3 Мерка: Надградување на Е-услуги за лиценци и дозволи*

Со оваа мерка, по мапирањето на институциите кои издаваат лиценци и дозволи, ќе треба да се поедностави процесот на електронско аплицирање за лиценци и дозволи и да се зајакне координацијата помеѓу институциите задолжени за издавање лиценци преку создавање едношалтерски систем за лиценци, кој ќе вклучува електронско потпишување и поднесување документи и електронско издавање на лиценцата.

### 1.8 Специфична област на делување: Подобрување на услугите за развој на бизнисот (УРБ) за МСП

*1.8.1 Мерка: Развој на систем за акредитирање на консултанти*

Понатамошниот развој на консултантскиот пазар треба да се унапреди преку испорака на сертифицирани програми од страна на сертифицирани консултанти, како и

[71] Согласно акцискиот план на Реформската агенда на Владата на РСМ (Анекс 1, стр. 25), се очекува до јуни 2027 година да се зголеми понудата на е-услуги за 50% во однос на сегашната состојба. Овие активности се реализираат во делокруг на работите на МДТ и во соработка со сите засегнати страни

воведување на систем за признавање на претходното искуство на консултантите во спроведување на програми за градење капацитети. Ова вклучува надградба на базата на податоци на консултантите што постојат во ИНОВА, користејќи ги најдобрите меѓународни практики, како и воведување систематски пристап во препознавањето и валидацијата на експертизата на консултантите на национално ниво. Овој процес треба да се организира во соработка со постојните мрежи на консултантски здруженија и стопански комори. Дополнително, успешните практики како што се менторски и консултантски програми, како и шеми на ваучери за поддршка на експертите, треба да се поддржат и зајакнат, со цел да се обезбеди растот на компаниите во сите фази на нивниот развој. Потребно е да се зајакне соработката и координацијата со Центарот за образование на возрасни кој ги акредитира тренинг програмите.

Оваа мерка ќе резултира во разој на систем за акредитирање на консултанти согласно најдобрите европски практики, како и поврзување со Европската фондација за менаџмент на квалитетот.

### *1.8.2 Мерка: Зајакнување на капацитетите на обучувачите/консултантите кои испорачуваат програми за градење на капацитетите на МСП*

Програмите „обука за обучувачите“ се од големо значење кога станува збор за зголемување на капацитетите во претпријатијата бидејќи обезбедуваат сигурност дека оние кои се одговорни за едукација и подигање на капацитетите се опремени со соодветни вештини, актуелни знаења и методологии за ефикасно спроведување на обуката. Кога се реализираат програмите за „обука на обучувачите“, тие треба да бидат усогласени не само со потребите на МСП, туку и со глобалните трендови и барањата за сертификација, за да бидат ефективни кога ќе се применат во пракса. Програмите за обука треба да се реализираат во партнерство со здруженијата на консултанти, организации за поддршка на бизнисите и мрежите на агенции кои помагаат на претпријатијата (помеѓу другите и регионалните центри кои работат под капа на ИНОВА). Обуките можат да опфаќаат напредни теми како што се искористување на вештачката интелигенција во секојдневните процеси, оптимизација на процесите со методологијата Lean Six Sigma, но и основни обуки за човечки ресурси, логистика, продажба, дигитален каректинг, напреден Excel или финансиски менаџмент. Системски пристап, при што услугите за развој на бизнисите треба да обезбедат поддршка на растот на компаниите во сите фази на нивниот развој, е една од клучните активности во оваа област.

### *1.8.3 Мерка: Интернационализација на МСП*

Создавање стратешка рамка за обезбедување поддршка на МСП при спроведувањена активности за интернационализација за нивно успешно вклучување на регионалните и глобалните пазари, обезбедувајќи упатства, ресурси и поддршка за меѓународно проширување. Рамката треба да се гради врз основа на најдобрите практики кои се веќе имплементирани во земјата, поддржани од меѓународни организации и проекти. Планирањето и спроведувањето на овие активности треба да вклучуваат зголемена поддршка во учеството на меѓународни саеми, изложби и конференции. Вклучувањето на стопанските комори и други секторски здруженија е од клучно значење за

дефинирање на специфични активности кои ќе го забрзаат процесот на „излез на други пазари" и ќе додадат вредност преку пренос на знаење во планирањето на конкретни мерки и програми. Посебен дел од оваа мерка ќе се однесува и на работа со компаниите за нивна „внатрешна" подготовка за излез на меѓународни пазари (export readiness), обука за примена на стандарди, како и за нивно поврзување со меѓународни кластери, платформи и сл.

*1.8.4 Мерка: Зголемување на учеството на МСП во клучните меѓународни вредносни синџири*

Идентификацијата и развојот на програми за поддршка за зголемување на учеството на МСП со капацитет за успех во клучните меѓународни вредносни синџири е од суштинско значење за овие компании да можат да се пробијат на меѓународните пазари. Меѓутоа, за да успеат во тоа, претприемачите треба да се запознаени со критериумите за влез и да имаат капацитети да учествуваат во клучните меѓународни вредносни синџири. Во таа насока, со соодветна техничка и експертска поддршка, потребно е да се подготват претпријатијата кои имаат потенцијал да бидат дел од овие меѓународни вредносни синџири. Ваквата експертиза вклучува трансфер на техничко знаење, подготовка на барања за сертификација, зајакнување на внатрешните капацитети на претпријатијата, подигнување на свеста за трендовите во работењето, итн. Покрај ова, треба да се поттикне учеството во регионалните вредносни синџири и да се поттикне соработката со странските директни инвеститори во земјата.

*1.8.5 Мерка: Обезбедување на обуки за МСП и потенцијални претприемачи*

Обуките за нови форми на маркетинг или продажни канали, претприемачки вештини, финансии, користење на вештачка интелигенција, и други области, ќе ги зголемат внатрешните капацитети на МСП и нивната конкурентност и ќе им помогне да истражат потенцијални пазари каде што можат да ги понудат своите производи и услуги. Овие програми за градење на капацитети ќе ги зајакнат внатрешните вештини на претприемачите и нивните вработени и ќе го подобрат знаењето за нови начини на промоција и продажба на производите, но и за тоа како да се пристапи до финансирање на нетрадиционални начини. Сето ова треба да го зголеми креативното размислување и да придонесе за промена на менталитетот на претприемачите во согласност со новите глобални трендови во деловното работење. Посебен сегмент на обуки ќе се однесува за потенцијалните претприемачи каде ќе се претставаат можностите за користење на франшиза како модел за започнување на бизнис, потоа користење на вештачката интелигенција како алатка за започнување, но и развој на постоечки бизниси и др.

*1.8.6 Поддршка за МСП при воведување на меѓународни системи и стандарди за квалитет*

Често пати пречка за излез на меѓунардни пазари, или добивање на работа како подизведувач кај меѓународни компании (на пр., странските инвестиции кои се наоѓаат во технолошко-индустриските развојни зони) е немањето на соодветни сертификати на МСП. Оваа мерка е насочена токму кон зголемување на бројот на стандарди кои ги поседуваат нашите МСП, односно давање поддршка за процесите на стандардизација (ИСО стандарди - Меѓународна организација за стандардизација, ХАЛАЛ стандарди за храна, и сл.) со соодветно кофинансирање на обуките и процесот на сертифицирање.

Дополнително, во оваа мерка ќе се поддржуваат и компаниите во однос на регистрирање на правата за интелектуална сопственост (патенти, трговки марки итн.) на домашно и меѓународно ниво.

### 1.9 Специфична област на делување: Поттикнување и развој на претприемачкото учење

*1.9.1 Мерка: Проширување на програмите за образование и обука за претприемништво.*

Проширувањето на програмите за претприемничко образование во училиштата, гимназиите и стручното образование поттикнува култура на иновации и претприемачко размислување од најрана возраст. Поради тоа во рамките на оваа мерка ќе се организираат настани и промотивни кампањи, ќе се поддржат младите во реализација на нивните бизнис идеи, ќе се промовира социјалното претприемништво и ќе се помогне во подигнување на капацитетите на студентите за зелените иновации преку водење бизнис. Во рамките на оваа мерка покрај активности за младите ќе се работи и подигнување на капацитетите и на другите целни групи во овој претприемачки еко-систем (наставници/професори, ученички совети, управувачките одбори на училиштата, итн)..

*1.9.2 Мерка: Понатамошен развој на програмите на Центарот за образование за возрасни*

Зајакнување на поддршката за развивање програми за Центарот за образование на возрасни за лица кои сакаат да започнат сопствен бизнис во различни индустрии. Овие програми им обезбедуваат на идните претприемачи практични вештини и знаења за успешно започнување и управување со нивните бизниси. Овие видови програми се важни и за доквалификација и преквалификација на работната сила не само поради конкурентноста, туку и поради зелената и дигиталната транзиција, кои неминовно ќе донесат и до затворање на одредени работни позиции. Во оваа насока, од суштинско значење е да се поддржат регионалните центри за обука, кои во иднина може да прераснат во Центрите за стручна извонредност[72].

*1.9.3 Мерка: Поддршка на невладините организации и давателите на обука вклучени во образованието за претприемништво*

Поддршка на невладините организации кои нудат претприемачко образование како неформално образование ја проширува достапноста до можности за учење за претприемништвото. Овие организации играат клучна улога во пристапот до различни целни групи (маргинализирани лица, рурални региони, итн.) и обезбедуваат соодветни обуки кои го дополнуваат формалниот образовен систем. Покрај тоа, тие можат да бидат вклучени во независни истражувања / анализи за претприемачкиот екосистем, промотивни активности поврзани со младинското претприемништво, социјалното претприемништво, женското претприемништво итн.

---

[72] Регионални центри за стручна извонредност основани од Владата, но и други центри за стручна извонредност основани во рамките на различни шеми за финансирање проекти (Еразмус +, итн.)

*1.9.4 Мерка: Промоција и искористување на можностите за трансфер на технологија*

Зајакнувањето на трансферот на технологии на универзитетите има за цел да ги комерцијализира истражувањата и развојните активности на универзитетскиот кадар во успешни старт-ап компании. Со поддршка за создавањето старт-ап и спин-оф компании, универзитетите можат да ги поттикнат иновациите и претприемништвото придонесувајќи за економскиот раст и развој на високотехнолошките индустрии. Зајакнувањето на овој процес гарантира дека знаењето се трансформира во комерцијални иновации, решавање на општествените предизвици и придонес кон одржливиот развој. Центрите/канцелариите за трансфер на технологија треба да ги следат приоритетите на Стратегијата за паметна специјализација - S3[73] и треба да поттикнуваат развој на вештини во областите како што се комерцијализација, управување со интелектуална сопственост и претприемништво, што ќе обезбеди можности за студентите и истражувачите да создадат старт-ап и спин-оф компании[74].

## 1.10 Специфична област на делување: Поддршка на женското претприемништво

*1.10.1. Мерка: Промоција и унапредување на женското претприемништво*

Промоција и унапредувањето на претприемништвото кај жените ќе придонесат кон зголемување на економскиот раст. Во исто време, потребно е да се развие деловно опкружување што ги препознава нивните специфични потреби, создавајќи предуслови кои ќе им олеснат на жените да основаат и водат бизнис. Планирани се промотивни активности, работилници и конференции кои ќе го унапредатпонатамошно учество на жените во бизнис секторот, и како основачи, но и на клучните менаџерски позиции.

*1.10.2 Мерка: Изготвување на патоказ за женско претприемништво*

Подготовка на рамка која ќе ги дефинира целите и приоритетите на женското претприемништво за иднината и дополнително ќе го зајакне женското претприемништво во земјата. Овој патоказ ќе се користи како основа за изготвување на детални мерки и програми за поддршка и развој на оваа целна група. Дополнително, во рамките на оваа мерка е предвидено и регионално поврзување на женските бизнис здруженија и меѓусебно споделување на добрите практики.

## 1.11 Специфична област на делување: Поддршка на социјалното претприемништво и семејните бизниси (втората генерација на сопственици)

*1.11.1 Мерка: Поддршка на социјалното претприемништво*

Обезбедувањето поддршка за социјалното претприемништво е важно затоа што тоа се справува со општествени предизвици, додека истовремено поттикнува економски развој, создава работни места и промовира социјална инклузија. Со инвестирање во социјални претпријатија, Владата може да поттикне иновации во решавањето на клучни

[73] S3 (Стратегија за паметна специјализација)
[74] Оваа мерка е во согласност со реформската агенда на владата на РСМ (мерка 4.1.4 од Акциски план, Анекс 1 стр.42)

општествени прашања, како што се сиромаштијата, нееднаквоста, одржливоста и животната средина, во корист на локалните заедници и економијата воопшто. Врз основа на тоа, треба понатаму да се поддржи развојот на политиките и правните рамки за подобро дефинирање мерки и инструменти кои ќе го поддржат овој тип на активности.

*1.11.2 Мерка: Поддршка на втората (наредната) генерација сопственици на семејни бизниси*

Поддршката на втората генерација сопственици на семејни бизниси е клучна за континуитетот, растот и успехот на семејните претпријатија. Втората генерација може да нема искуство или вештини за управување со комплексноста на современите деловни средини. Потребни се целосно насочени програми за обука, менторство и едукација за да ги опремат со лидерски, иновациски, финансиски и раководни вештини што ќе им овозможат ефикасно управување со бизнисите во иднина, земајќи ги предвид тековните пазарни трендови во кои овие бизниси функционираат.

## 1.12 Специфична област на делување: Поддршка при примена на ВИ (вештачка интелигенција) во работењето на МСП

*1.12.1 Мерка: Поддршка при воведување на ВИ кај МСП*

Современите дигитални технологии и развојот на вештачката интелигенција (ВИ) е новата реалност во која функционираат компаниите. Доколку домашните МСП сакаат да се натпреваруваат и на меѓународен пазар и да ја зголемат својата конкурентност, како на домашниот, така и на интернационалниот пазар, прифаќањето на вештачката интелигенција во секојдневното работење на комапнијата е неминовност. Во рамките на акцискиот план е предвидено пилотирање на новите алатки поврзани со вештачката интелигенција во 20-тина компании.

## Приоритет #2: Пристап до финансии

**<u>Стратешка општа цел 2:</u>**

***Обезбедување на правичен и поедноставен пристап на МСП до различни, одржливи и иновативни решенија за финансирање, овозможувајќи им да инвестираат во раст, иновации и конкурентност, истовремено поттикнувајќи ја отпорноста на динамични пазари.***

Овој приоритет има за цел да ги прошири можностите за финансирање за МСП во однос на достапноста на алтернативни инструменти за финансирање. Постигнување на оваа стратешка цел, меѓу другото претпоставува поедноставување на процедурите за аплицирање, како и намалување на административните бариери, со цел финансиските инструменти да станат подостапни за МСП.

Потребно е да продолжат активностите за прилагодување на регулативата со рамката на (препораките и приоритетите) на ЕУ и другите меѓународни финансиски институции, со цел проширување на финансиските производи достапни за МСП, воведување на кредитно-гарантни шеми за одредени видови на претпријатија, олеснување на банкарските трансфери, како и овозможување на плаќања со кредитни картички кои ќе да бидат достапни за сите типови плаќања, вклучувајќи ги и меѓународните плаќања. Исто така, во иднина ќе треба да се работи на овозможување и пристап до други финансиски платформи кои функционираат на глобално ниво, а кои се уште не се достапни кај нас, со што се ограничува на некој начин конкурентноста на македонските МСП. Банките треба да бидат обврзани да ги кредитираат износите по 24 часа[75]. Се очекува во блиска иднина РСМ да стане членка на Единствената област за плаќања во евра и да се применуваат нејзините прописи.

Унапредување на финансиската писменост, особено кај младите, ќе биде една од главните мерки на овој приоритет. Исто така, потребно е да се зголемат и знаењата поврзани со алтернативни механизми за финансирање на сопствениците на МСП со цел тие да ги оптимизираат своите финансиски одлуки.

Олеснување на зеленото финансирање се однесува на охрабрување на компниите да ги зголемат своите инвестиции во одржливи практики со нудење стимулации и средства посветени на еколошки проекти од страна на државата и банките

Дополнително во рамките на овој приоритет се препорачува да се искористат дигиталните платформи за поврзување на МСП со можности за финансирање и подобрување на транспарентноста во финансиските услуги.

Покрај општата цел, во овој приоритет се предвидени и три посебни цели, кои потоа се преточени во мерки и активности:

**Посебна цел 1:** Подобрување на финансиската писменост кај МСП и кај младите

[75] Во моментов, банките не дозволуваат такви плаќања – што е технички возможно – без писмена документација и/или на меѓународно ниво во одредени случаи, не дозволувајќи, на пример, дигитални плаќања за прекугранични претплати; или не дозволуваат банкарски трансфери во одредени случаи.

**Посебна цел 2:** Овозможување на поголем пристап до извори на финансирање (класични и алтернативни) за МСП (вклучувајќи и пристап до регионални и европски фондови)

**Посебна цел 3:** Зголемена дигитализација на финансиските инструменти и усогласување со добрите практики и регулатива на Европската Унија и другите финансиски пазари

### 2.1 Специфична област на делување: Подготовка на МСП за инвестиции

*2.1.1 Мерка: Поголема искористеност на алтернативни финансиски инструменти*[76]

Спроведувањето анкета за алтернативни методи на финансирање кај МСП е од клучно значење за разбирање на нивните финансиски потреби и предизвици, овозможувајќи развој на насочени иницијативи за поддршка. Ваквите истражувања помагаат да се идентификуваат празнините во пристапот до традиционалното финансирање и да се потенцираат иновативните решенија кои можат да го зајакнат растот и отпорноста на МСП. Тие, исто така, обезбедуваат вредни сознанија за новите трендови во финансирањето, како што се групно финансирање или peer-to-peer кредитирање (директно финансирање помеѓу поединци), што може подобро да се усогласи со динамиката на МСП. Неколку меѓународни истражувања (OECD’s SME and Entrepreneurship Financing Database; World Bank Enterprise Surveys; European Commission's SAFE; KPMG Alternative Lending Survey; PwC SME Pulse Reports;; итн.) може да се користат како референтни точки, бидејќи овозможуваат споредба на регионалните и глобалните трендови и олеснуваат подлабоко разбирање на ефективните решенија за финансирање на МСП.

Во рамките на акцискиот план е предвидено развивање на најмалку 2 нови инструменти за алтернативно финансирање на МСП

*2.1.2 Мерка: Програма за инвестициска подготвеност за МСП*

Подготовката на МСП за инвестиции е клучна за нивниот раст и одржливост. Програмата за подготвеност за инвестирање ги опремува бизнисите со потребните вештини и знаења за да привлечат инвеститори. Ова вклучува подобрување на финансиската писменост, развивање детални деловни планови и разбирање на очекувањата на инвеститорите. Со учество во вакви програми, МСП можат да се претставаат пред инвеститорите и со тоа да се зголеми нивната привлечност за потенцијалните финансиери. Оваа мерка ќе се заснова на веќе постоечките добри домашни и/или регионални практики, главно финансирани од донаторски програми.

*2.1.3 Мерка: Зајакнување на програмите за финансиска писменост*

Финансиската писменост е камен-темелник за подобрување на пристапот до финансии кај МСП. Со подобрување на нивното разбирање на финансиските концепти, МСП

[76] Оваа мерка е во согласност со Реформската агенда на Владата на РСМ (ред 4.1.3. Поттикнување на развојот на МСП преку усвојување и спроведување на новата стратегија за МСП, стр. 42 (https://www.mep.gov.mk/data/MK%20RA %20-%20Annex%201_EN.pdf)

можат да донесуваат информирани одлуки, ефикасно да управуваат со своите финансии и самоуверено да соработуваат со финансиските институции. Зајакнувањето на програмите за финансиска писменост обезбедува сигурност дека МСП се подобро опремени да се снаоѓаат во финансиското опкружување и да ги користат достапните можности. Овој вид на програми треба да им овозможат на сопствениците на МСП разбирање на класичните, но и алтернативните начини на финансирање со цел претприемачите да донесат најсоодветни одлуки за нивен иден раст и развој.

Програмите за финансиска писменост воведени кај учениците од основните училишта покажаа почетни позитивни резултати при нивното спроведување. Овие иницијативи треба дополнително да се зајакнат и прошират за да се обезбеди поширока пристапност, обезбедувајќи им на сите ученици основни финансиски знаења и вештини уште од мали нозе.

### 2.2 Специфична област на делување: Промовирање (алтернативни) финансиски производи и можности за инвестирање

*2.2.1 Мерка: Усвојување на дополнителна правна рамка за бизнис ангели и промоција на алтернативни финансиски иинструменти и механизми како crowdfunding, инвестиции на бизнис ангели, ризичен капитал, осигурување на побарувања, итн.*

Можностите за финансирање со капитал, како што се групното финансирање (crowdfunding), инвестициите на бизнис ангелите и ризичниот капитал играат клучна улога во диверзификација на изворите на финансирање за МСП. Промовирањето на овие начини на финансирање им обезбедува на МСП поголем пристап до капитал, намалувајќи ја зависноста од традиционалните банкарски заеми. Платформите за групно финансирање (crowdfunding) може да им овозможат на МСП да собираат средства од повеќе страни, додека бизнис ангелите и ризичниот капитал нудат не само капитал, туку и менторство и стратешко водство, поттикнувајќи ги иновациите и растот. Оваа мерка има за цел да ги зајакне домашните извори на алтернативно финансирање и да ги поврзе со меѓународните извори/платформи. Законот за бизнис ангели треба да се донесе во текот на 2025 година со што се очекува дополнително да се поттикнат алтернативните извори на финансирање.

*2.2.2 Мерка: Анализа на специфични финансиски инструменти (на пр., факторинг, лизинг, форфеитинг и др.)*

РСМ ја постави правната основа за функционирање на алтернативните финансиски инструменти. Сепак, следните чекори во унапредување на нивната употреба, се однесува на детална анализа на добрите меѓународни практики на различните видови на специфични финансиски инструмени (како на пр., факторинг, лизинг, форфеитинг и др.), како и на дополнително подигање на свеста за овие инструменти и создавање критична инфраструктура која ќе го олесни пристапот на МСП до овие форми на финансирање. Во овој контекст, постои потреба да се прошири понудата за производи за факторинг без регрес, да се воведе обратен факторинг и да се развијат платформи за е-факторинг за поддршка на финансирањето на синџирот на снабдување. Иницијативите за подобрување на деловното опкружување за факторинг вклучуваат поддршка при

вметнување на е-фактурирање на национално ниво и одржување на национален регистар, воспоставување на портал за онлајн платформа, развивање на регистар на меници и воспоставување на колатерален регистар итн.

*2.2.3 Мерка: Олеснување на пристапот до заеми за МСП преку користење нематеријални средства (интелектуална сопственост – патенти, и сл.), како колатерал при кредитирањето на МСП*

Со цел да се оствари оваа мерка, потребно е да се промени законска рамка и одредени подзаконски акти кои ќе овозможат користење на нематеријални средства како обезбедување при кредитирање на МСП од страна на финансиските институции. Дополнително на ова, ќе биде потребно да се реализираат промотивни активности преку презентација на добри меѓународни практики и други позитивни искуства, со цел домашните компаниите да се запознаат со новите можности за користење на нематеријалните средства како обезбедување при кредитирање на МСП.

### 2.3 Специфична област на делување: Мобилизирање на ЕУ, национално и приватно финансирање за МСП

*2.3.1 Мерка: Подобрување на пристапот до ЕУ, регионалните и националните програми за финансирање на МСП*

Поврзувањето на домашните мали и средни претпријатија со регионалните и ЕУ програмите како што се Програмата за единствен пазар (Single Market Programme) *новиот Хоризонт Европа (EIT, EIC), Еразмус+ (Erasmus+), Лајф Плус (Life+), Инструментите за пред-пристапна помош, Интерег (Interreg), Инструмент за поврзување на Европа (CEF)* и други, го подобрува нивниот пристап до широк опсег на можности за финансирање и мрежи за поддршка. Овие програми нудат финансиски ресурси, техничка помош и можности за вмрежување од суштинско значење за иновации и проширување. Со подобрување на пристапот до овие програми, МСП можат да ја искористат националната и ЕУ поддршка за подобрување на нивната конкурентност и поефикасна интеграција на европските и глобалните пазари. Поседувањето интелигенција за вештини е од клучно значење за идентификување на компетенциите потребни за зголемување на стапката на успех на МСП апликациите за програмите финансирани од ЕУ. Оваа активност ќе биде надополнета со сеопфатни обуки за пишување предлог-проекти, идентификација на партнери за заеднички апликации и разбирање на различни шеми за финансирање од ЕУ и други донатори.

### 2.4 Специфична област на делување: Зголемување на подготвеноста за ИПО на МСП (само фаза на пред-ИПО)

*2.4.1 Мерка: Подигање на капацитетите кај МСП за Иницијална јавна понуда (Initial Public Offering) за финансирање на развојните потреби преку пазарот на капитал*

Зголемувањето на подготвеноста на МСП за иницијални јавни понуди (ИПО) вклучува нивна подготовка за различните фази на излегување на берзата. Со ова се води грижа МСП да ги имаат воспоставено потребните стандарди за финансиско известување,

структури на управување и стратешки планови. Подготвеноста пред ИПО се фокусира на внатрешна подготовка на компанијата, фазата на ИПО вклучува управување со процесот на јавна понуда, а пост-ИПО обезбедува постојана усогласеност и делотворност на јавниот пазар. Зајакнувањето на подготвеноста за ИПО може да им обезбеди на МСП значителен капитал за проширување и зголемена видливост на пазарот. Бидејќи нашата земја е на самиот почеток на ИПО, во оваа временска рамка на стратегијата ќе се спроведуваат само активности пред ИПО, главно промоција и едукација на МСП за целиот процес на ИПО

## 2.5 Специфична област на делување: Создавање поповолна и инклузивна средина за пристап до финансии

*2.5.1 Мерка: Креирање онлајн регистар на подвижни средства*

Онлајн регистарот за подвижни средства може значително да ја подобри способноста на МСП да ги користат овие средства како колатерал за банкарски заеми. Со обезбедување транспарентна и пристапна платформа, овој регистар го поедноставува процесот на приложување колатерал, олеснувајќи им на МСП да обезбедат заеми и да ја подобрат својата ликвидност. Во првата фаза, потребен е сеопфатен дизајн на базата на податоци каде што ќе се собира каталог на подвижни средства, како што се машини, возила, инвентар и интелектуална сопственост. Покрај тоа, вклучувањето на единствени идентификатори (на пр. сериски броеви, описи или фотографии) за точно следење на средствата ќе биде приоритет при развојот во рамките на првата фаза од оваа мерка.

*2.5.2 Мерка: Зајакнување на постојната и воспоставување на нова кредитно-гарантна шема за стартап компании и останати МСП*

Формирање нов или проширување на опсегот на покриеност на тековниот Гарантен фонд во рамките на Развојната банка, се со цел намалување на барањата за обезбедување и зголемен пристап до овие гарантни шеми и за други поризични претпријатија[77]. Во рамките на овие кредитно-гарантни шеми ќе се создадат механизми за намалување на финансискиот ризик за заемодавците, овозможувајќи им на останатите компании полесен пристап до финансирање. Овие шеми дејствуваат како сигурносна мрежа преку гарантирање на дел од износот на кредитот, поттикнувајќи ги банките и финансиските институции да поддржуваат нови и иновативни бизниси. Со решавање на недостатокот од колатерал и перцепираниот висок ризик поврзан со стартап компаниите, ваквите програми го поттикнуваат претприемништвото и го стимулираат економскиот раст. Дополнително, тие помагаат да се премости финансискиот јаз за стартап компаниите, особено оние предводени од недоволно застапени групи, промовирајќи инклузивност и создавање работни места. Развојната банка треба да биде место каде што може да се развиjат ваков тип на шеми.

77 Дополнување со кредити од категорија на ризик Б според кредитниот регистар на Народната банка, при што максималниот процент на гаранција за овие кредити изнесува 35 % од главнината. Можно е да се регистрираат и кредитите од Развојната банка кои се пласираат преку банките учеснички во гарантираното портфолио на Гарантниот фонд

### *2.5.3 Мерка: Набавка на опрема за МСП од преработувачката и останатите приоритетни сектори дефинирани во Стратегијата за паметна специјалзиацuja*

Согласно приоритетните области на Стратегијата за паметна специјалзиација оваа мерка предвидува воспоставување на механизми за поддршка (финансирање) за набавка на опрема за МСП, со тоа што главен фокус би бил на преработувачката индустрија.

## 2.6 Специфична област на делување: Усогласување на директивата за задоцнето плаќање со најновата регулатива на ЕУ

### *2.6.1 Мерка: Поддршка за воведување директива за задоцнето плаќање (до 30 дена плаќање)*

Оваа мерка ќе биде во согласност со новиот предлог на ЕУ во врска со *Регулативата за борба против задоцнети плаќања*[78] во комерцијалните трансакции. Предлогот на ЕУ воведува построг максимален лимит за плаќање од 30 дена, елиминира нејаснотии и ги решава правните празнини во тековната Директива. Со примената на оваа регулатива значително ќе се подобри ликвидноста на компанните преку навремена наплата на побарувањата, а тоа индиректно ќе допринесе и за намалување на стечајните постапки кои се иницирани поради немање на ликвидност и сервисирање на обврските кои добавувачите.

Посебно внимание треба да се посвети на плаќањата од страна на државата. Каматните стапки за неисполнување од друга страна треба да се применуваат автоматски. Исто така, треба да се посвети внимание на задоцнетите исплати на плати, како и задоцнетите исплати на Данокот на додадена вредност од страна на Управата за јавни приходи.

[78] https://single-market-economy.ec.europa.eu/smes/challenges-and-resilience/late-payment_en

## Приоритет #3: Зелена и дигитална транзиција

**Стратешка општа цел 3:**

***Да се поддржат МСП во усвојување одржливи практики и интегрирање напредни дигитални технологии, овозможувајќи им подобрување на конкурентноста, намалување на негативното влијание врз животната средина и усогласување со глобалните трендови кон позелена и поиновативна економија.***

Оваа цел е усогласена со поширокитe цели на ЕУ за постигнување климатска неутралност и дигитално управувана економија до 2050 година. Нашата земја се обврзува да преземе реформи насочени кон забрзување на социо-економската конвергенција на нашата економија со економијата на Европската Унија преку поттикнување на иновациите, особено за МСП и поддршката на зелената и дигиталната транзиција, подобрување на квалитетот на образовниот систем, обук, преквалификација и унапредување на вештините и политиките за вработување, како и промовирање на дигиталната трансформација како предуслов за одржлив развој и инклузивен раст.

Во рамките на оваа цел се очекува предложените мерки да ги поттикнат МСП да усвојат одржливибизнис модели и процеси, да ги намалат јаглеродните емисии и да преминат кон циркуларна економија преку стимулации и финансиска поддршка.

Во врска со мерките за дигитална трансформација, ќе се обезбедат алатки, обука и ресурси за МСП за интегрирање на технологии како што се вештачка интелигенција, интернет на нештата и обработка и чување на датотеки преку интернет (cloud computing) за подобрување на продуктивноста и пристапот до пазарите.

Мерките кои се предвидени во овој приоритет ќе поддржуваатцелосна инклузивност во развојот на зелените и дигиталните иницијативи со цел да се намалат бариерите со кои се соочуваат помалите, рурални или ММСП со ограничени ресурси.

Како посебни цели во рамки на овој приоритет се јавуваат:

**Посебна цел 1**: Воспоставување на регулаторна рамка која ќе овозможи поголема примена на дигиталните алатки во комуникацијата со Владата со што ќе се зголеми ефикасност при издавањето на документи и поднесувањето на барања до институциите.

**Посебна цел 2**: Подигнување на свеста на претприемачите од воведување на стандарди со кои ќе допринесат за почиста средина и поголема одржливост на нивните бизнис преку примена на циркуларната економија.

**Посебна цел 3**: Поголема примена на дигиталната трансформација кај МСП, преку обезбедување на институционална поддршка и финансиски средства за спроведување на конкретни мерки.

### 3.1 Специфична област на делување: Регулаторна рамка за дигитална трансформација

*3.1.1 Мерка: Подобрување на регулаторната рамка која ја поддржува дигиталната трансформација*

Создавањето регулаторно окружување кое поттикнува иновации и се прилагодува на технолошкиот напредок е од суштинско значење за олеснување на непречена транзиција на МСП кон дигиталните процеси. Ова вклучува унапредување на постојните закони и воведување нови регулативи кои го поддржуваат дигиталното претприемништво, е-трговијата, приватноста на податоците и сајбер-безбедноста. Со воспоставување на поволна регулаторна рамка, Северна Македонија може да ги охрабри МСП да усвојат дигитални технологии, да ја подобрат оперативната ефикасност и да ја зајакнат нивната конкурентност на глобалниот пазар.

Во рамки на оваа мерка е предвидено и развој на дигитален паричник за дигитален идентитет. И следствено на тоа зедничко признавање на електронски потписи и електронски средства за идентификација помеѓу земјите од Западен Балкан.

### 3.2 Специфична област на делување: Дигитализација на банкарскиот сектор

*3.2.1 Мерка: Поттикнување на МСП да користат дигитални алатки во своето работење, особено во сегментот на плаќања*

Дигиталните плаќања се клучни во модернизацијата на банкарскиот сектор. Тие им нудат на МСП побрзи, посигурни и поисплатливи алтернативи во однос на традиционалните платежни системи. Со промовирање на дигиталните плаќања, банкарскиот сектор може да ја подобри финансиската вклученост, да ги поедностави трансакциите и да ја намали зависноста од готовина. Оваа трансформација е од клучно значење за МСП да можат ефикасно да функционираат во дигиталната економија.

### 3.3 Специфична област на делување: Создавање програми за раст преку поддршка за дигиталната трансформација на МСП

*3.3.1 Мерка: Развој на програми и инструменти за поддршка на дигитализацијата кај МСП*

Програмите за раст се дизајнирани да им помогнат на МСП да ја забрзаат својата дигитална трансформација преку обезбедување пристап до ресурси, менторство и технолошки алатки. Овие програми можат да ги подобрат дигиталните способности на МСП, овозможувајќи им да ги интегрираат напредните технологии во нивното работење. Со учество во овие програми, МСП можат да ја подобрат продуктивноста, да поттикнат иновации и да останат конкурентни во дигиталното опкружување што брзо се развива. Во овој контекст, поддршката ќе биде насочена кон промовирање на достапни решенија за дигитализација, автоматизација и зелени решенија кои ќе ги задоволат специфичните потреби на МСП, како и стимулирање на финансиските институции за развој на таргетирани финансиски инструменти (како што се поволни

кредити со компонента на грант) за дигитализација и зазеленување на МСП. Посебни програми за предвидени за поддршка на остварување на заштита на МСП на разни нивоа (опрема, податоци, мрежи, итн,) од хакерски напади и крадење на податоци (Cybersecurity hygiene), односно сериозно зајакнување на сајбер безбедноста.

РСМ треба да воведе програма за поддршка на дигитализацијата на МСП според примерот на Австрија (KMU.DIGITAL[79]), Унгарија и други земји од регионот на ЗБ. Во оваа програма, компаниите се оценуваат со стандарден прашалник и се предлагаат докажани решенија.

### 3.4 Специфична област на делување: Транзиција на МСП кон циркуларна економија

*3.4.1 Мерка: Развој на специјализирани тренинг програми кои ја поддржуваат транзицијата кон циркуларна економија*

Транзицијата на МСП кон циркуларна економија е значајна за зајакнување на одржливоста и конкурентноста. Со усвојување на принципите на циркуларната економија, МСП можат да го минимизираат отпадот, да го оптимизираат користењето на ресурсите и да создадат одржливи деловни модели. Оваа транзиција не само што придонесува за зачувување на животната средина, туку и отвора нови пазарни можности и поттикнува иновации. Прифаќањето на практиките на циркуларната економија може да доведе до заштеда на трошоците, подобрување на репутацијата на брендот и зголемена отпорност кон недостаток на ресурси и регулаторни притисоци.

Потребно е да се обезбедат средства за ангажирање на експерти за циркуларна економија за одредени индустрии и да се организираат работилници со МСП од таа индустрија за создавање циркуларни внатрешни процеси (ова е во голема мера фокусирано на МСП што се занимаваат со производство). За оваа мерка во дефинирањето на приоритетите (индустриите) за финансирање, треба да се следи Патоказот на ОЕРС за циркуларна економија (A Roadmap towards Circular Economy of North Macedonia) усвоен во март 2024 година. Посебен фокус ќе биде ставен на развој на бизнис модели за циркуларна економија, но и на набавка на специјализирани лаборатории за циркуларната економија за потребите на МСП.

*3.4.2 Мерка: Поддршка на МСП за воведување на системи и опрема поврзана со енергетска ефикасност кои користат обновливи извори на енергија*

Во рамките на оваа мерка е предвидено да се обезбедат субвенции за инсталација на алтернативни извори на енергија за МСП (фотоволтаици, ветерници, мини-хдроцентрали, топлински пумпи, итн.), како и обуки за енергетско управување во индустријата.

[79] https://www.wko.at/foerderungen/kmu.digital

### *3.4.3 Мерка: Поддршка на компании во сферата на преквалификација и доквалификација на вработени за потребите на зелената транзиција*

Со оглед на фактот дека зелената транзиција подразбира и затворање на одредени работни позиции, но и отварање на нови профили и квалификации потребни за работните места во новите индустрии кои се создаваат со двојната трансформација, во рамките на оваа мерка е предвидена поддршка за развој на нови програми за обука поврзани со индустријата на одржливи извори на енергија (како на пример: монтери и одржувачи на фотоволтаици, ракувачи со батерии за електрични возила, и сл.)

### *3.4.4 Мерка: Поддршка на банкарскиот сектор за воведување на финансиски производи кои ќе ја поддржат циркуларната економија и диталната и зелена трансформација*

Банкарскиот сектор во РСМ почна во изминатиот период да нуди „зелени“ кредити за компаниите. Целта на оваа мерка е да се зајакнат капацитетите на вработените од банкарскиот сектор за воведување на производи кои ќе ја поддржат циркуларната економија и дигиталната и зелена трансформација преку соодветно кредитирање и финансиска поддршка на МСП.

## 3.5 Специфична област на делување: Поддршка во развој на зелени старт-ап и спиноф компании, и зелени иновативни решенија и технологии кај постоечки МСП

### *3.5.1 Мерка: Развој на зелени старт-ап и спин-оф компании и поддршка на МСП за зелен технолошки развој*

Во рамки на активностите на ИНОВА се предвидени и наменски повици кои ќе се однесуваат на поддршка на ново основани компании (старт-ап и спин-оф компании) и постојни МСП за полесна зелена транзиција:

- Ко-финансирачки грантови и и останата техничка поддршка за зелени старт-ап и спин-оф
- Кофинасирачки грантови и останата техничка помош за зелен технолошки развој на МСП

## 3.6 Специфична област на делување: Поддршка на компаниите за усогласување со стандардите за животна средина и други стандарди за одржливост

### *3.6.1 Мерка: Програми за поддршка за усогласување со зелените меѓународни стандарди*

Стандардите за животна средина и одржливост за МСП се насоки и рамки чија цел е да им помогнат на бизнисите да работат одговорно, да го намалат нивниот еколошки отпечаток и да се усогласат со глобалните цели за одржливост. Овие стандарди не само што им помагаат на МСП да придонесат за зачувување на животната средина, туку и ја зголемуваат нивната конкурентност преку привлекување на еколошки свесни потрошувачи, исполнување на регулаторните барања и пристап до финансирање или

стимулирања фокусирани на одржливост. Поддршката ќе биде достапна за компаниите што работат на или се усогласени со:

- Стандардите за животната средина, социјалните стандарди и владеењето (Environmental, Social and Governance) - со фокусирање на овие стандарди, претпријатијата ќе можат да ги ублажат потенцијалните ризици, да привлечат инвеститори, да ги намалат трошоците и да изградат позитивна репутација во општеството;
- Механизмот за јаглеродно гранично прилагодување на ЕУ - да се усогласени со глобалните климатски цели, да ги исполнуваат очекувањата на пазарот и да останат конкурентни во регулаторното опкружување што постојано еволуира и е фокусирано на одржливост;
- Стандарди за јаглероден отпечаток (ISO 14064) и Протокол за стакленички гасови - им помагаат на МСП да ги измерат, управуваат и да ги пријават емисиите на стакленички гасови за да го намалат влијанието на јаглеродот;
- Стандард за управување со енергија (ISO 50001) - ги води бизнисите во подобрување на енергетската ефикасност и намалување на потрошувачката итн.

# 6. Рамка за следење, оценување и известување

Следењето, оценувањето и известувањето по однос на Стратегијата за МСП 2025-2030 е од суштинско значење за да се обезбеди ефикасно спроведување на стратешките цели и да се процени влијанието од ефектите на имплементацијата на стратегијата. Добро структуриран систем за следење, оценување и известување овозможува континуирано следење на напредокот, рано ги идентификува предизвиците во имплементацијата и го поддржува донесувањето одлуки засновани на докази. Тој обезбедува отчетност и транспарентност меѓу сите засегнати страни и помага во поефикасно распределување на буџетот и ресурсите. Со систематско оценување на резултатите и индикаторите за перформанси предвидени во акцискиот план, системот за СОИ го зајакнува институционалниот капацитет и ја подобрува ефикасноста на политиките. Дополнително, правилно дизајнираниот систем за следење, оценување и известување ѝ овозможува на земјата да ги прилагоди своите политики за МСП во согласност со економските трендови и новите потреби и предизвици кои конитунирано се појавуваат, поттикнувајќи отпорен и конкурентен сектор на МСП.

Системот за следење, оценување и известување на Стратегијата за МСП 2025-2030 е усогласено со *Методологијата за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии*, утврдена од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија. Ова усогласување е од суштинско значење за да се обезбеди конзистентност со националните процеси на стратешко планирање и да се зајакне институционалната координација.

Реформската агенда на Владата - особено нејзината стратешка посветеност на успешни преговори за интеграција во ЕУ - бара зајакнување на системот за стратешко планирање преку воспоставување механизам за хармонизирање на долгорочното, среднорочното и годишното планирање како меѓусебно поврзани елементи на унифицирана рамка за планирање. Стратешкото планирање во секоја област на политиката претставува основа за дефинирање на развојните патеки, начините на дејствување и распределба на финансиите, кои директно ги поврзуваат секторските стратегии со среднорочното и годишното буџетско планирање на Република Северна Македонија.

Ова ќе се обезбеди преку спроведување на Акцискиот план, кој вклучува тригодишен период на планирање за мерки и активности, претставени во соодветна буџетска рамка, со идентификувани извори на финансирање и соодветни индикатори на ниво на општи цели, резултати по предложени активности и предвидено остварено влијание кај секоја од мерките.

Ефективниот систем за следење, оценување и известување е суштествен дел од поширока цел на целата стратегија за поттикнување на динамичен, одржлив екосистем на МСП, кој треба да осигура дека ресурсите и напорите се насочени кон влијателни и мерливи резултати. Главните принципи кои се камен-темелник на активностите за следење, оценување и известување се:

**Континуирано оценување:** Редовно следење на ефективноста на иницијативите и приспособување на политиките засновани на податоци со цел справување со новите предизвици.

- **План за вклучување на сите засегнатите страни:** Вклучување на МСП, претставниците на индустрискиот, академскиот и невладиниот сектор и другите засегнати страни во процесот на оценување за стратегијата да остане релевантна и ефективна.
- **Транспарентно известување:** Развивање јасни показатели и навремено објавување на наодите и резултатите од спроведените активности и мерки за да се покаже напредок и изгради доверба меѓу засегнатите страни.
- **Учење и подобрување:** Користење на резултатите од оценувањето за прецизирање и подобрување на постојните мерки, воведување нови иницијативи и проширување на успешните практики.

## 6.1. Механизми за спроведување на Стратегијата

### 6.1.1. Надлежни органи одговорни за следење, оценување и известување

Формирањето на формално координативно тело е од клучно значење за ефикасно спроведување на политиките и мерките за МСП. Оваа работна група има улога да се погрижи за тоа дека различните елементи на стратегијата за МСП се извршуваат ефикасно и кохезивно.

По усвојувањето на Стратегија за МСП 2025-2030, придружена со Акциски план 2025-2027, работната група формирана во септември 2024 година ќе биде одговорна и за следење, оценување и известување по однос на Стратегијата.

Работната група ќе биде предводена од МЕТ и ќе одржуваат редовни состаноци за да ги разгледаат реализираните активностите и да се следи напредокот во спроведувањето на Стратегијата.

Како дополнување на основната оперативна група која ќе биде задолжена за следење и известување, активностите поврзани со следењето, оценувањето и известувањето ќе вклучуваат и членови на работната група надвор од основниот состав кој работеше на развој на Стратегијата, надворешни евалуатори и други релевантни засегнати страни. Детален преглед на улогите, одговорностите и процесот на следење и оценување, како и барањата за воспоставување систем за следење и оценување базиран на ИТ, е даден во посебен документ насловен како Систем за следење и оценување и ИТ алатки, кој е приложен кон Стратегијата и Акциониот план.

Оперативната работна група за следење и оценување на Стратегијата за мали и средни претпријатија ќе спроведе преглед на индикаторите на ниво на резултати најмалку на полугодишна основа. Индикаторите на ниво на резултати ќе се следат во согласност со временските рокови дефинирани во Акциониот план. Некои индикатори ќе се следат континуирано или на годишна основа, во зависност од достапноста на податоците и циклусите на институционално известување. Сепак, дел од индикаторите на ниво на резултати и влијание е директно поврзан со целосната имплементација на Акциониот план и затоа ќе се следи во период од три години. Овој тригодишен циклус на следење

ќе се совпадне со спроведувањето на среднорочната оценување, која е усогласена со времетраењето на првиот тригодишен Акционен план.

На почетокот на 2028 година, Стратегијата ќе биде подложена на среднорочно оценување и преглед од страна на работната група, земајќи го предвид напредокот постигнат во нејзината имплементација во претходните две години. Овој процес ќе вклучува и учество на невладини организации, бизнис секторот, претставници од академските кругови, синдикатите, итн., преку нивно вклучување во работната група.

На сликата 13 е претставен претприемачкиот еко систем во нашата држава и улогата на работната група во процесите на следење, оценување и известување и поврзаноста со засегнатите страни, а во табелата 4 се претставени улогите на секоја од засегнатите страни и нивните одговорности во процесот на следење, оценување и известување.




*Слика 13. Позиција на Работната група за СОИ и известување за Стратегија за МСП 2025-2030 во рамките на претприемачкиот екосистем*

*Табела 4. Улогата и одговорностите на клучните чинители во процесот на следење, оценување и известување за имплементацијата на Стратегијата за МСП 2025-2030*

| Група на засегнати страни | Членови | Клучни улоги и одговорности |
|---|---|---|
| **Работна група за подготовка на стратегијата за МСП** | - Линиски министерства и агенции<br>- Локална / регионална власт<br>- Стопански комори и организации за поддршка на бизнисот<br>- Академски институции и НВО | - Обезбедување насоки за политиките<br>- Преглед и анализа на наодите од спроведениот СОИ<br>- Усогласување на следењето со стратешките цели и предлагање на мерки за подобрување на акцискиот план<br>- Учество во евалуациите |
| **Надворешни евалуатори** | - Независни консултанти или консултантски комапнии | - Спроведување на среднорочни и завршни евалуации<br>- Валидирање на резултатите од исходот и влијанието<br>- Доставување препораки |
| **Обезбедувачи на статистика/податоци** | - Државен завод за статистика<br>- Носители на податоци специфични за одреден сектор | - Доставување на официјална статистика и збир на податоци<br>- Обезбедување достапност и квалитет на индикатори |
| **Претставници на приватниот сектор** | - МСП<br>- Деловни здруженија | - Споделување повратни информации за влијанието на стратегијата<br>- Учество во консултации |
| **Донатори/Меѓународни партнери** | - ЕУ, СБ, ЕБОР, итн. | - Усогласување на надворешната поддршка со националниот систем за СОИ<br>- Споделување техничка експертиза и поставување референтни точки |
| **Обезбедувачи на ИТ системи** | - Внатрешни ИТ оддели<br>- Надворешни ИТ изведувачи | - Одржување на дигитална СОИ платформа<br>- Обезбедување функционалност, пристап и безбедност на податоци |

### 6.1.2. Постапка и динамика на известување и оценување на постигнатите резултати – Рамка за следење, оценување и известување за Стратегијата

Имплементацијата на Стратегијата ќе се спроведува согласно Акцискиот план 2025-2027. Планот за работа ќе идентификува конкретни мерки кои треба да се спроведат во рамките на клучните мерки и идентификувани специфични цели, со дефиниран временски рок, одговорни институции и потребни финансиски ресурси. Активностите од Стратегијата ќе ги спреведуваат институции/органи/организации како што е дефинирано во Акцискиот план.

МЕТ ќе изготвува годишни извештаи за спроведувањето на Акцискиот план и ќе ја применува рамката за прибирање податоци и следење на Акцискиот план. Овие се прецизно наведени во Образец 6 и 7 од Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење и оценување на секторските стратегии, како и Упатството за структурата, содржината и методите на подготовка, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мулти-секторските стратегии.

МЕТ ќе спроведе среднорочно оценување на спроведувањето на Стратегијата согласно потребите, вклучувајќи препораки за потенцијални прилагодувања. Во процесот на оценување на резултатите од спроведениот акциски план ќе биде важно да има надворешно тело одговорно за независно оценување. Ова може да се направи на крајот од секоја година, или подолг временски период (на секои 2 до 3 години).

Со цел да се направи длабинска анализа на успешноста на претпријатијата кои добиваат владина/донаторска поддршка, од суштинско значење ќе биде:

- да се има целосно функционален регистар на компании кои добиле владино / донаторско финансирање (поддршка),
- да се обврзе секоја компанија да учествува во сите анкети / проценки најмалку 5 години по добивањето поддршка /финансирање.

Висококвалитетно оценување на имплементацијата на стратегијата е можна само ако постои посебно наменски буџет за оваа активност - не само во рамките на МЕТ, туку и за сите институции одговорни за спроведување на делови од активностите и акцискиот план на стратегијата.

Успешното спроведување на Стратегијата за МСП на Северна Македонија ќе зависи од неколку клучни предуслови, вклучувајќи институционални, политички, финансиски и фактори поврзани со засегнатите страни. Во продолжение е претставен структуриран преглед:

*Табела 5. Клучни предуслови за успешна имплементација на Стратегијата за мали и средни претпријатија 2025-2030 за Република Северна Македонија*

| Категорија | Предуслов |
|---|---|
| **Институционален капацитет** | - Јасни институционални одговорности и механизми за координација меѓу министерствата и агенциите<br>- Оперативен СОИ систем со дефинирани клучни индикатори за перформанс и циклуси на известување<br>- Обучен персонал за СОИ, спроведување на политики, управување со податоци |
| **Политичка и регулаторна рамка** | - Усогласување на стратегијата за МСП со националните планови за развој, дигитални, зелени и иновативни стратегии<br>- Поддржувачка правна и регулаторна средина за МСП (на пр. поедноставена регистрација, даночни олеснувања) |
| **Вклучување на засегнати страни** | - Активно вклучување на МСП, деловни здруженија, академски институции и граѓанско општество во дизајнирање и спроведување на политиките<br>- Функционални механизми за јавно-приватен дијалог |
| **Финансиски ресурси** | - Обезбедени буџетски средства за спроведување на стратегијата<br>- Пристап до национално и меѓународно финансирање (ЕУ, донатори, МФИ)<br>- Инструменти за поддршка на МСП (грантови, кредитни гаранции, итн.) |
| **Дигитална инфраструктура и иновации** | - Дигитални јавни услуги достапни за МСП<br>- Промоција на иновации и дигитална трансформација на МСП<br>- Соодветна ИТ поддршка за собирање и следење на податоци (СОИ) |
| **СОИ** | - Воспоставена оперативна група за СОИ со јасни улоги<br>- Доверливи и навремени податоци од официјални и секторски извори<br>- Периодични прегледи и надворешни евалуации (пр. среднорочен преглед) за правилно водење на имплементацијата |

## 6.2. Клучни показатели и индикатори кои ја покажуваат успешноста од спроведување на мерките и активностите на стратегијата за МСП 2025-2030

За да се обезбеди ефикасно спроведување и одговорност на Стратегијата за мали и средни претпријатија 2025 - 2030, од суштинско значење е да се воспостават јасни, мерливи индикатори за секоја од трите приоритетни области:

1) Конкурентен национален претприемачки екосистем,
2) Пристап до финансии,
3) Зелена и дигитална транзиција.

Клучните индикатори за влијание на ниво на трите приоритетни области го покажуваат долгорочното позитивно влијание врз претприемачкиот екосистем во Северна Македонија.

Во акцискиот план детално се опишани сите мерки и активности во рамки на приоритетните области на Стратегијата за МСП 2025 – 2030. Во текстот подолу се презентирани само генералните индикатори кои се однесуваат на општите и посебните цели поврзани со главните три приоритети.

## ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 1: Конкурентен национален претприемачки екосистем

**Општа цел**: Да се создаде отпорно, иновативно и инклузивно деловно окружување (претприемачки екосистем) во коешто се поттикнуваат развојот на иновации и конкурентноста на МСП.

- **Подобрување на рангирањето во однос на Европската иновативна матрица**

| **2023** | **2027** | 2030 |
|---|---|---|
| **34** | **28** | 26 |
| Период на следење: | Среднорочно оценување | Финално оценување |

- **Вклучување на Северна Македонија во Глобалното рангирање во однос на конкурентноста (World Competitiveness ranking) кое го спроведување Меѓународниот институт за развој на менаџмент (IMD)**

| **2023** | **2027** | 2030 |
|---|---|---|
| **Нема податоци за МК** | **МК е влучена во рангирањето на IMD** | **Поместување од 3 позиции во однос на годината 2027** |
| Период на следење: | Среднорочно оценување | Финално оценување |

- **Зголемени трошоци за истражување и развој во БДП од страна на МСП**

| **2022** | **2027** | **2030** |
|---|---|---|
| **0,38 %** | **0,55 %** | **0,80%** |
| Период на следење: | Среднорочно оценување | Финално оценување |

- **Зголемено учество на МСП во извозот од 5% на 6% во 2030 год во однос на 2024**

| **2024** | **2027** | **2030** |
|---|---|---|
| **5%** | **5,5%** | **6%** |
| Период на следење: | Среднорочно оценување | Финално оценување |

**Посебна цел 1:** Подобрување на капацитетите на националниот екосистем за поддршка на МСП преку препознавање на потребите за нивен раст и развој со цел

оптимизација на поддршката за МСП (иновациска инфраструктура и трансфер на технологии и знаење)

**1.1 Број на поддржани капитални проекти во научно-истражувачка инфраструктура**

| 2023 | 2027 | 2030 |
|---|---|---|
| **0** | **1** | **3** |
| Период на следење: | Среднорочно оценување | Финално оценување |

**1.2 Број на поддржани МСП и старт-апови преку различни мерки**

| 2024 | 2027 | 2030 |
|---|---|---|
| **0** | **800** | **1500** |
| Период на следење: | Среднорочно оценување | Финално оценување |

**1.3 Број на поддржани институции за поддршка на бизнисот**

| 2024 | 2027 | 2030 |
|---|---|---|
| **20** | **60** | **120** |
| Период на следење: | Среднорочно оценување | Финално оценување |

**Посебна цел 2:** Поедноставување на правната и регулаторна рамка за МСП и зајакнување на соработката со државните институции (регистрација, даноци, добивање лиценци, и сл.)

**2.1. Индекс на политики за МСП (според ОЕЦД) - вкупен резултат во димензија 3: Институционална и регулаторна рамка за креирање политики за МСП**

| 2024 | 2027 | 2030 |
|---|---|---|
| **4.0** | **4.3** | **4.5** |
| Период на следење: | Среднорочно оценување | Финално оценување |

**Посебна цел 3:** Поголема промоција на претприемништвото, претприемачкото учење, извозните активности, стандардизацијата и добрите иновативни практики, како на национално, така и на регионално ниво.

### 3.1 Број на обучени вработени во МСП, вработени во организации за поддршка на бизнисот и консултанти за зајакнување на деловната конкурентност

| **2024** | **2027** | **2030** |
|---|---|---|
| **0** | **150** | **300** |
| Период на следење: | Среднорочно оценување | Финално оценување |

### 3.2 Раст на бројот на новоосновани МСП (стапка на пораст од 2% по период)

| **2023** | **2027** | **2030** |
|---|---|---|
| **1290** | **1.556** | **1.867** |
| Период на следење: | Среднорочно оценување | Финално оценување |

### 3.3 Зголемена додадена вредност од МСП во вкупната додадена вредност

| **2021** | **2027** | **2030** |
|---|---|---|
| **65,7%** | **67,0%** | **68,3%** |
| Период на следење: | Среднорочно оценување | Финално оценување |

## ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 2: Пристап до финансии

**Општа цел**: Обезбедување на правичен и поедноставен пристап на МСП до различни, одржливи и иновативни решенија за финансирање, овозможувајќи им да инвестираат во раст, иновации и конкурентност, истовремено поттикнувајќи ја отпорноста на динамични пазари.

- **Нето вредност на странски инвестиции во милиони евра**

| **2023** | **2027** | 2030 |
|---|---|---|
| **616,7** | **800** | 1.000 |
| Период на следење: | Среднорочно оценување | Финално оценвуање |

- **Вредност на средства кои се достапни преку фондови за ризичен капитал (во милиони евра)**

| **2024** | **2027** | 2030 |
|---|---|---|
| **27** | **35** | 50 |
| Период на следење: | Среднорочно оценување | Финално оценување |

**<u>Посебна цел 1:</u>** Подобрување на финансиската писменост кајмеѓу МСП и кај младите

**1.1 Подобрен индекс на финансиска писменост за сопствениците на МСП (модел на ОЕЦД/ЕК)**

| **2023** | **2027** | 2030 |
|---|---|---|
| 69/100 | **78/100** | 82/100 |
| Период на следење: | Среднорочно оценување | Финално оценување |

**<u>Посебна цел 2:</u>** Овозможување на поголем пристап до извори на финансирање (класични и алтернативни) за МСП (вклучувајќи и пристап до регионални и европски фондови)

**2.1. Вкупна вредност на средствата за финансирање на МСП од небанкарски, приватни, ЕУ фондови или останати извори (милиони евра)**

| **2024** | **2027** | 2030 |
|---|---|---|
| Нема податоци | **20** | 40 |
| Период на следење: | Среднорочно оценување | Финално оценување |

**2.2 Развиени грантови механизми наменети за МСП насочени кон зголемување на конкурентноста, зелена и дигитална транзиција финансирани од фондовите на ЕУ**

| **2024** | **2027** | 2030 |
|---|---|---|
| 0 | **5** | 12 |
| Период на следење: | Среднорочно оценување | Финално оценување |

**<u>Посебна цел 3:</u>** Зголемена дигитализација на финансиските инструменти и усогласување со добрите практики и регулатива на Европската Унија и другите финансиски пазари

**3.1 Зголемување на бројот на потпишани договори за грантови/проекти за МСП од програмите на ЕУ и другите фондови**

| **2024** | **2027** | 2030 |
|---|---|---|
| Нема поатоци | **100** | 210 |
| Период на следење: | Среднорочно оценување | Финално оценување |

## ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 3: Зелена и дигитална транзиција

**<u>Општа цел:</u>** Да се поддржат МСП во усвојување одржливи практики и интегрирање напредни дигитални технологии, овозможувајќи им подобрување на конкурентноста, намалување на негативното влијание врз животната средина и усогласување со глобалните трендови кон позелена и поиновативна економија.

- **Зголемување на индексот на раст од дигиталната технологија согласно Индексот за дигитална економија и општество (DESI)**

| **2023** | **2027** | 2030 |
|---|---|---|
| 4.0 | **5.3** | 6.7 |
| Период на следење: | Среднорочно оценување | Финално оценување |

- **Удел од производите и услугите од ИКТ секторот во БДП**

| **2022** | **2027** | **2030** |
|---|---|---|
| **3,5%** | **5%** | **6,7%** |
| Период на следење: | Среднорочно оценување | Финално оценување |

**<u>Посебна цел 1:</u>** Воспоставување на регулаторна рамка која ќе овозможи поголема примена на дигиталните алатки во комуникацијата со Владата со што ќе се зголеми ефикасност при издавањето на документи и поднесувањето на барања до институциите.

**1.1 Усвоена дигитална платформа / решение со цел да се зголеми ефикасноста на комуникацијата помеѓу претприемачите и владата**

| **2024** | **2027** | 2030 |
|---|---|---|
| 0 | **1** | 1 (ажурирана верзија) |
| Период на следење: | Среднорочно оценување | Финално оценување |

**<u>Посебна цел 2:</u>** Подигнување на свеста на претприемачите од воведување на стандарди со кои ќе допринесат за почиста средина и поголема одржливост на нивните бизнис преку примена на циркуларната економија.

**2.1 Број на спроведени национални кампањи на тема подигање на свеста кај претприемачите за дигитална и зелена транзиција**

| **2024** | **2027** | 2030 |
|---|---|---|
| 0 | **10** | 20 |
| Период на следење: | Среднорочно оценување | Финално оценување |

**2.2 Број на обучени компании за имплементација на еколошки стандарди во нивното работење**

| **2024** | **2027** | 2030 |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 0 | **200** | 450 |
| Период на следење: | Среднорочно оценување | Финално оценување |

**<u>Посебна цел 3:</u>** Поголема примена на дигиталната трансформација кај МСП, преку обезбедување на институционална поддршка и финансиски средства за спроведување на конкретни мерки.

**3.1 Воведување грант шема за воведување дигитални услуги и технологии за МСП**

| **2024** | **2027** | 2030 |
|---|---|---|
| 0 | **1** | 2 |
| Период на следење: | Среднорочно оценување | Финално оценување |

**3.2 Број на компании што користат грантови или ваучери за воведување стандарди за животна средина или енергетска ефикасност**.

| **2024** | **2027** | 2030 |
|---|---|---|
| 20 | **50** | 100 |
| Период на следење: | Среднорочно оценување | Финално оценување |

Стратегијата не вклучува само индикатори за влијание, туку и индикатори на ниво на исходи поврзани со специфични цели, како и индикатори за поединечни мерки и активности. Овие индикатори даваат подетални информации, но истите може да се прилагодуваат за време на процесот на следење и оценување. Индикаторите ќе се прегледуваат на секои три години. Заради тоа, овие индикатори не се вклучени во интегралниот текст на стратегијата, туку се претставени во Акцискиот план.

Претставените индикатори ќе го олеснат редовното следење на напредокот, ќе поддржат донесување одлуки брз основа на докази, и ќе обезбедат рани знаци за сите потребни прилагодувања на политиките. Без сигурни податоци и структуриран систем за следење на излезите, исходот и влијанието, стратешките цели се под ризик да останат само декларативни, а не трансформативни.

Неопходен е сериозен и систематски пристап кон следење и оценување, за да се обезбеди сигурност дека стратегијата е динамична, прилагодена на националните развојни приоритети, и одговара на потребите. Само преку конзистентна проценка и прилагодување може да се постигнат и одржат планираните влијанија.

## 7. Управување со ризици

Управувањето со ризиците е клучно во спроведувањето на документите за политиките од неколку причини, бидејќи обезбедува постигнување на предвидените резултати со минимизирање на можните негативни влијанија. Со воспоставување систем за управување со ризици (и систем за рано предупредување), кој ќе биде составен дел од системот за следење и оценување, ќе се придонесе за превенирање на политиките и активирање на мерки за ублажување за надминување на потенцијалните и тековните ризици. Ова ќе ја зголеми ефикасноста на политиките, ќе ги поддржи процесите на донесување одлуки, ќе овозможи ефикасно планирање на финансиските ресурси и ќе обезбеди навремено спроведување на активностите и акцискиот план.

Врз основа на анализите спроведени за време на подготовката на оваа Стратегија, како и студиите, истражувањата и извештаите од меѓународните организации, невладините организации, академскиот сектор и други релевантни извори, идентификувани се неколку потенцијални ризици кои би можеле да влијаат на успешното постигнување на очекуваните резултати на стратегијата.

Овие ризици ја нагласуваат важноста од воспоставување и спроведување на проактивни мерки за ублажување, со цел да се обезбеди не само постигнување, туку и одржување на стратешките цели на долг рок. Во табелата подолу, Табела 4, се разгледуваат идентификуваните ризици, нивната веројатност за појава и можните влијанија, како и сеопфатната рамка дизајнирана за ефикасно управување и минимизирање на нивните ефекти. Преку искористување на увидите од широк спектар на засегнати страни, стратегијата има за цел да ги надмине предизвиците, притоа одржувајќи ја посветеноста кон унапредување на отпорен и просперитетен сектор на МСП.

*Табела 4: Идентификувани потенцијални ризици и мерки за ублажување*

| Ризик | Веројатност за појава на ризик | Влијание на ризикот врз постигнувањето на целите | Мерки за ублажување на ризикот |
|---|---|---|---|
| **Недостаток на институционални човечки ресурси и недостаток на капацитети за спроведување на стратегијата** | **Среден** | **Среден** | Назначувањето на релевантни претставници на засегнатите страни со цел поддршка на спроведувањето на стратегијата е од клучно значење. Во некои институции едно лице може да биде доволно, додека во други може да има неколку лица вклучени во процесот. Од друга страна, исто така, нивните капацитети треба редовно да се зајакнуваат со цел да одговорат на бараните предизвици. Ова значи учество на релевантни работилници, конференции, студиски посети, нивно вклучување во процесите на |

| Ризик | Веројатност за појава на ризик | Влијание на ризикот врз постигнувањето на целите | Мерки за ублажување на ризикот |
|---|---|---|---|
| | | | проценка на споредливи показатели и други активности. |
| **Недоволни активности за подигнување на свеста поврзани со содржината на стратегијата** | **Среден** | **Среден** | Стратегијата треба да биде поддржана од сите засегнати страни вклучени во процесот, од одговорните за нејзино спроведување до крајните корисници. Од клучно значење е да се развие сеопфатна комуникациска стратегија која обезбедува јасно ширење на реформските цели, придобивките и деталите за имплементација до сите засегнати страни. Ова може да се постигне преку насочени кампањи за информирање, информативни материјали и интерактивни сесии, како што се работилници или вебинари, наменети за ангажирање и едукација на јавноста и релевантните засегнати страни. Транспарентните канали за комуникација и редовното ажурирање, исто така, ќе играат важна улога во градењето доверба и поттикнувањето на поддршката за реформата. |
| **Недостаток на неопходна финансиска поддршка за спроведување на предвидените активности и мерки** | **Висок** | **Висок** | Јасното утврдување на трошоците и нивно усогласување со изворите на финансирање може да го подобри финансиското планирање. Исто така редовни прегледи за спроведувањето на стратегијата треба да се презентираат пред Владата, заедно со план за финансирање за следниот период. Одржувањето редовни состаноци со донаторската заедница и други меѓународни партнери, како и презентирањето на идните планови во однос на спроведувањето, може да резултира со подобра координација и потенцијално доделување дополнителни средства од нивните ресурси за реализација на потребните активности. Сите овие |

| Ризик | Веројатност за појава на ризик | Влијание на ризикот врз постигнувањето на целите | Мерки за ублажување на ризикот |
|---|---|---|---|
| | | | активности можат да придонесат за намалување на финансискиот јаз и потенцијално обезбедување на соодветни средства за спроведување на стратегијата, нејзините програми и мерки. |
| **Одложена имплементација** | **Висок** | **Среден** | Одложувањата во спроведувањето може значително да го поткопаат успехот и влијанието на реформите. За справување со овој ризик, неопходно е воспоставување на јасни временски рамки со мерливи клучни фази и постојано следење на напредокот преку проверени практики за управување со проекти. Треба да се воведе редовно известување и механизми за отчетност за обезбедување почитување на роковите. Дополнително, идентификувањето и решавањето на потенцијалните тесни грла на време, заедно со планирање за непредвидени ситуации, може да помогне во намалување на одложувањата. Подобрувањето на координацијата меѓу засегнатите страни и обезбедувањето на соодветни ресурси навремено дополнително ќе го поддржат ефикасното и навремено спроведување на стратегијата. Конечно, одржувањето на одговорноста на засегнатите страни за нивните задачи е клучно за поттикнување на спроведувањето. |

| Ризик | Веројатност за појава на ризик | Влијание на ризикот врз постигнувањето на целите | Мерки за ублажување на ризикот |
|---|---|---|---|
| **Глобални кризи, шокови и ризици** | **Мал** | **Среден** | Глобалните кризи, како пандемии, геополитички конфликти или природни катастрофи, можат сериозно да го нарушат националниот буџет и да предизвикаат потреба од негова пренамена, што може да влијае на спроведувањето на стратегијата и активностите. Една од мерките за ублажување на овој ризик е приоритизирање на активностите од клучно значење, со цел тие да се спроведат прво, а останатите да се реализираат по завршувањето на кризата. |
| **Несоодветна стратегија за СОИ** | **Среден** | **Среден** | Недостатокот на стабилни системи за следење и оценување на спроведувањето на стратегијата го ослабува севкупниот нејзин ефект. За да се спречат потенцијални неуспеси, важно е да се преземат следните мерки:<br>• Дефинирање на специфични клучни индикатори за успешност врзани за стратешки цели.<br>• Поставување на мерливи цели со временски рокови и клучни фази.<br>• Доделување задачи и одговорност за секој индикатор или цел.<br>• Именување на лице(а)/оддел што редовно ќе го следи спроведувањето и ќе подготвува извештаи во врска со напредокот. За ова може да де користи и подизведувач, што ќе бара дополнителни финансиски ресурси, но ќе обезбеди транспарентност и објективност во целокупниот процес. |

| Ризик | Веројатност за појава на ризик | Влијание на ризикот врз постигнувањето на целите | Мерки за ублажување на ризикот |
|---|---|---|---|
| | | | • Спроведување редовни обуки за лицата одговорни за следење на процесот на спроведување |
| **Недоволна спремност за промени од аспект на недостоток на капацитети (број навработените) во институциите** | **Среден** | **Висок** | Отпорот кон промените и недоволната посветеност на вработените можат значително да го попречат успешното спроведување на стратегијата. За да се надмине ова, потребно е да се поттикне култура на отвореност и инклузивност преку активно вклучување на вработените во процесот на реформи и осигурување дека нивните ставови се слушнати. Јасна комуникација за целите, придобивките и влијанието на реформите може да помогне во намалување на загриженоста и градење доверба. Обезбедување на програми за обука кои ќе ја зголемат подготвеноста на вработените за промени, заедно со стимулативни мерки и признанија за нивниот придонес, дополнително ќе ја зголемат нивната ангажираност и посветеност. Лидерството мора да игра активна улога во поставување пример и демонстрирање на важноста на реформите за успехот на организацијата. Секако, клучен услов за сето ова кажано е да бидат пополнети сите работни позиции со соодветен кадар. |
| **Промена на клучниот персонал во рамките на работната група и/или водечките институции** | **Среден** | **Мал** | Промените на персоналот во рамките на институциите но и во МЕТ, како и други директно вклучени носители на одлуки, може да доведе до доцнење во спроведувањето на стратегијата.<br><br>За да се ублажи овој ризик, важно е да се идентификуваат критичните улоги и да се изработи план за |

| Ризик | Веројатност за појава на ризик | Влијание на ризикот врз постигнувањето на целите | Мерки за ублажување на ризикот |
|---|---|---|---|
| | | | наследување за секоја позиција, особено на ниво на работната група. |

# 8. Референци


- {COM(2020) 641 final}, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2020-10/green_agenda_for_the_western_balkans_en.pdf
- {SEC(2008) 2101} {SEC(2008) 2102}, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52008DC0394
- COM (2021) 350/2, https://commission.europa.eu/document/download/9ab0244c-6ca3-4b11-bef9-422c7eb34f39_en?filename=communication-industrial-strategy-update-2020_en.pdf
- COM(2019) 640 final, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=CELEX:52019DC0640
- COM(2023) 535 final, https://single-market-economy.ec.europa.eu/document/download/8b64cc33-b9d9-4a73-b470-8fae8a59dba5_en?filename=COM_2023_535_1_EN_ACT_part1_v12.pdf
- COM(2023) 62 final, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52023DC0062
- COM(2023) 691 final, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/document/download/8f5dbe63-e951-4180-9c32-298cae022d03_en?filename=COM_2023_691_New%20Growth%20Plan%20Western%20Balkans.pdf
- COM/2020/103; https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52020DC0103
- https://commission.europa.eu/funding-tenders/find-funding/eu-funding-programmes/single-market-programme_en
- https://commission.europa.eu/law/law-making-process/evaluating-and-improving-existing-laws/refit-making-eu-law-simpler-less-costly-and-future-proof_en
- https://commission.europa.eu/law/law-making-process/planning-and-proposing-law/better-regulation_en#documents
- https://commission.europa.eu/news/once-only-principle-system-breakthrough-eus-digital-single-market-2020-11-05_en
- https://data.consilium.europa.eu/doc/document/PE-80-2024-INIT/en/pdf
- https://digital-strategy.ec.europa.eu/en/policies/europes-digital-decade
- https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/01/Nacionalna-strategija-DKSK-KONECNA.pdf
- https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/fr/memo_11_109
- https://ec.europa.eu/eurostat/web/microdata/community-innovation-survey
- https://economy.gov.mk/content/documents/Web%20strana%20zabeleshki%20od%20Agencija%20za%20primena%20na%20jazikot%20na%20RSM%2007.07.2021.pdf
- https://een.ec.europa.eu/
- https://eismea.ec.europa.eu/programmes/single-market-programme/support-smes_en
- https://ener.gov.mk/PublicDocuments/%D0%9D%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0%20%D0%98%D0%9A%D0%A2%20%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%202023%20-2027%20%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0%20-%20%D0%94%D1%80%D0%B0%D1%84%D1%82_%D0%9D%D0%B0%D1%86%D1%80%D1%82_id=46_version=1.pdf
- https://entrecomp360.eu/toolbox/entrecom4all/
- https://eufordigital.eu/discover-eu/eu-digital-strategy/
